# Г Р Ч К А Т А К О Л О Н И З А Ц И Ј А В О Е Г Е Ј С К А М А К Е Д О Н И Ј А В О П Е Р И О Д О Т М Е Ѓ У Д В Е Т Е С В Е Т С К И В О Ј Н И

Магистериски труд
на Стојан Кисилиновски

# У В О Д

Балканските војни (1912-1913) со Лондонскиот и Букурешкиот мировен договор ја запечатија судбината на Македонија Ако со Букурешкиот мировен договор (1913), Македонија беше поделена и поделбата потврдена по Првата светска војна (1914-1918 со Нејскиот мировен договор, сепак македонскиот народ не престана да живее компактно и во големо мнозинство во Егејска, Вардарска и Пиринска Македонија и етнографски да биде една целина од Шар Планина до Ефејско Море и реката Бистрица и од Преспанските Езера до Западните Родопи и реката Места.

Во такви сложени услови за македонскиот народ, балканските буржоазии и држави во чии територии влегоа делови од Македонија, се стремат да го решат дефинитивно македонското национално прашање преку колонизација, со разбивањето на етнографската целина на македонскиот народ, така што политичките граници на Грција и Кралството СХС да се совпаднат со етнографските граници на овие држави. Оваа политика на колонизирање имаше как крајна цел "... таму каде Србите биле отсутни и Грците биле во апсолутно малцинство "[1] да го задушат автохтоното македонско население. За да се постигне оваа цел, балканските буржоазии, покрај националното угнетување и забрана на секакво јавно појавување на македонски национални чувства, со новата политика за колонизирање - почната веднаш по Букурешкиот мировен договор, сакаа да го сменат етнографскиот лик во Македонија и со тоа се симнуваше природно од дипломатската сцена и македонското национално прашање. "Можеби во минатот постоеше, изјавуваше тогашнио

министер за надворешни работи на Кралството СХС Нинчиќ, едно малцинство, но денеска не постои. Не постои Македонија туку Јужна Србија..."[2]. Една слична изјава даваше и лидерот на Либералната партија на Грција Елефтерос Венизелос дека постои само Северна Грција и Македонија е веќе Грција . "Нема македонско прашање, изјавуваше Венизелос по тој повод. Нема македонски народ. Во Македонија има Грци, Срби и Бугари..."[3]. Овој начин (преку колонизација) за решавање на македонското прашање не беше специфичен само за периодот по 1913 година, кога Македонија падна под директна политичка управа на Грција, Србија и Бугарија. Ако во периодот по 1878 година и српското кралство се преориентира кон Македонија и Косово и сакаше да ги постигне своите цели априори со една политика на српска пенетрација во Македонија, бугарското и грчкото кралство не се стремеа кон колонизирање на бугарски и грчки елементи, туку единствено врз основа на веќе стекнатите позиции (врз основа на црковната припадност) и преку тоа на создавање на "внатрешна" духовна колонизација со грчка или бугарска свест кај македонското егзархиско и патриаршиско население. Но отпорот кај македонскиот народ ја принуди Грција да ја прифати политиката за колонизирање на грчки елементи во Македонија како најефикасна, сигурна и трајна политика. Оваа политика на балканските држави (Грција и Србија) почна систематски да се спроведува веднаш по Првата и Втората балканска војна. Резултатите на ова задолжително колонизирање во Македонија (Егејска и Вардарска) биле различни во Грција и Србија. Ако во Кралството СХС и покрај желбите на државните фактори, политиката на колонизирање не постигна големи размери (со масовна колонизација), во Грција - по Малоазиската катастрофа

(1922 година), беше колонизирана во Егејска Македонија голема бегалска христијанска маса, што ке има влијание не само врз менувањето на етнографскиот лик во Егејска Македонија, туку ке има големо влијание врз самото македонско национално прашање во неговата национална целина. Оваа политика на колонизирање во Македонија не беше единствено решена преку внатрешна колонизација (главно специфична за Вардарска Македонија), туку по силата на Нејскиот и Лозанскиот мировен договор и преку масовно колонизирање на населението дојдено од странство, со што етнографскот лик на Балканот- создаден со нормалниот и природен тек, беш прекинат и беше наметнат друг не само историски,туку и етнографски развиток. Во склопот на оваа општа балканска политика на колонизирање, грчката колонизација зема посебно место по нејзиниот интензитет, масовност и посебно по нејзините резултати и последици за македонскиот народ. Методите на грчката колонизација за кои зборува Wurfbain Andre[5],Devedji A[6] i Charles B. Eddy[7] биле применувани во пракса во периодот меѓу двете светски војни Од друга страна грчката политика на колонизирање во Егејска Македонија се разликува од српската политика за колонизирање и по фактот дека таа создаде еден опасен историски преседан. Ако српското кралство политиката за колонизирање ја спроведуваше главно без масовно претходно протерување на македонското население,грчката колонизација се одвиваше со претходно протерување или физичко ликвидирање на македонското население од Егејска Македонија. Со тоа единствено грчката држава и грчката буржоазија постигна сигурни резултати во Македонија (Егејска Македонија) што суштински, етнографски го смениле национални-

от (македонски) лик во Егејска Македонија и грчкиот елемент за прв пат да стигне до Гевгелија и Преспанските Езера.

Оваа грчка внатрешна колонизација (со внатрешен и надворешен колонизаторски елемент) што се одвиваше во периодот 1919-1928 година е всушност и предмет на овој труд. Процесот на грчката колонизација во Егејска Македонија не може да биде одвоен од миграционите движенија што настанаа во Егејска Македонија во периодот од 1913-1928 година.Овие два процеса (миграцијата на македонското и колонизирањето на грчкото население) одеа симултано. Првиот процес (миграција) му претходеше на вториот (колонизацијата). Периодот од 1913-1915 година беше период на припремање за колонизирање на Егејска Македонија. Политичката нестабилност во Балканот и Европа не ѝ дозволуваше на грчката држава да спроведе една трајна политика за колонизирање во периодот 1913-1915 година. После Првата светска војна и особено по мировните договори во Париз (1919) Грција полнува да ја остварува нејзината политика за колонизирање на Егејска Македонија.

При обработката на грчката колонизација во Егејска Македонија наидовме на повеќе тешкотии. Главната од нив произлегуваше од недостапноста на грчките архиви во кои секако се кријат драгоцени податоци кои би овозможиле уште по аргументирано презентирање на целокупниот процес на грчката колонизација во Егејска Македонија. Во отсуство на многубројни изворни архивски материјали, ние обрнавме внимание на архивските материјали што постоеја во Архивот на Македонија и на било каков начин се врзани со грчката колонизација во Егејска Македонија. Во тој однос од посебна корист ни беше фондот на Македонскиот Национален Комитет

тет, фонд на Адреја Чипов и фондот на Димитар Влахов. Користејќи ги овие фондови добивме податоци "за доброволното " иселување на македонското население , начинот како беше колонизирано христијанското население по македонските села во Егејска Македонија, односот на грчките власти спрема македонското население, и за националната структура на колонизираното население. Вредни подстоци добивме исто така со анкетирање на лица што биле сведоци во периодот на колонизирањето на грчкото население во Егејска Македонија и денеска живејат во СР Македонија (Скопје), Чехословакија (Ново -Бохуми) и Грција (Леринско). Нивните изјави ни се од голема важност и особено кога станува збор за формите на отпорот на македонскиот народ во текот на грчката колонизација во Егејска Македонија . Посебно внимание обрнавме и на публикуваните извори што се во врска со грчката колонизација во Егејска Македонија и даваат важни податоци за неа. Тоа се во прв ред официјалните статистики на грчката држава и посебно статистиката за попис на населението во Грција од 192о-1928 година, што се публикувани во неколку тома. Само статистиката за попис на населението во Егејска Македонија од 1928 година ни дава важни податоци за бројот, за територијалното потекло и за професионалната структура на колонизираното население во Егејска Македонија.Но оваа статистика има и слабости. И тоа од една страна не ја признава (дава) точноста на националната структура на населението,а од друга страна ја намалува бројноста на македонското и други малцинства што живееле пред и по балканските војни во денешна Егејска Македонија. За прашањето на колонизацијата во Егејска Ма-

кедонија нема објавен посебен труд. Затоа ние ја прегледавме француската, бугарската, грчката и македонската историска литература, која било на кој начин го третира проблемот на колонизацијата и која ја дадовме на крајот на прегледаната и користен литература. Сепак она што е пишувано, како по содржина и по третман на проблемот, има по друг карактер и повеќе бил мотивиран од политички побуди отколку научни. Поради тоа се наметнува потреба да дадеме накусо оценка на најважната литература посветена на грчката колонизација и користена за пишувањето на овс труд. Тие трудови се:

Societe des Nations, L'etablissement des Refugies en Grece, Geneve,1926. Книгава беше публикувана од страна на Друштвото на народите. Има вредност поради фактот што грчката колонизација во Егејска Македонија се одвиваше под покровитество на Друштвото на народите. Таа е значајна поради точноста на бројките (бројноста на колонизираното население и иселеното население), но има слабости и тоа во начинот на интерпретацијата и начинот на презентирањето на грчката колонизација. Поради оваа изразита грчка наклоност, оваа книга губи многу од нејзината вредност.

Jacques Ancel, La Macedoine, Paris,1930. Жак Ансел патувал во Македонија и бил сведок во периодот на колонизирање на грчкото население во Егејска Македонија. Во неговата книга е прикажана колонизацијата во трите дела на Македонија (Егејска, Вардарска и Пиринска). Делот што се однесува за грчката колонизација во Егејска Македонија е опфатен периодот од 1919-1928 година. Книгата на Жак Ансел е про-

грчки настроена. Тој грчката колонизација ја оправдува и ѝ придава цивилизаторска улога и тоа во периодот кога грчката влада носеше една вистинска политика на геноцид спрема македонското, влашкото и еврејското население од Егејска Македонија.

Покрај прегледаната литература, ние обративме посебно внимание на печатот што ни беше значаен и особено внимание обративме на весниците: "Ризоспастис", "Македонско дело", "Балканска федерација" и др. Со тоа имавме можност појасно да ги разбереме целите на грчката колонизација, како и нивните национални, економски и психолошки последици за македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија.

# ГЛАВА ПРВА

## ОСВРТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ДЕНЕШНА ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ВО ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК (1900-1913)

Населението што живееше во Македонија беше различно по неговото потекло (Македонци, Турци, Грци, Евреи и др.), по црковна припадност (егзархисти, патријаршисти, муслимани, јудеи), и по бројност. За неговата бројност и националната припадност на населението што живееше во Македонија односно Егејска Македонија постои обемна и разновидна литература.

Соседните балкански држави со желба да ги оправдаат своите територијални претензии спрема Македонија, ја користеле историската наука како силен аргумент со кој ги оправдуваа своите историски, национални и правни интереси на соседните балкански држави во однос на Македонија. Интелектуалните сили на овие балкански држави беа ставени во служба за докажувањето на божемниот грчки, српски и бугарски карактер на Македонија. Но заради различните државни интереси на претендентите на Македонија, статистиките што биле создадени за докажувањето на бројнота и националната структура на населението во Егејска Македонија, беа многу различни и секогаш контрадикторни. Критикувајки ја научноста на балканските статистики Wurfbain André констатира дека тие се "... намерно фалсификувани".[8] Сепак постои една историска вистина, една реалност, што во поголема или помала мера треба да биде присутна. Тоа што се забележува во статистиките за националната структура на населението во Македонија и Егејска Македонија е

разликата на теоретските принципи што стојат во темелот на грчките, српските или бугарските статистики.

Ние ке ги прегледаме и ке се обидеме да извлечеме заклучоци, не врз основа на слепо прифаќање на еден или друг заклучок (Васил Кнчов или Јован Цвијиќ), туку ке се обидеме врз основа на научноста на употребуваните принципи што ги користеле за докажувањето на грчкиот, бугарскиот или српскиот карактер на Македонија, да се доближиме до реалната етнографска состојба во Егејска Македонија. Ова е самиот можен и логичен начин да се доближиме до една мината историска реалност и да се доближиме макар до релативната историска вистинитост.

Бугарските историчари, како Васил Кнчов, со неговата позната книга " Македонија - етнографија и статистика" (Софија 1900), и D.M.Brancoff со книгата "La Macedoine et sa population chretienne" публикувана во Парис во 1905, професорот Јордан Иванов и Владимир Руменов [9], секако имаа големо влијание во научниот свет и нивите дела не ретко се употребуваа за докажувањето на бугарскиот карактер на Македонија и денешна Егејска Македонија.

Ние ке се обидеме да ги анализираме трудовите на Васил Кнчов и D.M.Brancoff зашто етнографските податоци на овие двајца научници се сметаат како најверодостојни и од другите бугарски историчари што не прават друго, туку да ја потврдат етнографската состојба на Македонија цитирајки или земајки ги како мериторен доказ.

Статистиката на Васил Кнчов за етнографската состојба во Егејска Македонија не е основана врз база на цков-

ната припадност или јазичната припадност според јазикот во наставата (грчки, бугарски и српски), туку според јазичната припадност во семејството. Затоа за К'нчов, куќата, по бројност и јазик, е основниот елемент за определување на населението за една или друга националност.

Според К нчов, состојбата по бројност и народност на христијанското егзархиското и патриаршиското население со говорен македонски јазик, македонско-муслиманско население со македонски говорен јазик и грчко христијанско и муслиманско население со грчки мајчин јазик, како и другото христијанско население со влашки или албански говорен јазик беше следното во денешна Егејска Македонија во почетокот на XX век:

Националната структура на населението во Егејска Македонија во почетокот на XX век (19оо).

| Каза | Бугари | Грци | Власи | Албанци | Евреи | Роми | Разни |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Солунска | 27.164 | 39.761 | - | - | 55.ооо | 3.553 | 8.5оо |
| Берска | 6.267 | 14.976 | 7.89о | - | 5оо | 1.7оо | - |
| Енице Вардар | 36.959 | 25.ооо | 274 | - | 9о | 1.827 | 6о |
| Воденска | 33.779 | - | 43о | - | - | 873 | - |
| Дојранска | 1о.888 | - | - | - | 16о | - | 1.о84 |
| Кукушка | 21.468 | - | - | - | - | 1.785 | - |
| Лагадинска | 1о.15о | 9.о7о | - | - | 15о | 1.о25 | - |
| Серска | 4о.536 | 28.665 | 1.8оо | 37 | 2.5оо | 4.563 | - |
| Зхненска | 16.92о | 14.оо5 | 71о | 37 | - | 1.2о5 | - |
| Демир-Хисар | 32.о4о | 35о | 2.165 | - | - | 1.575 | - |

| Каза | Бугари | Грци | Власи | Албанци | Евреи | Роми | Разни | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Драмска | 19.594 | 4.6oo | 1.27o | - | 15o | 3.613 | - | |
| Правешка | 5oo | 7.2oo | - | - | - | 1.616 | - | |
| Кавалска | 2.71o | 3.7oo | - | - | 4oo | 1.o85 | 2oo | |
| Сари-Шабан | 18o | 2oo | 15o | - | - | 6o5 | - | |
| Леринска | 37.781 | - | 3.424 | 4.344 | 2o | 2.746 | - | |
| Костурска | 51.123 | 9.59o | 4.28o | 75o | 4.344 | 1.1oo | - | |
| Кајларска | 7.916 | 1.8oo | 1.73o | - | - | - | - | |
| Света Гора | 1.1oo | 4.5oo | 2.5oo | - | - | - | - | |
| Анаселичка | 1.215 | 3o.47o | 534 | - | - | 34o | - | |
| Касандра | - | 3o.359 | - | - | - | - | - | |
| Кожанска | - | 9.913 | 3oo | - | - | 2oo | - | |
| Гребенска | - | 18.558 | 9.22o | 15o | - | 27o | - | 1o. |
| Вкупно: | 357.666 | 218.774 | 33.597 | 9.3o5 | 61.259 | 27.834 | 9.45o | |

Од горенаведената статистика произлегува дека од вкупно 22 кази на Егејска Македонија, 12 биле населени со македонско население наречено бугарско, но со различна црковна припадност (егзархисти, патриаршисти,муслимани), шест биле населени со население од грчко потекло и исто така со различна црковна припадност (патриаршисти и муслимани), влашко, патриаршиско и муслиманско население и т.н.

До исти заклучоци за структурата на населението во денешна Егејска Македонија стигна и D.M. Brancoff . Тој, како и Васил К'нчов, го употребува принципот на јазикот како елемент за определување, давајки една поширока содржина, проширувајки му ја вредноста и носи во себе исто така точност и објективност. Ако во статистиката на Васил К нчов, населението се определуваше според јазикот, го опфаќа населението што им припаѓа на двете основни христијански цркви (егзархисти и патриаршисти) и муслиманска ( од словенско и турско потекло),

D.M.Brancoff го употребува јазикот како елемент за определување на една или друга народност, но ја проширува црковната припадност, опфаќајки во рамките на христијанската вера не само егзархиската, туку и католичката, протестантската и патриаршиската црковна припадност со српски или грчки белег. Почитувајќи ги овие принципи D.M. Brancoff сметал дека националната структура на населението во денешна Егејска Македонија беше следната пред белканските војни:

Националната структура во Егејска Македонија

според D.M.Brancoff :

| Каза | Бугари | Грци | Власи | Албанци | Роми |
|---|---|---|---|---|---|
| Кукушка | 29.752 | - | 1o2 | - | 114 |
| Дојранска | 8.432 | - | - | - | 36o |
| Еници-Вардарска | 37.136 | 5 | - | - | - |
| Леринска | 43.488 | 11o | 3.354 | 2.8o8 | 422 |
| Кајларска | 1o.68o | 1.5oo | 1.45o | - | 18o |
| Костурска | 57.4oo | 11.o75 | 6.122 | - | 12o |
| Демир Хисар | 33.738 | 28o | 1.362 | - | 198 |
| Воденска | 37.136 | - | 144 | - | 27o |
| Лагадиска | 14.788 | 9.83o | - | - | - |
| Серска | 47.56o | 28.543 | 2.886 | 54 | 2.7oo |
| Зхненска | 21.232 | 17.48o | 432 | - | 3.o48 |
| Драмска | 11.o16 | 3.89o | 1.914 | 42 | - |
| Солунска | 33.12o | 37.265 | 9oo | 9o | 6o |
| Берска | 7.441 | 11.145 | 7.22o | - | 85o |

| Каза | Бугари | Грци | Власи | Албанци | Роми |
|---|---|---|---|---|---|
| Кавалска | - | 3.700 | - | - | 40 |
| Правешка | 440 | 7.510 | - | - | 1.200 |
| Сари Шабанска | 180 | 175 | 150 | - | - |
| Света Гора | 515 | 1.274 | 115 | - | - [11] |
| Вкупно: | 382.034 | 123.182 | 26.151 | 2.924 | 9.542 |

Но ако се приклучат и традиционално грчките кази од Егејска Македонија, како Касандра (21.925), Кожани (18.220), Анаселичка (21.755) и Гребенската, каде живееше во мнозинство грчко население, состојбата на населението што ја дава D. M. Brancoff за Егејска Македонија главно се приближува до статистиката на Васил К нчов со мали и небитни разлики. Така на пример кај Васил К нчов македонското население изнесуваше 357.666 а грчкото население 218.774. Според Д.М. Бранков македонското население изнесуваше 382.034, а грчкото население изнесуваше 185.082 лица.

Владимир Руменов исто така му дава предност на македонското население што исто така го наречува бугарско во однос на сите други малцинства во денешна Егејска Македонија. Според Владимир Руменов, Македонците преставувале 31,30% или 39.369, Турците 30% или 314.854, Грците 23,3% или 245.251, Власите 1,4%, или 44.414, Ромите 25.308, Евреите 68.206, Албанците 15.108 и 8.016 различно население.[12]

Како што видовме погоре, принципот што го употребувале бугарските научници за разлика од грчките, е јазикот како елемент за определување. Македонците под егзархиска црковна припадност, по патриаршиска црковна припадност со "бугарски јазик",

биле сметани за Бугари. Овој принцип да биде сметан народ од исто потекло, со ист јазик, но различна црковна припадност да припаѓа на ист етнос, не е само научен, туку точен и логичен. Унгарскиот народ е единствен и ако по црковната припадност тие се било католици било протестанти. Баварските Германци се католици но не им пречи да бидат исто така германци како северните протестантски Германци. Бугарската држава не малку беше заинтересирана за Македонија. Овој бугарски великодржавен интерес го заштитуваше и бугарската историска наука. Затоа кај бугарските историчари има и неточности и јазикот што го зборувале Македонците тие го сметале бугарски и со тоа и населението беше сметано за бугарско.

Основната грешка на Васил К'нчов и други се состои во тоа дека македонскиот јазик го сметале за дел од бугарскиот. Никој не негира и ќе биде антинаучно да се негира дека не постоеле и не постојат заеднички елементи со бугарскиот јазик и народ. Но исто така македонскиот јазик има заеднички елементи и црти и со српскиот јазик. Ова зближување е природно поради заедничкото словенско потекло и не треба да се извлекуваат политички а не научни заклучоци. И Украинците имаат многу општи црти со Русите без никој да ги смета за Руси. Белорусите исто така се блиски со Русите, но никој денеска не им го оспорува самостојното постоење како различен народ од Русите и Украинците. Иста е и положбата на словачкиот јазик и народ со чешкиот народ и јазик. Заеднички особини, заедничка историја во минатото, словачкиот како македонскиот народ и јазик, ги негуваше во себе и тие посебни национални белези што му го гарантираа објективно посто-

ење, истите му даваат морално и историско право да се смета посебна нација и народ. Затоа К.П.Мисирков се залагаше за зачувањето на тој народен, небугарски јазик што Бугарите го нарекувале бугарски и што беше присутен само во просветата и егзархиската црква, а не и во секондневното: во куќа, свадба, седенка, пазар итн.

Ако од една страна бугарските научници за докажувањето на бројноста на еден елемент врз другиот, врз основа на јазикот што се зборувал во куќата е точна, од друга страна прават еден компромис со великобугарската политика, сметајќи го македонскиот јазик бугарски и со тоа и македонскиот народ како дел од бугарскиот народ. Затоа кога станува збор за бугарскиот народ во Македонија односно Егејска Македонија, нема етнографски или национален карактер, туку само политички и дека реално под тој збор се крие друга националност, со иста и точна бројност што ја даваат, но со македонски карактер. Со употребувањето на јазикот како елемент за определување со соодветните научни оградувања за бугарскиот карактер на македонскиот јазик и бугарската народност во Македонија, тие сепак се доближуваат повеќе до историската вистиност и даваат една пореална слика за етнографскиот лик на денешна Егејска Македонија.

Странските научници го прифатиле ова гледиште. Leon Lamouche забележува дека статистиката на Васил К'нчов"... се доближува многу до вистината".[13] Според E.Kupfer Македонците се наименувани "... Славомакедонци"[14] се најмногубројната народност во Егејска Македонија. На ист заклучок, како Ст.Верковиќ, М.С. Иречек, стигна и познатиот германски етнолог Weigand [15]

кој патувал во Македонија и на лице место ја виде реалната состојба на населението.

Српските статистики, во споредба со бугарските и грчките, се разликуваат по бројноста на националната структура на населението во Македонија и денешна Егејска Македонија. Тоа што се забележува кај српските статистики е големата разлика на населението, различните аргументи употребувани за докажувањето на српскиот карактер на Македонија.

Иван Иваниќ сметал дека од вкупно 1.366.556 жители, колку што имаше Македонија пред балканските војни, 400.568 биле патриаршисти Срби, 265.408 биле Срби егзархисти, 400.624 биле муслимани, 60.000 Евреи, 190.639 православни несловени, 15.000 Срби католици, 34.277 разни народности[16]. Во иста крајност паѓа и М.В. Веселиновиќ, С. Гопчевиќ, кој исто така сметал дека Србите го сочинувале главниот елемент во Македонија и Егејска Македонија. За научноста на овие автори не треба многу да се зборува. Јован Цвијиќ во неговата книга "Проматрања о етнографији Македонских Словена" сметал дека Иваниќ, Веселинивиќ, ја носат во свиоте книги првата заблуда, тоа е ненаучност и збрканост.[17] Боривоје Милојевиќ, без да ги наречува Македонциците Срби и секако под влијание на С. Гопчевиќ, сметал дека во Егејска Македонија словенското население е во мнозинство. Таа констатација ја извлекува со бројноста на словенските живеалишта и куќи. Во Леринска област, според Милојевиќ, христијаните живееле во 4.858 куќи, Турците во 1.889, Власите во 183, Грците и не постоеле, во Костурска област биле 7.224 словенски куќи, 616 словенечки-муслимански, 977 грчки, 1.839 турски, во Солунската област постоеле 8.482

словенечки куќи,31о словенско-муслимански, 5.649 турски,563 грчки, во Мегленската област постоеле 1.521 словенски куќи, 3.687 словенско-муслимански, 58о тутски итн.[18]

Но најголемата заслуга за српската кауза во Македонија секако му припаѓа на Јован Цвијиќ. Цвијиќ неправи мали едноставни и очевидни грешки, не создава статистики со српски белег, како Иван Иваниќ и С. Гопчевиќ, што кај научната јавност би создавал природно сомневање. Тешко некој кој е малку упатен во македонската јазична проблематика би ја прифатил тезата на Иваниќ, дека македонскиот јазик е српски. Тие се толку далечни и ако словенски,што Македонацот не го разбира српскиот јазик во услови на неприсуство на српската власт во Македонија. Затоа Јован Цвијиќ бара "... македонското прашање треба да се стави во сосема нова основа ".[19] Новиот прдонес на Јован Цвијиќ е теоријата на флотантна маса. "...Македонските Словени, пишува тој, немаат одредена национална свест, немаат свое историско минато, немаат свој книжевен јазик."[2о]

Дека Македонците немале свој книжевен јазик е научно точно констатирано. Но зошто тоа го немале никако не се објаснува во делата на Цвијиќ. Кога се создаваше српскиот, бугарскиот или грчкиот литературен јазик, немаше никакви надворешни отпори. Македонците намале литературен јазик, но постоеле обиди и покрај тешките услови, да се создаде тој јазик. Обидот на К.П.Мисирков, како одраз на една свест, беше научно и политички анатемизиран од страна на соседите.Тоа беше потребно да се задржи македонскиот јазик на ниво на дијалект и да се даде можност да се манипулира со македонските периферни

диалекти во корист на соседните балкански држави. Самиот Јован Цвииќ, ја користи таа можност. Но Цвииќ како научник што не му отсуствува научна логика, секако можеше да констатира дека тие македонски диалекти можеа, во нормални услови, да создадат книжевен јазик. Зашто книжевниот јазик може да потврдува оделното постоење на еден народ, но непостоење на книжевниот јазик не може да го негира постоењето на една нација и народ. За Цвииќ постоењето на книжевниот јазик значеше и постоење на еден народ. Но дали Србите, Бугарите, Грците пред да го создадат книжевниот јазик, постоеле како Срби, Бугари или Грци ?

Дека Македонците немаа национална свест е ненаучно заклучено. Националното чувство врз основа на националното потекло, се развива преку школа, црква и преку државноста. Бугарската и српската државност, врз основа на српско и бугарско потекло, развиле кај своите народи силно национално чувство,но во Македонија не постоеле тие услови. Не постоеше македонска државност, македонски школи или македонска црква, што во краток период, врз основа на македонско потекло, ќе создадеше свесно и силно национално чувство кај Македонците. Фактот дека туѓите пропаганди и покрај усилбите, не создадоа трајно немакедонско чувство кај македонците е потврда за македонска свест и чувство и ако не во развиена форма како што постоеше кај соседните народи поради постоењето на грчката, бугарската и српската државност.

"Тешко ќе се посочи друга балканска област, пишува Блаже Конески, во кое националниот, културниот развиток во попоследните два века да биде толку сложен како во Македонија.

Причините за таквата ситуација се многустрани, а сите тие се изразија во фактот што процесот на националната еманципација на македонскиот јазик беше сопиран, прородно заостануваше наспроти развитокот во соседните земји..."[21] И тоа не само во правец на јазикот. Фактот дека Македонците ја прифатиле патриаршиската црква не е потврда на грчка припадност и грчка национална свест. Кога ке се создаде егзархиската црква, Македонците ја прифатиле како поблиска на македонската свест и исто така не може да биде потврда за бугарската припадност или бугарска национална свест. Македонската свест евалуираше во текот на историјата, но секогаш се стремеше да се оди кон се помакедонско, во школо, во црква, во државност тое е во правец кон автентичната македонска свест. Темко Попов [21аа] забележува уште во 1888 година дека "... националниот дух во Македонија е стигнат денеска до таков степен што и самиот Исус Христос да слезе од небо, не може да го увери Македонецот оти е Бугарин или Србин, освем оние Македонци во кои веќе пропагандата бугарска се има вкоренето".[22] Можеме да заклучиме дека српските научници главно не имале и не употребувале научни принципи за докажувањето на српски карактер на Македонија односно Егејска Македонија. Тоа јасно се гледа дека самите политички фактори не само што се сомневале туку и биле убедени за ненаучноста на трудовите што биле публикувани во Србија. Самите српски консули што биле во Македонија и ја познавале во теренот реалната состојба во Егејска Македонија се спротиставиле за публикувањето на книгата на С.Гопчевиќ на француски јазик како ненаучна и неавторитетна[23]. Истото го потврдува и Сима Томиќ, српски пратеник во Македонија кој во

извештајот испратен до српската влада го пишува следното дека "...српската книжевност не дала едно сериозно дело за Македонија"[24]. И покрај тоа српската наука и посебно теоријата на флотантната маса забележа еден успех кај научниот свет. За Villari Luigi Македонија е "...совршен етногравски музеј"[25] Edmond Bouchie de Belle паѓа исто така под влијание на "објективните" српски научници. За Bouchie de Belle , како и за Цвиић, Македонците се разликуваат од другите балкански народи оти немаат ни национален живот ни национална свест.[26] Главно кај странските научници постои една голема слабост, тие ја познаваат Македонија главно преку посредници: било К'нчов или грчки историчари. Но тоа што е битно кај странските историчари се наоѓа само кај оние што ја посетиле Македонија и Егејска Македонија и констатирале дека навистина словенскиот елемент е во мнозинство и дека не станува збор ни за Бугари ни за Срби, туку единствено за Македонски Словени. Карл Хрон добар познавач на српскиот и бугарскиот јазик, го потврдува тоа уште кон крајот на XIX век[27].

Разгледувајки ги грчките статистики за националната структура на населението, се забележува дека, спротивно на српските и бугарските, грчкиот елемент е тој што е преставен како најброен елемент во Егејска Македонија.[28] Грчкиот Силогос во статистиката што ја публикува во 1903 година сметал дека во вкупно 1.873.000 жители колку што имала Македонија, 777.000 биле Турци, 374.000 Бугари, 659.000 Грци и 700.000 разни. Исти податоци ги дал и министерот М. Делијанис за весникот " Le Temps" бр.15.897 од 26.XII.1904 година, кој сметал дека во Македонија живееле 322.162 Бугари, 652.725 Грци,17.076 Власи, 1253 романи-

зирани Власи, 53.147 Евреи, 8.911 Роми и 5.583 разни народности.[29]

Stilipon Kiriakides во неговата книга " The northen boungaries Hellenism ", сметал дека само во Солунскиот вилает живееле 373.227 Грци, 2o7.317 Бугари. Во Битолскиот вилает живееле, според истиот автор, 261.283 Грци и 178.41o Бугари. Вкупно во двата вилаета живееле 634.51o Грци и 385.729 Бугари.[3o] Бројноста на грчкиот елемент е поголема кај Улисе Јалемос. Со желба да ги зацврсти грчките позиции во текот на Берлинскиот мировен договор (1878), Јалемос ја публикува книгата: "Елинизмос пред Конгресот". Според него во Егејска Македонија најброен елемент беше грчкиот (75o.ooo), турскиот (39o.ooo), и после следуваше бугарскиот елемент (3oo.ooo) итн.[31]

Посебно внимание за националната структура на населението во Егејска Македонија му посветува и В.Колокотронис во неговата книга: "La Macedoine et l'hellenisme " (Париз, 1919). За Колокотронис, Македонија е всушност само денешна Егејска Македонија и со мали делови од Петричко, Струмичко, Кавадарско, Прилепско и нешто од Неврокопската каза. Во рамките на оваа историска Македонија, Колокотронис сметал дека живееле 423.49o Грци и 135.11o Бугари.[32] Како се гледа во грчките статистики и грчките изданија бројниот распоред меѓу македонскиот елемент и грчкиот елемент е различен и е во корист на грчката народност. Ако бугарските научници го користеле јазикот како елемент за национално определување на населението, грчките научници и историчари го отфрлуваат овој принцип за докажувањето на надмокноста на еден елемент во однос на другиот и како основен елемент

за докажунањето на бројноста на населението што живееше во Егејска Македонија прифаќаат секундарни фактори, како просветата (број на школи) и јазикот на просветата, манифестирано национално чувство итн.теорија на изгубениот јазик.

"Создавањето на школи и различни друштва, пишувал Стефанос Пападопулос, преставува секако најдобриот доказ за определувањето на националноста на жителите на еден регион зашто тоа сведочи на еден јасен начин за неговото слободно изјаснување..."[33].

Дека во Егејска Македонија постоеле грчки школи со грчки наставен јазик, тоа никој не го оспорува, но не може да биде прифатен како научен убедувачки аргумент за докажувањата на бројната надмоќност на едниот елемент врз другиот. Ако биде прифатен грчкиот принцип за докажувањето на националната структура на населението врз основа на просветата (број на школи и ученици) и јазикот во просветата, ги добиваме следните резултати за неколку кази во Егејска Македонија.Во Костурска каза постоеле вкупно 38 школи со грчки наставен јазик со 2.281 ученици, во Леринска каза постоеле 25 школи со грчки наставен јазик со 923 ученици, во Воденска каза постоеле 2о грчки школи со 935 ученици, во Демир Хисарска каза постоеле 12 школи со грчки наставен јазик со 273 ученици,во Серска каза постоеле 54 школи со грчки наставен јазик со 3.426 ученици, во Драмска каза постоеле 14 школи со грчки наставен јазик со 927 ученици итн.[34]

Но ако за истите кази се уважи принципот врз основа на јазикот кој се зборувал во семејството, се добиваат следните интересни резултати. Во Костурска каза постоеле само 15

населени места со грчки мајчин јазик, во Леринска каза постоеше само 1 населба со грчки мајчин јазик, во Демир-Хисарска каза постоеле три населени места со грчки мајчин јазик, во Серска каза постоеле 44 населени места со грчки мајчин јазик итн.

Ако се создаде една статистика за националната структура на населението во горепоменатите кази, употребувајќи го грчкиот принцип врз основа на јазик во просветата, произлегува дека во овие кази грчкото население живееше во 163 населени места со соодветно население. Но ако за истите кази се употреби принципот врз основа на мајчиниот јазик што се зборувал во семејството, се добиваат следните резултати: дека грчкото население не беше присутно во 163 населени места, туку само во 69 населени места со соодветното грчко население и со грчки мајчин јазик. Разбирливо е зошто грчките научници не го употребиваат јазикот како елемент за определување, туку просветата, што му дава можност населените места со македонски јазик, да бидат сметани, врз основа на јазикот по просветата, за Грчки. Од друга страна ако бројноста на грчките школи е голема, тие сепак не се ~~доказ~~ аргумент за докажувањето на грчкото мнозинство во Егејска Македонија. Скоро сите грчки школи што постоеле во денешна Егејска Македонија не биле создадени исклучително врз грчки национален елемент за да може преку нив да се согледа реалната структура на населението во денешна Егејска Македонија. Грчките школи биле создадени не само врз грчки, туку врз основа на македонски, влашки, албански национални елементи. Следната статистика и ако делумно, ке го потврди тоа и ке осветли макар и парцијално и ке ни даде можност да се доближиме до историската вистина.

Грчки школи за македонски национален елемент

| Каза | Школи | Учители | Ученици | |
|---|---|---|---|---|
| Кукушка | 1 | 1 | 4 | |
| Еница Вардарска | 9 | 24 | 650 | |
| Леринска | 18 | 37 | 522 | |
| Костурска | 21 | 70 | 796 | |
| Демир Хисарска | 7 | 18 | 148 | |
| Воденска | 19 | 95 | 925 | |
| Лагадинска | 7 | 95 | 318 | |
| Драмска | 4 | 25 | 126 | |
| Серска | 17 | 103 | 395 | |
| Солунска | 16 | 117 | 1.362 | |
| Вкупно: | 119 | 465 | 5.326 | 35. |

Грчки школи за влашки етнички елемент

| Каза | Школи | Ученици | |
|---|---|---|---|
| Леринска | 7 | 245 | |
| Костурска | 5 | 300 | |
| Демир Хисарска | 3 | 67 | |
| Драмска | 1 | 250 | |
| Серска | 5 | 255 | |
| Солунска | 10 | 775 | |
| Вкупно: | 32 | 2.070 | 36. |

Исто така постоеле грчки школи во места со мешовито македонско, влашко и албанско христијанско население. Така во Серес постоеле пет грчки школи, во Драмско пет, во Демир Хисарско 4, во Воденско 1, Леринско 3 итн.[37] Значи, населените места и населението во денешна Егејска Македонија со грчки наставен јазик во школото,врз основа на македонски, влашки или албански христијански елемент не можат да бидат сметани за Грци. Ако се прифати грчкиот принцип за припадност на населението за една или друга нација, кои се определува врз основа на јазикот во наставата,како тогаш да се сметаат и определат Македончињата што посетуваа католичка или протестанска настава на француски јазик и во семејството со мајчин македонски јазик ? Бројот на школите со соодветниот број ученици не ја преставува реалната национална слика на населението на еден регион. Во денешна Егејска Македонија, скоро сите грчки села со грчки мајчин јазик биле опфатени во просветната мрежа и може врз основа на нив да се добие една реална слика за грчкото малцинство во денашна Егејска Македонија. Но истото не важи и за македонското население. Голем број македонски села не биле опфатени во просватната мрежа и според грчките принципи, би значело да не бидат присутни во статистиките. Само во Ениџе Вардарска каза не биле опфатени 26 македонски села со 9.727 ученици, во Кукушка каза 17 села со 5.864 чисто македонско население итн.[38] Се извлекува заклучок дека грчката патриаршија беше повеќе заинтересирана да отвори школи за негрчко население. Тоа не беше специфично само во Македонија, туку и во Романија, Бугарија,постоеле слични ситуации. Грчката држава уште не ја добила независноста во 1830 година и веќе во Битола беше

отворено и првото грчко училиште[39].

Како што во просветата и бројот на грчките школи не можат да бидат научни аргументи, така и резултатите и статистиките врз една ваква основа се далеку од реалноста ~~или длабоку од реалноста~~ или длабоко ја деформираат, и ~~така~~ манифестирано чувство преку присуството на грчка црква, школа итн. не може да биде прифатено како принцип со научен потфат.

Ако во Западна Европа посетата во Алзас и Лорен на француска или германска настава е исто така доказ на соодветната национална француска или германска припадност и одраз на француско или германско национално манифестирано чувство, во Егејска Македонија не само што не е одраз на национална припадност туку ниту е одраз на манифестирано национално чувство. Реалното манифестирано чувство во Алзас и Лорен е одраз на внатрешно слободно убедување и е природен резултат на националното германско или француско потекло, во Македонија тоа е принудено манифестирано чувство создадено од грчката или бугарската и српската школа и црква. Реалното македонско чувство Македончето го манифестираше штом излегуваше од школото, со својот мајчин јазик, со своите македонски приказни, свадби, ора и обичаи. Затоа постои една македонска свест што нема ништо заедничко со школската свест и што беше создадена во текот на вековите. Школската свест, како добро пишува Јован Цвиќ, е "... наметната, од пропагандите создадена"[40]

Ниту теоријата на "изгубениот јазик" употребувана за докажувањето на грчкиот карактер на Егејска Македонија нема научна основа. Имено, според оваа теорија целото население од

денешна Егејска Македонија, без оглед дали зборува македонски или грчки, сите се Грци, зашто тие што го зборувале словенскиот јазик се Грци со "загубен мајчин јазик".

"Овој диалект (македонски м.б.) беше сиромашен и едноставен, пишува Харитон Коризис,и затоа почнале и Грците да го употребуваат меѓу себе наместо богатиот и тежок грчки јазик".[41] Поради овој феномен "... Грците во Македонија не зборуваат секогаш грчки и го зборуваат македонскиот диалект" зошто "... е лесен".[42] И со тоа целокупното неселение се третира како грчко и грчкиот елемент е преставен во големо мнозинство.

Во историјата секако постоеле феномени за исчезнување на јазикот. Ирците, по нивното окупирање од Англичаните, постепено го загубиле ирскиот и го прифатиле англискиот јазик како мајчин јазик. Еден сличен феномен се случи и во периодот на симбиоза меѓу Даките и Римјаните во периодот на формирањето на денешниот романски народ и јазик. Паралелно со формирањето на новиот народ, се формираше и новиот јазик, со асимилирање и исчезнување на послабиот културно развиен народ и јазик. Поразвиениот народ од материјалната и духовна страна го наметнува својот белег и понеразвиениот народ, со помал или поголем отпор го прифаќа овој закономерен неминовен развиток. Затоа, во Егејска Македонија, не може да постои исклучок, постои тука асимилација, но не на грчки, туку словенски елемент и словенски јазик.

Но дали е можно, во присуство на толку контрадикторни статистики, да се добие реална состојба на населението

во Егејска Македонија по структура и бројност на населението? Самиот Цвииќ се прашуваше дали во Македонија "... е можно по уздано да се одвојат од несловенците, Грците, Турците, Власите и други".[43]

Сложеноста на ова прашање е евидентна, но политичките настани во периодот од 1913 и 1923 година (балканските војни, грчко-турската војна, Лозанскиот мировен договор со задолжителната размена на населението меѓу Грција и Турција) даваат една можност да добиеме една појасна слика за реалната бројност на населението во денешна Егејска Македонија. И тоа ќе го докажеме единствено со грчката официјална статистика за пописот на населението на Грција од 1928 година.

Според официјалната статистика за попис на населението од 1928 година, во Егејска Македонија живееле 1.412.477 жители.[44] Но сето население не беше родено и не живееше во Егејска Македонија и пред 1913 година. Според местото на раѓањето вака изгледаше состојбата на населението што живееше во Егејска Македонија во 1928 година:

Структура на населението во Егејска Македонија според местото на раѓање

| Родени во Егејска Македонија | Родени во Грција | Родени во странство |
|---|---|---|
| 784.278 | 53.356 | 565.143 [45] |

Како што јасно се гледа од горенаведената статистика од вкупното население на Егејска Македонија што броело 1.412.477 жители, 618.499 лица биле дојдени по балканските војни, како резултат

на внатрешните и надворешните миграциони движења во периодот 1913-1928 година. Значи само 784.278 жители од целокупното население во Егејска Македонија биле родени и живееле во Егејска Македонија и пред 1913 година. Членовите на Карнагиевата комисија што биле неутрални во однос на македонскиот спор сметаа дека во Егејска Македонија живееле по националност и бројност, следните христијански народи:

| Националност | Бројност | |
|---|---|---|
| 1. Македонци (наречени Бугари) | 329.371 | |
| 2. Грци | 236.755 | |
| 3. Власи | 44.414 | |
| 4. Албанци | 15.1o8 | |
| 5. Роми | 25.3o2 | |
| 6. Евреи | 68.2o6 | |
| 7. Разни | 8.o19 | |
| Вкупно: | 727.175 | 46. |

Според членовите на Карнагиевата комисија во Егејска Македонија живееле, како негрчки елементи 4o3.548 македонско, влашко, еврејско, албанско и ромско население. Тоа значи дека од вкупното население што беше родено и живееше во Македонија пред балканските војни 4o3.548 лица не биле од грчко потекло, а само 236.755 биле грчко население по потекло и јазик. Ни останува за определување уште 143.975 жители. Ова население всушност го преставува природниот прираст на целокупното домородно население од 784.278 што беше составено од Македонци,

Грци, Власи, Роми итн. во еден период од 16 години.

Ако ги споредиме овие реални бројки и бројките на грчките статистики (грчкиот Сологос, статистиката на министерот Делјанис и др.), се гледа големиот расчекор што постои меѓу реалноста и фикциата на грчките статистики.

Затоа статистиката на Васил К нчов , како и статистиката на Карнагиевата комисија, што е создадена врз основа на јазикот што се зборува во куќата можат да бидат сметани како најверодостојни и спрема тоа реалната бројност на целокупното христијанско и муслиманско население пред балканските војни, беше следната во Егејска Македонија:

| Народност | Бројност |
|---|---|
| 1. Македонци | 329.371 |
| 2. Турци | 314.854 |
| 3. Грци | 236.755 |
| 4. Власи | 44.414 |
| 5. Албанци | 15.108 |
| 6. Роми | 25.302 |
| 7. Евреи | 68.206 |
| 8. разни | 18.019 |
| Вкупно: | 1.042.029 47. |

Но грчката, српската и бугарската историска литература со грчки, српски и бугарски националистички карактер постигнаа сепак еден успех. Овие пропаганди со нивните "научни" статистики, различни етнографски карти и различни етнографски толку-

вања ( Јован Цвииќ)придонесе не само да не се знае точно и јасно бројот на населението по националната структура во Егејска Македонија, туку создадоа едно убедување во научниот и политички свет во Европа, дека Македонија односно Егејска Македонија е шаренило на народи (Грци, Срби, Бугари) па спрема тоа самото природно и морално правило за решавање на македонското прашање е единствено можно со присуство на трите заинтересирани балкански држави Грција, Бугарија и Србија. Со тоа Македонија беше априори поделена меѓу своите соседи. Европа беше убедена со потребата на едно вакво решение во однос на македонското национално прашање, а балканските војни врз основа на овие" историски научни докази", материјално ја довршија поделбата на Македонија нанесувајки му на македонскиот народ еден силен удар со негирањето на сопствен, национален и државен живот.

Со балканските војни и со почетокот на миграционите движења, етнографскиот лик на Егејска Македонија ке претрпи големи промени и ке почне една нова страница за македонскиот народ од Егејска Македонија, што му е рамна само ирската, курдистанската и палестинската трагедија.

# ГЛАВА ВТОРА

## БАЛКАНСКИТЕ И ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА КАКО ПОСЛЕДИЦА ЗА МИГРАЦИОНИТЕ ДВИЖЕЊА ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

### 1. Балканските војни и првите миграциони движења

Во Егејска Македонија, како и во другите два дела на Македонија (Вардарска и Пиринска), Македонците пред балканските војни го сочинуваа основниот дел од населението. Покрај Македонците, како основен елемент во Егејска Македонија, живееле и други националности и етнички групи: Турци, Грци, Евреи, Власи итн.

Но, ако кај турското население што живееше во Егејска Македонија, како политички доминантен елемент, постоеше главно една иста манифестирана религиозна (муслиманска) свест, кај христијанското население, било македонско, грчко, ромско,и влашко,црковната припадност беше различна што е една нормална последица на петвековното политичко турско и грчко духовно ропство. Оваа различна црковна припадност ке биде искористена од балканските соседни држави за да ги постигнат своите политички и територијални цели во текот на Првата и Втората Балканска војна (1912-1913).

Според националното потекло и врз основа на црковната припадност, бројот на христијанското и муслиманското население беше следниот пред балканските војни. Македонци со егзархиска црковна припадност 316.858, Македонци со муслиманска црковна припадност 4о.8о2, Грци со христијанска црковна припадност 2о5.о21, Грци со муслиманска црковна припадност 13.753,

Турци со муслиманска црковна припадност 227.692, Турци со христијанска црковна припадност 4.24о, Албанци со муслиманска црковна припадност 6.614, Албанци со христијанска црковна припадност 3.291, Власи 33.597 со различна црковна припадност, 27.834 Роми со различна црковна припадност, 61.259 Евреи, 2.1оо Черкези со муслиманска црковна припадност и 9.45о разни по потекло и црковна припадност.[48] Според горенаведените податоци произлегува дека македонското население во Егејска Македонија беше во мнозинство во однос на сето христијанско или муслиманско население земено поединичко, што со векови живееше во Егејска Македонија пред 1913 година. Македонците преставуваа 31,17% од целокупното население, Турците преставувале 28,7%, Грците преставувале 2о,16%, Евреите претставувале 6,о3% итн.[49]

Но во текот на тринаесет години(19оо-1913), поради природниот прираст на населението, бројот на населението во Егејска Македонија расте и во предвечерието на балканските војни, структурата на населението по бројност и националност, беше следната:

| | |
|---|---|
| 1. Македонци | 329.369 |
| 2. Турци | 314.854 |
| 3. Грци | 234.251 |
| 4. Евреи | 68.2о6 |
| 5. Власи | 44.416 |
| 6. Роми | 25.3о8 |
| 7. Албанци | 15.1о8 |
| 8. Разни | 8.о16 |
| Вкупно: | 1.о5о.826 |

[5о]

И покрај честите војни и поради стратешката положба на Македонија, востанија на македонскиот народ со неговите тешки економски, морални и миграциони движења, Македонците останаа главна и најмногубројна народност во Егејска Македонија. Миграционите движења на Македонците по Илинденското востание, не земале толку големи размери и не влијаеле многу и суштински врз етнографската состојба во Егејска Македонија.

Но тоа што не се случи во еден период од пет века турско робување (1371-1912), беше доволно само деценија ипол (1913-1928 год.), да се смени и запре истовремено еден природен етнографски процес и да му се наметне друг што немаше ништо заедничко со македонски навики и традиции и да настанат такви миграциони движенија што за македонскиот народ ќе донесат не само крупни етнички промени туку суштински ке му се смени и историската судбина. Тоа се должи во прв ред на стремежите и политиката на грчкото кралство кое уште со неговото создавање како независна држава по силата на Лондонскиот мировен договор (1830) почна да спроведува, преку грчката патријаршија, една политика на асимилирање преку црквата и школата или истребување преку андартските чети што ке бидат испратени во Егејска Македонија за да ја зачуват "грчката свест". Оваа политика на асимилирање, истребување и сменување на етничкиот лик во Егејска Македонија, грчката држава ја спроведе и искористи поволните историски услови. Тие услови што максимално беа искористени, беа Балканските војни (1912-1913) со Букурешкиот мировен договор (1913). Првата светска војна (1914-1918) со Версајскиот мировен договор (1919), грчко-турската војна (1920-1922) со Лозанскиот

мировен договор (1923).

Првата балканска војна беше објавена од страна на сојузничките држави бугарското, српското, грчкото и црногорското кралство, против Турција на 5 октомври 1912 година. Турската империја, традиционално "болниот човек" беше бргу поразена и принудена да прифати преговори. Мировниот договор со Турција бил склучен во Лондон во месец мај 1913 година со што европскио дел на Турција, т.е. Македонијам им се отстапуваше на сојузничките држави: Бугарија, Србија и Грција. Со тоа споровите и недоразбирањата меѓу сојузничките балкански држави се комплицира и посебно меѓу Бугарија и Грција во однос на Солун и неговата околина, помеѓу Бугарија и Србија за отстапување повеќе територии кон српската држава, помеѓу Романија и Бугарија, со што првата сакаше да се прошири територијално до Варна. Тоа јасно се гледаше и од атмосферата што владееше во Лондон во текот на преговорите за поделба на Македонските територии по балканските војни. Грчките преставници С.Сукулиди, И.Генадиос и генералот Дакли ултимативно му поставија на бугарските преставници: или Солун или војна[51]. Романската влада исто така традиционално да користи без да придонесува, го чекаше "... романскиот воз што сега доаѓаше"[52] за да се замеша во Балканот. Нивните спорови во ваква атмосфера не можеа да се решат освем по пат на втора војна. Во такви услови почнува Втората балканска војна.

Грчката војска уште во текот на Првата балканска војна ја окупира денешна југозападна Македонија (Костурско, Леринско и Кожанско), дел од Централна денешна Егејска Македо-

нија од десната страна на реката Вардар, дел од Халкидискиот Полуостров и градот Солун. Грчката војска во текот на Првата балканска војна почна еден вистински поход на истребување на турското и друго муслиманско население. Муслиманските делови во градот Еницe-Вардар биле свирепо уништени и покрај фактот дека градот веќе беше под контрола на грчката војска.[53] Исто нечовечко однесување спрема цивилното турско население се случи во солунските села кои биле претежно населени со турско население.Сите скоро турски села биле изгорени и турското население избезумно бараше заштита во Солун или заминуваше за Турција.[54] Во Правешка каза, каде живееле 2о.ооо Турци, во секое село биле убиени по еден до 2о души.[55] Но ни српските и бугарските војски не имале похуман однос. Во Кукушко каде,покрај македонско население,живееше и турско, војводата Дончев запали 345 куќи. Во Рајново, Планица, Кукуртево,биле заклани многу невини луѓе[56]. Во времето на Првата балканска војна и македонското население беше ставено под силен економски, политички и психолошки притисок од страна на грчките војски.Во Костурската околија грците ги советувале Македонците да се декларират грци и во црквата да прифатат употребување само на еден јазик, грчкиот јазик. Во спротивно "... животот не ке им биде лесен"[57]. Покрај притисокот, на македонското население од Костурско, Еницe-Вардарско и Воденско му се грабеше и добитокот под изговор дека е турски, се палеа архиви, школи итн[58].

Со Втората балканска војна размерите на овој геницид пораснаа и добија антимакедонски карактер. Грчките војски ја почнаа и Втората балканска војна со поголема омраза и тоа не само врз територијата што ја окупираа по Првата балканска војна

туку и во новите кази добиени по повлекувањето на бугарските војски во Серско, Драмско, Кавалско, Кукушко и Демир Хисарско. Зборувајки за психолишката состојба на грчката војска во Втората балканска војна, М.Маркезинис, познат грчки историчар го пишува следното: "Имајки полно сознание за значението на новата војна која ке ја решаваше судбината на нацијата, пишува тој, истапивме во неа ... со поголема омраза и фанатизам."[59] Македонците исто така биле сметани за животни.[60] Меѓу грчките војници (селани со ниско интелектуално ниво), имало и кружеле слики како грчки војник го јаде челото на противникот. Со тоа нечовечките наклоности на овие војници биле ослободени и војниците лишени од секакво човечко достоинство и морал.[61]

Масовните истребувања почнаа кога грчките војски напаѓаа кон Север кон Кукушка каза, кон Демир Хисарската каза и кон Исток кон Серска и Кавалска каза. Во Кукушка околија биле запалени 40 македонски села,[62], зошто Грците биле тврдо решени да ..." не остават таму ниту еден Бугарин (Македонец м.б.)[63].Поради тоа "... целата околија Кукуш и јужно од Дојран биле во пламен и дим... гореа скоро сите бугарски (македонски м.б.) населени места[64]. Слични злосторства се случени и во селото Аканџали каде биле собрани повеќе од 4.000 лица од македонското население од околните села. И покрај фактот дека населението ги пречека со грчки знамиња и со традиционалното добродојде, војниците "... влегле на сила во куќите и почнале да ги силуваат жените по полето и кај патиштата[65]. За да се разбере какви нечовечки размери доби гчкиот поход во Егејска Македонија е доволно да се читаат писмата на грчките војници и да се спомене фактот дека и мајчине

ството чувство се колебаше пред нечовечкото однесување на грчката војска."... Многу мајки, констатираа членовите на Карнагиевата комисија, ги губеле децата, оставајки понекогаш едно, со надеж да го спаси другото."[66] Грчките војски запалија 160 населени места и 16.000 Македонци биле принудени да побараат спас во Бугарското кралство. Со балканските војни се иселиле во Бугарија 50.000 лица од кои голем дел од нив потекнуваа од Егејска Македонија. Во истиот период Егејска Македонија доби околу 157.000 бегалци, што биле различни по национално потекло:муслимани (Турци) и христијани (Македонци, Грци и Власи патриаршисти). Македонското патриаршиско население што дојде во Егејска Македонија главно доаѓаше од Струмица каде Македонците биле принудени од страна на грчките војски да емигрират во Грција, ветувајки им земја во нова Струмица што требаше да се подигне на местото на веке изгорениот и разурнат Кукуш. Дека македонските патриаршисти од Струмица не се иселиле доброволно или поради некоја грчка национална свест, сведочи и фактот дека ова население од грчката држава примило пари за патување за "... да бегаме од нашите места и да дојдеме тука".[67]

Сите овие злосторсва грчките војски не ги правеа од воjничка потреба, туку се искористуваше една можност да се истреби и искорни македонскиот народ и да се измени етничкиот лик во Егејска Македонија. "Нема сомневање, пишуваат членовите на Карнагиевата комисија, што едно пространство од 140 км."населено од Бугари (Македонци м.б.)беше наполно поништено и скоро сите села изгорени. И не може да се каже дека тоа станало од воена потреба. Грците биле побројни од неговите непријатели".[68]

По~~сле~~ балканските војни почуствителни етнографски промени се забележуваат во Кукушката каза каде грчките војски сакаа да се одмаздат на македонското население поради традиционалното и цврсто македонско национално чувство. Но и покрај овие усилби, македонското население останува и понатаму да живее како главен елемент во Егејска Македонија. Поради тоа грчките власти, по~~сле~~ завршувањето на Првата светска војна и со потпишувањето на Нејскиот мировен договор, ке ја продолжат политиката на протерување на македонското население и елинизирање на Егејска Македонија. Но начинот на елинизирањето и протерувањето на македонското население од Егејска Македонија ке биде многу поразличен и поефикасен. Со тоа се отвора една нова страница во историјата на миграциите со "доброволно" иселување на македонското население од Егејска Македонија и што ке биде гарантирано со мировниот договор меѓу Грција и Бугарија.

## 2. Нејскиот мировен договор и „доброволната" размена на населението меѓу Бугарија и Грција

Крајот на "Големата војна" (1914-1918) и мировните договори создадоа идеални услови за победниците и им овозможија грчкото кралство да ја продолжи својата политика на истребување на македонското население од Егејскиот дел на Македонија. Ако во пероидот 1912-1919 година грчката влада се стремеше да го реши ова прашање со воени средства, по 1919 годона, со Нејскиот мировен договор, ова прашење ке биде решавано со политички средства со што грчката држава ке постигне големи резилтати во правецот на елинизирање на Егејска Македонија.

Грците го искористија максимално историскиот момент

што се создаде после Првата светска војна. Во текот на Париските мировни договори, територијалните и националните проблеми што постоеја не се решава со силата на правото, со почитување на принципот на националноста, на неделивоста на националните територии и нации, туку со правото на силата, со наметнување на сопствените интереси што беше природен резултат на една империјалистичка војна. Грчката држава во такви услови му наметнала на бугарското кралство како дел од Нејскиот мировен договор и решевањето на таканареченото малцинско прашање, што постоеше меѓу Грција и Бугарија. Со тоа се предвидуваше да се најде еден modus Vivendi на ова прашање за постигнување на стабилност и мир во балканското и европското подрачје. Решението не се најде во почитувањето на националните права на малото грчко малцинство во Бугарија и "бугарското" во Македонија и бугарското малцинство во Тракија, туку предходно се даваше можност за доброволно иселување на "Бугарите" од Македонија и Бугарите од Тракија и грчкото малцинство од Бугарија. Во такви услови беше потпишан Нејскиот мировен договор и Нејската конвенција од 27 ноември 1919 година и врз основа на тоа и спогодбата за доброволното иселување на "Бугарите" од Егејска Македонија кон Бугарија и Грците од Бугарија кон Грција. Спогодбата за доброволно иселување беше потпишана од тогашниот министер за надворешни работи во Бугарија, Калфов и грчкиот министер за надворешни работи Политис.

Ова спогодба меѓу Грција и Бугарија е без преседан во историјата. Бугарската влада добро знаеше дека во Егејска Македонија не постои бугарско население по потекло и национално чувство. Тоа јасно се гледа и од изјавата на врховистот К. Станишев, претседател на Националниот Македонски Комитет од Бугари-

ја,што ја испрати до српскаaта влада: " Нека ни се дадат, бараше тој од југославенската влада во 1926 година, цркви, училишта и весници на бугарски јазик. Ако не сакате да дадете...бугарски јазик,дајте тогаш на оние кои зборуваат македонците.[69] Тоа го потврди јавно и бугарското кралство со потпишување на конвенцијата за доброволно иселување, што беше склучено со Грците. Ако бугарската влада би била интимно уверена дека станува збор за национално бугарско население, ова конвенција што ја празнеше Македонија од таканареченото бугарско население, ќе имаше малку шанси за потпишување. Но знаејќи дека станува збор за македонско население, бугарската влада ја потпиша оваа конвенција за иселување. Со овој Протокол за решавање на малцинскиот проблем и двете страни ги постигнаа различно, своите цели. Грција од една страна, се ослободуваше од "нелојалното" население и имаше ретко историска шанса, со колонизирањето на Грците од Бугарија, да ги прошири своите не само политички, туку и етнографски граници на север до Преспанското Езеро, Дојранското Езеро, кон запад до Западните Родопи и до денешна Пиринака Македонија. Од друга страна Грција јавно признаваше дека постои едно бугарско малцинство во Грција што во Бугарија беше толкувано како голема политичка победа. " Таа конвенција, пишувал Veritas , има голема морална вредност зашто признава уште еднаш официјално дека Славјаните во Јужна Македонија... се Бугари".[70]

Со оваа конвенција бугарската влада сакаше истовремено да ја оправдува својата традиционална политика во однос на Македонија дека беше основана единствено врз национални

права, а не потекнува само од империјалистичка желба за проширување и доминација на Балканот. " Врховистите, пишува Коста Мбраму, за овој протокол, сметале дека расчистувањето на малцинскиот проблем ке служи на бугарската идеја..."[71].

Со прифаќањето за решавање на малцинските проблеми со"доброволно иселување", значеше дека ова прашање е веќе решено. Затоа, според меѓународното право, малцинското прашање што постоеше меѓу Грција и Бугарија по Нејскиот мировен договор, веќе престана да постои како такво.[72] Од друга страна бугарската влада со потпишувањето за решавање на проблемот на Македонците што живееле во Егејска Македонија врз основа на иселување, а не врз основа на почитување на правата во рамките на грчката држава, како тоа се предвидуваше во договорите со Австрија воSaint Gairmain и со Турција(Sevres ), му го одзеде на македонскиот народ од Егејска Македонија правото да биде заштитен од страна на Друштвото на народите и така беше оставен жртва на грчките анмакедонски настроени власти. Сите молби што биле испратени до Друштвото на народите за да се заштити македонското население од Егејска Македонија, беа одбиени, за што грчката држава не баше обврзана според договорот со Бугарија за почитување на малцинските права, туку имаше обврска да го почитува договорот само преку иселување.[73]

Спогодбата Калфов- Политис за доброволно иселување во суштина беше само еден морален меѓународен договор што требаше да се кријат размерите на вистинскоит геноцид што ги доби "доброволното" иселување на македонското население од Егејска Македонија. Зашто најчесто и секогаш доброволното иселување значи "...персекуција од страна на властите".[74]

Македонците биле истерани од нивните домови, од имотот и беа ограбени од страна на грчката држава и подарени на бегалското грчко и негрчко население дојдено од Мала Азија со желба да се измени етничкиот состав во Егејска Македонија. Така во село Лесково, Саботско, андарите влегоа во селото и ги принудија селаните да го напуштат селото за неколку дена. Во спротивно ке бидат исколени до еден. Предходно на тоа селаните биле принудени од властите да потпишат декларација за доброволно иселување.[75] Слично се случуваше и во селото Бутим Драмско, каде офицери на грчката, заедно со бегалското население веќе пристигнато во Егејска Македонија, ги измачуваа македонските селани со "... биење, кубење коси и мустаќи"[76]. Имаше случаи кога самата грчка власт ги плаќаше своите агенти за убивање на македонското цивилно население за да се создаде атмосфера на страв и крајна несигурност и македонското население да биде принудено да ги потпишува декларациите за доброволно иселување во Бугарија. Во село Нерет, Леринско, беше убиен Стојчо Христовичов кога си ги пасел овците. Убиецот беше притворен, но како човек на власта, после неколку дена, е ослободен.[77] Теророт и притисокот беше присутен и во Воденско. Теророт тука зеде таков замав што во писмото што го испратија воденчани до македонските братства во Бугарија се велеше дека мајките што ги трпат "... само историјата може да го опише".[78] Теророт за доброволно иселување се врши и врз власите со македонска наклоност. Во Воденско биле затворени Власи и одведени во Солун поради откажување за"доброволно иселување".[79] Поради секојдневните малтретирања и поради фактот дека Македонецот

не беше сигурен дали "... ке го види утрешниот ден",[80] голем дел македонско население беше принудено да емигрира и да бара спас во бегство во Бугарското кралство. Дека теророт над македонското население зеде поголеми размери по потпишувањето на спогодбата Калфов- Политис, се гледа и од фактот дека големото мнозинство на Македонците што емигрирале во Бугарија, се иселиле по потпишувањето на ова спогодба. Така од вкупно 328 македонски семејства што се иселиле од Егејска Македонија и биле колонизирани во градот Плевен, мнозинството од нив (216 семејства) се иселиле по стапувањето на сила на спогодбата за "доброволно иселување"што беше склучена меѓу Грција и Бугарија[81]. Истиот феномен се забележува и во гратчето Попово. Тука биле колонизирани 2о македонски семејства што потекнувале од Костурско, Леринско, Драмско и главно се иселиле по потпишувањето на спогодбата Калфов- Политис за"доброволно иселување".[82]. Во такви услови на терор, малтретирања и понижувања, се исели во Бугарија, по околии и бројност,следното македонско население, што потекнуваше од Егејска Македонија:

Иселено македонско население по силата
на спогодбата Калфов- Политис

| Околија | Иселени |
|---|---|
| Берска | 114 |
| Воденска | 449 |
| Гуменциска | 5.195 |
| Демир Хисарска | 1о.756 |
| Драмска | 4.233 |

| Околија | Иселени | |
|---|---|---|
| Еница Вардарска | 7.257 | |
| Зрневска | 11.223 | |
| Зхненска | 1.492 | |
| Кајларска | 381 | |
| Костурска | 3.577 | |
| Кукушка | 18.959 | |
| Леринска | 1.676 | |
| Лагадина | 1.581 | |
| Нигритска | 396 | |
| Солунска (без град) | 1.782 | |
| Солун | 7.285 | |
| Серска | 11.404 | |
| Мегленска | 1.233 | |
| од јужните околии | 285 | |
| Вкупно: | 86.582 | 83. |

Ако иселеното македонско население се смета по географската определеност на Егејска Македонија ( Источна, Централна и Западна), се добиваат следните резултати за размерите на иселеното македонско население од различните региони на Егејска Македонија:

Иселено македонско население по региони

после спогодбата Калфов- Политис

Западна Егејска Македонија

| Околии | Бројност |
|---|---|
| Костурска | 3.577 |

| Околии | Бројност |
|---|---|
| Леринска | 1.676 |
| Кожанска | - |
| Вкупно: | 4.251 |

Централна Егејска Македонија

| | |
|---|---|
| Берска | 114 |
| Воденска | 449 |
| Кајларска | 381 |
| Енице- Вардарска | 7.257 |
| Кукушка | 18.959 |
| Лагадинска | 1.581 |
| Солунска (без град) | 1.782 |
| Мегленска | 1.233 |
| Гуменџиска | 5.195 |
| Солунско (со град) | 7.285 |
| јужните околии | 285 |
| Вкупно: | 44.521 |

Источна Егејска Македонија

| Околии | Бројност |
|---|---|
| Драмска | 4.233 |
| Демир-Хисарска | 10.755 |
| Серска | 11.404 |
| З'хненска | 1.492 |
| Нигритска | 326 |
| Зрнеска | 11.223 |
| Вкупно: | 39.434 |

83а.

Приливот на македонското население протерано во Бугарското кралство беше голем. Тие ја поминуваа бугарската граница оставајки зад себе имот, куќи, добиток, роднини, за да отстапат место за малоазиските бегалци. Приливот зеде толку големи размери што градот Неврокоп (Гоце Делчев), беше како вистински логор и вистинска станица за преминување кон Бугарија на бедното и незаштитено македонско население. " Наутро колоните бегалци тргнуваа нагоре, кон Банско и Горно-Џумајско, а навечер доаѓат нови. И се така со денови",[84] како раскажува еден очевидец. По иселувањето на дел од македонското население по силата на спогодбата Калфов-Политис, Егејска Македонија почнува посериозно да ги почувствува етнографските промени. Најтешки етнографски промени претрпе Демир-Хисарската каза со 10.756 иселени Макединци, Еница- Вардарска каза 7.257, Зрневска каза со 11.223, Кукушка каза со 18.959, Солунско со 9.067, Серско со 11.404, иселени Макединци по потекло и чувство. Од овие иселувања не беше поштедена ниту една каза каде живееше Македонско население. Главно иселувањето зеде поголеми размери од Источна и Централна Егејска Македонија, а иселеното македонско население од западните региони на Егејска Македонија не доби толку големи размери. Ако од вкупното иселено македонско население 95,28% го преставувале Македонци иселени од Централна и Источна Егејска Македонија, само 4,72% од целокупното население потекнуваше од западните делови на денешна Егејска Македонија.

Ова непропорционално иселување не значи дека македонското население од Источна и Централна Македонија го

прифатил доброволно иселувањето или потикнато од некаква намакедонска национална свест. По потекло, национална свест и национално убедување, иселеното македонско население од Централна и Источна Македонија ги негуваше истите македонски национални чувства, но односот на властите беше крајно нечовечно зашто за грчката држава овие територии играа првостепена улога во системот на безбедноста на грчката држава. И покрај иселувањето на 86.572 лица или 26,28% од целокупното македонско население во Егејска Македонија, останаа уште 243.067 или 73,72% од македонското население што живееше во Егејска Македонија пред балканските војни. Еден друг начин на елеминирање Егејска Македонија не беше само теророт, "доброволното иселување", туку еден помалку познат метод на протерување на македонското население. Станува збор за емиграното население што од економски причини заминало во странство. Овие луѓе биле пишани во посебни книги таканаречени "црни книги" и им се забрануваше враќањето во замјата. Скоро 1.000 лица од Леринска околија побараа враќање во земјата кај грчките дипломатски претставништва, но биле одбиени зашто за нив "... не постои ниту татковина, ниту семејство, и ништо друго ...".[85] Исто така лицата што избегале во Бугарија во текот на Втората балканска војна и сакаа да се вратат во своите домови, кај роднини и што беше предвидено со Нејскиот мировен договор и побарале грчко државјанство кај грчките дипломатски преставништа ~~каде~~ биле "... категорички одбиени".[86] Во такви услови дел од македонската емиграција, која сакаше да се врати, ја немаше таа можност и требаше да се иселат неговите семејства од

Костуско, Леринско и Воденско во странство и со тоа се намалуваше бројот на македонското население од Егејска Македонија. Иселувањето поради тоа земаше помасовен карактер и се појавува за прв пат помасовно фамилиарното иселување, што беше нова појава и тоа поради тешките услови и прогонствата во Грција.[87] Со тоа продолжи да се намалува македонското население и македонскиот народ да трпи загуби со нова емиграција, но не кон соседното бугарско кралство, туку кон прекуокејанските земји Австралија, Америка и Канада. Со тоа останатото македонско население остана да живее, по бројност во следните кази во Егејска Македонија: во Берска каза 7.789, Воденска 14.989, Гуменџиска 8.847, Демир-Хисарска 14.561, Драмска 7.235, Ениџе-Вардарска 6.о14, Зрновска 3.555, Зјхненска 7.683, Кајларска 7.354, Костурска 29.52о, Кукушка 3.338, Леринска 43.734, Лагадинска 7.о95, Нигритска 2.187, Солунско (без град) 14.944, Солунско (со градот) 18.944, Серско 1о.7о5, Саботско 9.312 и во јужните околии 3.22о.[88]

Во периодот од 1913-1923 година, кога бројот на македонското население почна да опаѓа со емигрирањето, грчката влада истовремено водеше политика за зацрвстување на грчкиот елемент во Егејска Македонија. Со 1913 година грчката влада ја почна политиката на колонизирање во нормални политички и меѓународни услови за грчката држава. Така почна една внатрешна миграција на грчкото население од Грција кон Егејска Македонија што и претходеше на големата внатрешна грчка колонизација со население дојдено од странство што се одвиваше по Лозанскиот мировен договор (1923). Оваа грчка внатрешна коло-

низација не беше толку шумна, трагична, како надворешната грчка колонизација. Но таа се реализираше со исти цели и исти последици. Оваа грчка внатрешна колонизација за разлика од внатрешната (со население дојдено од странство) што временски беше куса (1923-1928), имаше почеток (по Букурешкиот мировен договор), но времетраењето на тој процес продолжува и ден денес. Внатрешната грчка колонизација се одвиваше под контрола на грчката држава. Таа почна по Втората балканска војна за да престане привремено во периодот на Првата светска војна (1914-1918) и да продолжи до 1923 година, кои поради големата грчка внатрешна колонизација, да ослаби нејзиниот интензитет, но без сосема да престане. Ова грчко население што ја сочинуваше внатрешната колонизација, главно потекнуваше од стара Грција и дел од патриаршиското прогрчко настроено население иселено од соседните земји (Бугарија и Југославија). Ова население потекнуваше од осум чисто грчки провинции и една негрчка (Западна Тракија) добиени од страна на грчката држава со Нејскиот мировен договор.

По територијално потекло, грчкото внатрешно колонизираро население потекнуваше од следните грчки и негрчки провинции:

Територијално потекло на грчкото колонизирано население во Егејска Македонија во периодот 1913-1928.

| Региони | Бројност | % |
|---|---|---|
| Стара Грција и Еубеа | 9.752 | 18,28 |

| Региони | Бројност | % |
|---|---|---|
| Тесалија | 11.346 | 21,26 |
| Јонските острови | 1.766 | 3,31 |
| Кикладите | 1.234 | 2,31 |
| Пелопонез | 7.727 | 14,48 |
| Епир | 6.757 | 12,66 |
| Егејските острови | 5.764 | 10,80 |
| Островот Крит | 3.360 | 6,30 |
| Западна Тракија | 5.350 | 10,03 |
| Вкупно: | 53.356 | 100%[89] |

Ова население беше колонизирано на сите осум околии во Егејска Македонија во периодот меѓу двете светски војни. Во Драмско биле колонизирани 4.830 лица, во Кавалско 7.630, во Серско4.178, во Солунско 26.324, Пела 1.554, Леринско 1.775, Халкидики 1.611 и во Света Гора 1.295.[90]

Внатрешната грчка колонизација, ако се има предвид кусиот историски период (1913-1928), доби големи размери. Според статистиката за попис на населението во Грција од 1928 година бројот на грчкото население што живееше во Егејска Македонија, но не беше родено во Егејска Македонија, изнесуваше 53.356 од целокупното население на Егејска Македонија. За да се видат размерите на внатрешната грчка миграција во Егејска Македонија, треба да спомeнеме дека српската буржоазија не постигна толку забележителни резултати и ако ги употребуваше истите методи за колонизирањето на Вардарскиот дел на Македонија.[91]

Но покрај политиката на присилно иселување, македонскиот народ остана и понатаму компакно да живее во Егејска

Македонија, давајки и македонски белег на ова јужна провинција на Македонија. Но со поразот на грчката војска во Сакарија и со склучувањето на Лозанскиот мировен договор, насилните етнички промени што почнале со балканските војни, ке добијат поголеми размери и грчката буржоазија и држава ќе постигне такви резултати во Егејска Македонија, со што ке се измени традиционално етнографско- историскиот лик и Македонија ќе престане да биде етнографски хомогена.

# ГЛАВА ТРЕТА

## ГОЛЕМАТА ГРЧКА КОЛОНИЗАЦИЈА ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1923-1928 ГОДИНА

### 1. Лозанскиот миривен договор, неговата политичка суштина и задолжителната размера на населението меѓу Грција и Турција.

По поразот во Сакарија, грчката држава беше принудена да го прифати примирието што било склучено во Муданија. Разговорите за мир меѓу двете држави, за решавањето на спорните прашања се одвивале во 1923 година во Лозана (Швајцарија). Договорот во Лозана има посебна вашност не само за Грција и Турција, но има и пошироко меѓународно значење. Во Лозана, покрај разговорите водени околу териториjалните прашања за Тракија, прашањето на заробениците, материјалната оштета, посебно место доби и проблемот за статусот на малцинствата што живееа во двете држави.

Разговорите меѓу Грција и Турција околу модалитетите за решавањето на малцинските прашања, преставуваат без сомневање еден акт без преседант во меѓународната практика. Создавањето на Версајска Европа со многу национални и територијални нерешени проблеми, со малцински прашања, ја стави конференцијата да го реши задолжително овој проблем во рамките на новосозданото Status quo во Европа. Принципот што бил прифатен за решавање на малцинските проблеми што постоеле меѓу Франција и Германија ( Алсас и Лорен), Унгарија и Романија (Трансилванија), Унгарија и Чехословачка (Карпатска Украина), Југославија и Унгарија (Војводина), Албанија и Југославија (Косово), Австрија и

Италија (Трентино-Алто Адиѓе), Бугарија и Грција (Тракија), СССР- Полска (линијата Курзон), СССР- Романија (Басарабија,Буковина), беше принципот на почитувањето и признавање на малцинските права во рамките на постојните новосоздадени држави. Исклучок од овој принцип постоеше во мировниот договор со Бугарија и Грција што го прифатија теоретски принципот на почитување на правата на малцинствата, но со можност и право на иселување врз "доброволна" основа на "Бугарите" од Македонија, Бугарите од Тракија и Грците од Бугарија. Врз едно вакво признато и легализирано право се потпиша и спогодбата Калфов-Политис за "доброволно" иселување на Македонците и Бугарите од Македонија и Тракија и Грците од Бугарија.

Во Лозана меѓутоа се создаде едно ново меѓународно правило. Општо признатиот и прифатен принцип за почитување на малцинските права во рамките на Грција и Турција бил отфрлен како неприфатлив и се прифати принципот на задолжително иселување помеѓу Грција и Турција, т.е. протерувањето на сите турски граѓани од нетурско потекло (по црковна припадност) од страна на Турција и протерувањето на сите грчки граѓани од негрчко потекло и со муслиманска црковна припадност.

Што всушност и кои се тие мотиви кои ја натераа Грција и Турција да прифатат едно вакво радикално решавање на малцинскиот проблем со протерувањето на муслиманите од Грција и христијаните од Турција? Секако и Грција и Турција си имаа свои длабоки политички и национални интереси да прифатат едно вакво решавање на малцинскиот проблем.

За да се разбере во неговата длабока суштина оваа го-

лема дипломатска игра или национална комбинација на Елефтерос Венизелос, да објасниме во прв ред зошто грчката националистички настроена буржоазија, позната по нејзиниот шовинизам и омраза спрема се што не е грчко се сложи да отстапи, со задолжителна размена на населението меѓу Грција и Турција, територии од Мала Азија на нејзиниот историски непријател. Со истерувањето на грчкото население од Мала Азија, овие територии, вклучувајки ја Смирна, Кутахија, Кидонија и со нејзината околина остануваа и како население турски. Во такви услови не само што се губеа историски и етнографски пределите од Мала Азија со регионот Смирна, Халдеа, Амасија, Ефес, Халкидонос и Киселија, туку и за секогаш го оставаше "... рането грчкото срце".[92]

Од друга страна прифаќањето на спогодбата за задолжителното иселување на христијанското и муслиманското население од Грција и Турција не е само еден природен резултат на големиот грчки пораз во Сакарија, туку и резултат на една свесна политичка анализа што ја натераа Грција да прифати нешто што во други историски околности не би прифатила за протерувањето и иселувањето на грчкото и негрчкото христијанско население од Мала Азија. Тоа што ја уплаши во голема мера и ја натера Грција да прифати во суштина турската политика, во однос на решавањето на малцинскиот проблем што постоеше меѓу двете непријателски држави, беше и духот на Кемаловата ослободителна војна што за турските прилики заигра улога на вистинска национална и социјална револуција. " Веќе сега националната идеја, пишува историчарот Екрем Мехмед Али, го опфати и Анадолскиот селанец од најдалечното село, кој почна да чувствува дека него-

виот национален опстанок е загрозен. Спасот се наоѓаше во националното движење..."[93] Овие потреби на младата турска буржоазија, интелигенцијата и турското селанско добро ги сфати Кемал Мустафа и се стави на чело на ова турско национално-ослободително дело. "Мустафа Кемал, пишува Своронос, уште во јуни 1919 година го осуди царското правителство во Истамбул и ја објави Националната Револуција."[94] Ако до Ататурк постоеше девизот ислам-држава, после револуцијата на Кемал Мустафа се роди една нова парола нација- држава што извираше од најсуштинските интереси на турската нација и ги гарантираше интересите на турската буржоазија, турската нација и држава и истовремено се стави како основен филозофски принцип во темелот на новоизградената државна структура.

Новиот дух на турската револуција- нација- држава и нејзиниот неминовен објективен развиток по економски, социјален и културен план беше тоа што во големе мера ја натера Грција да го прифати грчкото и негрчкото христијанско население од Турција во рамките на грчката држава и да го спаси така од неминовната и обиективна асимилација од страна на турскиот елемент, веќе национално разбуден врз антигрчка основа. Турција не сакаше веќе да биде и понатаму "... една мешавина на нации... и таа сакаше да биде една турска нација".[95]

Од друга страна грчката држава беше многу загрижена за етнографската состојба во Егејска Македонија. Тука и покрај "доброволната" размена со Бугарија, постоеле уште 24о.ооо Македонци, 314.854 Турци, 68.2о6 Евреи, 25.3о2 Роми, 44.414 Власи, 15.1о8 Албанци, што допринесуваше Егејска Македонија да нема грчки карактер. Со губењето на Мала Азија и со прифаќањето

на христијанско население од таму и истовремено со истерувањето на муслиманското население од Егејска Македонија и колонизирањето на бегалскиот христијански елемент во Егејска Македонија, оваа провинција не само територијално, туку и национално (по структура на населението) стануваше грчко. Со прифаќањето на христијанското население од Турција и неговото колонизирање во Егејска Македонија, грчката буржоазија сакаше да и стави крај на дамнешниот историски развиток на македонскиот народ во Егејска Македонија и со колонизирањето на христијанското население, да почне еден нов, во суштина променет развиток на новиот грчки и негрчки елемент, кој со своите нови традиции и навики да ги смени македонските традиции, македонските културни навики и особини и Егејска Македонија да прими во сите нејзини белези етнографски, антропоморфни, и топонимни), грчки карактер. Со тоа се отстрануваше во суштина и македонското национално прашање во Егејска Македонија. Добро знаеше и преставникот на грчката буржоазија, Елефтерос Венизелос, дека македонското национално прашање ќе постои дотогаш до кога во Егејска Македонија постои македонско население. Овој историски сведок, македонскиот народ требаше да биде отстранет и притиснат со масовно внатрешна колонизација и со неговото физичко отстранување се отстрануваше заедно со народот, и прашањето сврзано со судбината на тој народ.

Но и Турција си ги имаше нејзините политички сметки. Постоењето во Турција на 1.694.000[96] христијанско нетурско население за турската држава преставуваше сериозен внатрешен и меѓународен проблем.[97] Ова христијанско население од Мала

Азија секогаш беше искористено, како и во Македонија со"поробените христијански браќа", да се оправдаат мешањата и територијалните претензии врз турската територија од страна на малата но со големи апетити Грција. " Не се откажувам да иснесам, велеше Елефтерос Венизелос во Парис во текот на мировниот договор со Турција, уште еден аргумент што сериозно пледира за анексувањето на Мала Азија од страна на Грција. Се милионот Грци што живејат таму..."[98]. Преку ова население шефот на грчката влада ги оправдуваше претензите спрема западните делови на Турција. "Никогаш, како што забележува рускиот историчар А.Д.Новичев, на турскиот народ не им се закануваше една таква опасност..."[99], за нејзиниот интегритет и национален опстанок. Од турската држава, врз основа на грчкото население што живееше таму се бараше една територија од 15о.ооо км$^2$, тоа е територија што беше поголеме од самата Грција, или колку изнесуваше цела Бугарија, зашто претседателот на грчката влада,Елефтерос Венизелос,беше решен ..." да ја искористи максимално победата ..." и"... да создаде од Егејското Море "Грчко Море" и од Грција да создаде држава "... на два континента и со пет мориња."[100] Турција истовремено не можеше да го заборави традиционалното антитурско расположение на ова грчко население од Мала Азија во текот на вековите и особено во периодот 1919-1922 година. Кога Турција водеше вистинска војна за национален и територијален опстанок, грчкото население од Мала Азија ги пречекуваше грчките војски со цвеќиња и икони. Турската влада пред почетокот на Првата светска војна, свесна за опасноста за постоењето на нејзината територија на едно огромно нетурско

население, сакаше да го реши ова прашање врз принципот на размена. Тогашниот турски амбасадор во Атина Гали Кемал, и предложи на грчката влада за размена на Грците од Источна Тракија со Турците од Македонија.[101] Но не се постигна спогодба во тој однос. Првата светска војна беше една ретка историска шанса за Грција да го добие не само населението туку и земјата на која живееше тоа население: Источна Тракија и скоро целиот брег на Мала Азија со центар на Смирна. Овие претензии на грчката држава не биле како погрешно се смета само желба на грчката буржоазија, туку за потребата за едно вакво грчко национално проширување биле заинтересирани сите слоеви на грчкото население. Селските маси од Епир, Тесалија, Стара Грција, Пелопонез, Крит и островите длабоко биле убедени за грчкиот карактер на Мала Азија. Ова чувство и приврзаност кон "големата идеја" не им биле туѓи ни на грчкото христијанско население од Мала Азија. По неговото потекло, култура, јазик, тие сентиментално биле поврзани со идејата за создавање на Голема Грција, што ќе ги опфаќаше Мала Азија од реката Мендерес кон Север до градот Едреник и длабоко кон Запад со градовите Измир, Атдин и Маниса, Источна Тракија со Едрене, Галиполскиот Полуостров со островот Имброс, Западна Тракија, Егејска Македонија (со проширувања кон север до Прилеп), Јужна Албанија или таканаречен Северен Епир со регионот Аргирокастро, островите и големиот медитерански остров Кипар. Прогрчката активност на грчкото население од Мала Азија му претходеше на Парисските мировни договори. Антитурската активност на ова население зеде поголеми размери во времето кога се држеше во Парис разго-

вори за склучувањето на миривните договори. Ова население, преку неговите преставници, праќа петиции до големите сили и бара отцепување од турската држава. "Ние дојдовме да ви бараме, пишуваа тие во една петиција, човечки права за да можеме да се ослободиме од турската варварска администрација. Дајте ни автономија, меѓународно гарантирана или друга држава за целиот дел од Мала Азија каде доминира грчкиот елемент, доминација што англиската дипломатија веќе ја призна во февруари 1915 година, пред да му вети на Венизелос големи територијални отстапувања во Мала Азија".[102]

Грчкото население од Мала Азија бараше повеќе територијални отстапувања од турската држава отколку бараше самата грчка држава. Големите сили и признаа на Грција големи територии во Западниот дел на Турција, но грчкото население од Анадолија во 1919 година, месец јануари, создаде "еден „Анадолски комитет" од седум члена на чело со Софокле Худивердоглу што бараа од големите сили присутни во Париската мировна конференција да ги заштити со државност.

Затоа, во Лозана, турската делегација предводена од Исмет паша, близок соработник на Кемал Мустафа, се стремеше не само да го постигне добивањето на Источна Тракија до реката Марица, изгубено според договорот од Sevres и Лондонскиот мировен договор, туку да ја принуди Грција да го прифати христијанското грчко и негрчко население легално како резултат на една меѓународна спогодба и со сите атрибути на една меѓународна моралност.

"Претпочитаме да бидеме оштетени 30% или 50% ако

е потребно, велеше во Лозана еден турски претставник, одошто да имаме кај нас странци и непријатели".[103] Самиот Кемал Мустафа ги следеше со големо внимание договорите во Лозана и посебно бараше преку преставникот на турската делегација Исмет паша да се решат не само проблемите создадени со новата ситуација по... Сакарија, туку со оваа прилика да се отстранат и ликвидираат вековните тешкотии на Турција. "Во Лозана, пишувал Кемал Ататурк за овој мировен договор, биле ископани вековни... сметки ...и за да обезбедиме една реална независност на нашата нација и држава, ќе мора да ги решиме овие сплеткани проблеми".[104] И така со предлогот на Елефтерос Венизелос и со согласноста на Кемал Мустафа, кој бараше внатрешна единство, тоа е држава со еден народ и една нација, спогодбата во Лозана донесе " un inovation extraordinair "[105]. Турција го искористи максимално овој историски миг и во Лозана турската делегација, како победничка, си ги наметна своите погледи во однос на територијалните и малцинските прашања. Генералот Мазаракис, член на грчката делегација во Лозана, вака ја карактеризира активноста на Турција. "Исмет паша, пишува тој, беше човекот не денот".[106] Самиот Е.Венизелос го потврдува тоа во телеграмата што му ја прати на генерал Пластирас, карактеризирајки го овој историски договор како голем дипломатски пораз за Грција.

Со Лозана , Турција во таква висока форма си ги заштити интересите и постигна таква политичка и територијална корист што весникот Adevarul пишувал дека овој договор треба да биде "... пишан со златни букви..." во турската историја.[107]

Меѓународната политичка ситуација на Балканот и пошироко играше не мала улога врз ставот на грчката држава за решавањето на малцинскиот проблем со Турција. Букурешкиот мировен договор и поделбата на Македонија ги заостри и така непријателските односи на Балканот и создаде еден опасен Cassus belli . Стабилноста и безбедноста на Грција на Балканот беше од првостепено значење за грчките политички фактори. После поразот во Лозана и губењето на негрчките национални територии од линијата Мидија- Енос и Мала Азија со Смирна и околината, сепак Грција територијално двојно се прошири со окупирањето исто така на негрчки национални територии како Егејска Македонија, Западна Тракија до реката Марица. За Грција губењето на териториите од Мала Азија и не значеше и губење на територии и делови од нејзината национална територија. Елефтерос Венизелос добро го процени историскиот момент и бараше смирување на односите со нејзиниот традиционално непријателски сосед, Турција.

Со постоењето на големото грчко малцинство во новата турска држава секако ке носеше тешки политички кризи и ке ги оптоваруваше сериозно односите меѓу двете земји. Ова недоразбирање лесно можеше да го искористи бугарското кралство со едно турско зближување (врз основа на нерешениот грчки-турски малцински проблем) што ке преставуваше една голема опасност за Грција и општо за тешко создадениот балкански Status quo.

Чисти односи со Турција, без длабоки нерешени територијални и малцински прашања, ке ја оддалечуваше Турција од едно политичко зближување со активно ревизионистичко бугар-

ско кралство и турско-бугарските недоразбирања избиваа во прв план (малцински) и овозможуваа врз една ваква основа на грчко-турско зближување и сигурна доминација од страна на грчката држава врз Егејска Македонија.

Со решавањето на малцинскиот проблем од страна на Грција се соочува само со една надворешна, реална и активна опасност. тоа е бугарскиот ревизионизам во однос на Западна Тракија за излез, преку Кавала, на Егејско Море. Ова јасно го изнесе Венизелос пред познатиот француски политичар Едуард Хериот, по повод неговата посета на Франција во 1934 година: "Се смиривме со Турција, велеше Венизелос, за да имаме еден траен и искрен мир"[108]

Ставот на другите балкански држави во однос на решавањето на малцинското прашање меѓу Грција и Турција произлегуваше од сопствените национални и државни интереси. Од една страна Романија, со нејзиното територијално проширување (Трансилванија, Јужна Добруџа, Бесарабија, Буковина), создаде таканаречена "Голема Романија" и беше живо заинтересирана да се сочува мирот во Балканот и неговите преставници во Лозана имаа задача романската политика да биде насочена во правец на ослабување на нејзиниот јужен сосед, Бугарија, да не се дозволи никакво територијално проширување на оваа држава за сметка на грчко поразеното кралство. За Романија, за кралството СХС, задолжително сменување на населението меѓу Грција и Турција носеше во себе зближување меѓу двете држави и создаваше можности за политичка соработка меѓу Грција и Турција што беше во интерес и на романската и на југословенската балканска политика.Со тоа бугарското кралство станувавше поразумно во неговите барања во однос на Југославија

(Вардарска Македонија, делови од Србија) и Романија (Јужна Добруџа или Кадрилатер) и истовремено слабееше и унгарскиот ревизионизам во однос на Романија (Трансилванија) и Југославија (Војводина) со што нејзиниот природен сојузник Бугарија слабееше чувствително. За кралството СХС задолжителното иселување на населението меѓу Грција и Турција не ја менуваше de facto состојбата на Балканот и не ја ставаше под прашање моралноста на Букурешкиот мировен договор и со настанувањето на 1.159.311[109] бегалско христијанско население од Европа и Мала Азија во Грција се засилуваше поразената Грција како гарант на Букурешкиот и Версајскиот мировен договор и како природен сојузник на кралството СХС. Грција, со прифаќањето на бегалското население, се засилуваше визави Бугарија, а кралството СХС можеше да се посвети пословодно и поцврсто спрема нејзиниот западен сосед Италија- сојузник на Бугарија и со традиционално антијугословенска политика.

Ако скоро сите балкански држави постигнаа со Лозанскиот мировен договор и со задолжителната размена на населението меѓу Грција и Турција, еден политички успех (исклучок Бугарија),единствано македонскиот народ реално падна жртва на овие меѓународни комбинации и договори. Со тоа започнува задолжителното иселување на христијанското население од Турција кон Грција и муслиманското население од Грција за Турција со што македонскиот народ добива еден силен удар во неговите најсуштински национални интереси.

## 2. Колонизирањето на христијанското население во Егејска Македонија во периодот од 1923-1928 г.

~~(надворешна колонизација)~~

По поразот во Сакарија и беше ставено крај на грчката голема идаја за кралство држава на три мориња и после големата малоазиска катастрофа го принудија Елефтерос Венизелос да обедини не територии, туку " les hommes ".[110]

Според договорот во Лозана од 1923 година меѓу Кемалистичка Турција и поразената Грција, се предвидуваше задолжителната размена на христијанското население од Турција (Турци по националност а христијани по вера, Грци по националност-христијани по вера, Ерменци по националност -христијани по вера, Курди и др.) и муслиманското население од Грција (Турци по националност а муслимани по вера, Албанци по националност,а муслимани по вера, Помаци-Македонци по националност а муслимани по вера). Значи размената се вршеше не врз база на националната припадност (потекло, јазик, обичаи), туку врз основа на верската припадност што не може да биде мотив за национално определување и да биде и појдовна основа за меѓународни спогодби и договори.

Со иселувањето на христијанското население од Турција и муслиманското население од Грција, како добро констатираат членовите на Друштвото на Народите за колонизирањето на христијанскиот елемент во Грција, "... претставува една голема новина во историјата ..., еден настан без преседан во историјата на миграцијата на народите".[111]

И така врз основа на црковната припадност, тоа е на надворешното и несекогаш реалното манифестирано национално

чувство, почна процесот на иселување на муслиманите со различна национална припадност од Грција кон Турција и на христијаните исто така со различно национално потекло и многу од нив со уште неразвиени и некристализирани национални чувства и свест од Турција кон Грција.

Муслиманското население што живееше во Егејска Македонија не беше создадено единствено од Турци (по националност и вера), туку кон оваа етничка група, врз основа на црковната свест и задолжителната размена меѓу Грција и Турција, ќе биде принудена да се исели и македонското, албанското и друго муслиманско население со муслиманска црковна припадност. Турското население што живееше во Егејска Македонија, според Васил К нчов, изнесуваше 295.932 и главно биле население во Централна, Источна и помал број во југоисточна Егејска Македонија. По кази ова население главно живееше во Солунска каза (37.978), Берска каза (7.3оо), Еница Вардарска (9.485), Воденска (8.о98), Дојранска (17.492), Кукушка (19.928), Лагадинска (2о.о81), Касандра(4.о83) Серска (28.22о), Зихна (6.26о), Демир Хисарска (14.62о), Драмска (26.45о), Кавалска (12.37о),Сари -Шабанска (18.586), Леринска (11.41о), Костурска (3.925), Кајларска (27.155), Гребенска (5оо) Кожанска (14.531)[112]. Но со соодветниот прираст на населението во периодот 19оо-1913 година турското население изнесуваше околу 3оо.ооо пред почетокот на самото иселување од Грција. Најмногубројното турско население живееше во Источна Егејска Македонија (113.853), во Централна Егејска Македонија (118.599), иЈугозападната Егејска Македонија (57.521). Турското население, како по број и во споредба со другите малцинства што живееле во Егеј

ка Македонија (Власи, Грци, и др.), го земаше прво место веднаш по основниот елемент во Македонија односно Ееејска Македонија- македонската народност.

Според Лозанскиот мирован договор за задолжително иселување, турското и муслиманското население замина за Турција. Исклучок правеа Турците од Западна Тракија и Грците кои живееле во Истанбул пред месец октомври 1918 година. Според комисијата на Друштвото на народите за сместување на христијанскиот елемент во Грција во периодот 1923-1928 година, од Грција се иселиле за Турција 350.000 муслимани.[113] Оваа бројка изгледа реална ако се има предвид фактот дека покрај турското муслиманско население (293.932), врз основа на муслиманска црковна припадност се иселиле и македонските муслимани (40.802), албанско (6.014) и дел од черкезкото муслиманско население (2.100). Ова целокупно население од 348.916 со муслиманска црковна припадност, но не сите и со турско национално потекло и свест, беше принудено да се исели во Турција. Со заминувањето на муслиманското население требаше да се ослободи простор за новото уселување на христијаните што доаѓаа од Турција и требаше да бидат колонизирани во местото на иселените муслимани. Во местото на иселеното муслиманско население (Турци, Македонски муслимани, Албанци и Черкези) и македонското немуслиманско население што се исели во кралството Бугарија врз основа "доброволното" иселување помеѓу Грција и Бугарија, во Егејска Македонија и Грција беше населено бегалското христијанско население протерано од Турција по силата на Лозанската спогодба за задолжително иселување на непожелното

население за двете соседни држави.

По потпишувањето на Лозанскиот мировен договор, почна миграцијата на 1.4оо.ооо[114] христијанско население од Турција кон Грција за да биде колонизирано главно во новите територии Македонија и Западна Тракија, што биле добиени од страна на грчката држава по Балканските и Првата светска војна. Дел од христијанското бегалско население што ќе биде настанато во Грција ќе емигрира во Америка, Египет и Советскиот Сојуз. Ова ново иселување на околу 2оо.ооо луѓе се одвивало во периодот 1923-1928 година и иселувањето од Грција не беше од политичка, туку од економска и психолошка природа и дел од ова население се засолни кај неговите роднини и семејства во САД, Египет и околу 9.ооо ерменско население дојдено во Грција по Малоазиската катастрофа, се исели во Ерменската Советска Република.[115] Но изледа дека во странство се иселиле повеќе од 2оо.ооо лица. Според пописот од 1928 година, извршен по големите перипетии на грчката држава и големите миграциони движења, во Грција се иселиле и останале да бидат колонизирани 1.159.311 лица.[116] Ова огромно бегалско население не го опфаќа само христијанското население протерано од Турција по Лозана, туку и грчкото население дојдено во Грција од ширум светот. Грчката влада разви широка политичка активност за враќање на Грците во татковината. Голем број Грци или нивните потомци, врз основа на правото на ius saquinis и што живееле вон границите на Грција, се вратиле во грчкото кралство. Врз таа основа во Грција дојде и население од грчко и негрчко потекло што живееше во Европа, Америка, Азија, Африка, Оке-

јанија (Австралија ).

Интензитетот на ова огромно бегалско население дојдено во Грција, беше различен од регион на регион. Колонизацијата беше помасовна и поинтензивна кај новите територии (Македонија и Западна Тракија) и со помал интензитет во Стара Грција, Еубеја, Тесалија, Епир и тн. Имаше територии, како Хиос, Митилини, Крф (Корфу), Самотраке, Имброс, што не се изврши не само никаква колонизација (селска или градска), туку неговото население беше неприсушен извор на внатрешната емиграција кон Егејска Македонија и Западна Тракија.

Грчката влада, со финансиска и морална подршка на Друштвото на народите, вака го распредели бегалското население по територијата на Грција:

Бегалско Население колонизирано во Грција

во периодот 1923-1928 година

| Околии | Бројност | % |
|---|---|---|
| 1. Егејска Македонија | 565.143 | 48,75 |
| 2. Западна Тракија | 100.485 | 8,67 |
| 3. Стара Грција и Еубеја | 317.188 | 27,36 |
| 4. Тесалија | 36.427 | 3,14 |
| 5. Пелопонез | 32.873 | 2,84 |
| 6. Крит | 32.411 | 2,80 |
| 7. Епир | 10.348 | 0,89 |
| 8. Кикладите | 6.697 | 8,58 |
| 9. Јонските Острови | 6.189 | 0,53 |
| 10. Егејските Острови | 51.550 | 4,45 |
| Вкупно: | 1.159.311 | 100% |

117.

Егејска Македонија, како и Западна Тракија, зеде посебно место и беше главен регион на колонизирање од страна на грчката држава. Тука биле колонизирани 565.143 лица или 48,75% од целокупното бегалско христијанско население. Ова население колонизирано во Егејска Македонија беше различно по националната структура и територијалното потекло. Тие потекнуваа од 57 држави и 5 континенти. Бегалците колонизирани во Егејска Македонија од европско потекло потекнуваа од 28 европски земји[118] и нејзината бројност изнесуваше 210.332 лица разновидни по национална припадност. Бегалците од азиското територијално потекло потекнуваат од 11 азиски земји и нивната бројност изнесуваше 353.652 лица. Како и бегалците од европско потекло што не биле сите Грци, истата национална разновидност се констатира во позабележителна форма кај христијанското население дојдено во Грција од Мала Азија. Ако европските иселеници главно биле Грци со мали исклучоци на иселеното население што потекнуваше од Бугарија и Југославија, бегалското христијанско население дојдено од Азија беше многу по разновидно по потекло, начин на живеење и обединето и дојдено во Грција единствено врз основа на црковна припадност или принудено врз национална основа (Ерменците) да емигрират од Турција кон нематична држава и земја.

Грчкото население од територијално афричко потекло беше помалубројно и неговата бројност изнесуваше 483 лица. Тие потекнуваа од 9 африкански држави. Главно биле грчко население што се враќа во Грција врз основа на свесна грчка национална свест и со желба за подобра иднина во "новите тери-

тории". Од Америка се иселиле мал број Грци. Тие потекнуваа од 8 држави на Американскиот континент. Нивната бројност изнесуваше 567 лица. најмалкубројни биле иселениците дојдени од Австралија. Новниот број изнесуваше 3 лица.[119]

За колонизирањето на бегалското христијанско население, грчката држава создаде една Главна Дирекција за колонизирање ( ЕПА). Главната дирекција за колонизирање формира истовремено три главни секции за колонизирање: Секција за колонизирање на Источна (Серско, Драмско, Кавалско), Централна (Солунско, Пела, Халкидики), и Западна Егејска Македонија (Костурско, Леринско, Кожанско). На чело на секоја секција за колонизирање беше поставен по еден специалист(агроном Секоја регионална секција (Источна, Централна и Западна) отвараше во нејзината територија 4о помали земјоделски секции за колонизирање. Во целиот период на колонизирање и за потребите на ово колонизирање во цела Егејска Македонија биле отворени 12о секции за колонизирање. На чело на секоја секција за колонизирање исто така беше поставен еден агроном кој ја управуваше колонизацијата и ја остваруваше во практика. Агрономот беше помогнуван од 25 земјоделски контролори што имаа должност да информират за можностите и условите за колонизирање ( квантитетот и бонитетот на земјата, влажноста на земјата, постоењето на вода) итн.

Така христијанскиот бегалски елемент различен по професија и национална припадност, беше брзо и главно колонизиран во Егејска Македонија. Друштвото на народите, преку комисијата за колонизирање на бегалскиот елемент во Грци-

ја ги зеде сите потребни мерки за побрза колонизација на ова население за да се избегне хаосот, анархијата и политичката нестабилност во и така нестабилна Грција. Ова население беше колонизирано по околии и бројност, на следниот начин во територијата на Егејска Македонија:

Колонизирано бегалско население во Егејска Македонија во периодот 1923-1928 година

| Околии | Бројност | % |
|---|---|---|
| 1. Драмска | 66.1o4 | 11,7o |
| 2. Кавалска | 66.299 | 11,73 |
| 3. Серска | 71.694 | 12,69 |
| 4. Солунска | 234.2o3 | 41,44 |
| 5. Пела | 45.683 | 8,o8 |
| 6. Кожанска | 42.5o4 | 7,52 |
| 7. Леринска | 19.154 | 3,39 |
| 8. Халкидиска | 16.848 | 2,98 |
| 9. Света Гора | 2.654 | o,47 |
| Вкупно: | 565.143 | 1oo% [12o] |

Големото мнозинство на бегалското христијанско население беше колонизирано по селата ширум Егејска Македонија создавајки таканаречена селска или земјоделска колонизација, а другите ке бидат колонизирани по градовите Солун, Кавала, Драма, итн. создавајки таканаречена градска колонизација.

## 3. Колонизацијата на село во Егејска Македонија во периодот 1923-1928 година

Селската или земјоделската колонизација беше најмасовна и го опфати најголемиот дел на бегалското христијан-

ско население. Во целата територија на Грција биле колонизирани 147.249 семејства. Од овие 116.4о3 земјоделски семејства биле колонизирани во Егејска Македонија и само 3о.846 во друга територија на грчката држава.[121] Селските колонисти потекнуваат од разни територии и имаат различни афинитети спрема земјата што ја добиваат. Според територијалното потекло што кај едни има и симбол на национално потекло, земјоделските семејства што биле колонизирани во Егејска Македонија потекнуваат од следните региони:

Територијалното потекло на земјоделското население колонизирано во периодот 1923-1928 година

| територијално потекло | Бројност-семејства | % |
|---|---|---|
| 1. Мала Азија(Турција) | 23.254 | 19,98 |
| 2. Источна Тракија(Турција) | 29.616 | 25,44 |
| 3. Понт (Турција) | 36.6о5 | 31,45 |
| 4. Кавказ (СССР) | 9.826 | 8,44 |
| 5. Бугарија | 6.244 | 5,36 |
| 6. Различно потекло (Албанија Југославија) | 859 | о,74 |
| Вкупно; | 116.4о4 | 1оо% [122] |

Подоцнешните податоци на грчката комисија за настанување и колонизирање на христијанскиот селски елемент во Грција (ЕПА) сметал дека, по територијално потекло биле колонизирани во Егејска Македонија следниот број земјоделски семејства:

| Територијално потекло | Бројност семејства | % |
|---|---|---|
| 1. Мала Азија (Турција) | 31.449 | 28,05 |
| 2. Понт (Турција) | 35.536 | 31,70 |
| 3. Источна Тракија(Турција) | 28.781 | 25,67 |
| 4. Кавказ (СССР) | 9.146 | 8,16 |
| 5. Бугарија | 6.431 | 5,74 |
| 6. Разно потекло(Албанија, Југославија) | 768 | 0,69 |
| Вкупно: | 112.111,лица 427.297 | 100% [123] |

Податоците се симболично различни. Според податоците на Друштвото на народите, во Егејска Македонија биле колонизирани 116.403 зејоделски семејства со 430.295 члена и ЕПА како крајни резултати смета дека во Егејска Македонија биле колонизирани 112.111 земјоделски семејства со 427.297 лица.[124] Податоците на ЕПА може да ги сметаме за веродостојни зашто дел од земјоделските колонии непреживеја поради комитската активност. Населението колонизирано по селета добиваше земја. Земјата што ја добиваа имаше различно потекло. Уште во 1913 година кога грчката влада ја анектира Егејска Македонија,се забрани законски било какво продавање на земјиштето во новодобиените територии. Таа законска забрана траеше до 12 мај 1926 година. По Женевскиот протокол, Грција се обврзуваше, според точка 2 од Протоколот да обезбеди и гарантира 500.000 хектари или 5.000.00 стремата-земја. Овие обврски грчката влада ги исполни и му стави, со законот од 22 мај 1926 година, на Комисијата на Друштвото на народите за колонизација на грчкиот елемент на распола-

гање 7.356.735 стремата за целата територија на Грција.[125] Во Егејска Македонија грчката влада обезбеди за земјоделскиот христијански елемент 5.629.222 стремата од кои 3.676.265 биле плодни и 1.952.254 биле неплодни земјишта.[126] Ова земјиште наменето за колонизирање на селскиот елемент во Егејска Македонија имаше различно потекло. Тоа потекнуваше од експропријација и рекизиција (478.530 стремата), земјиште оставено од иселените Турци, Македонци и Албанци (4.388.106 стремата),државни земји(457.923 стремата), земја добиена со исушувањето на езерата Аматово и Ардијан (131.850 стремата) и друго земјиште од различно потекло (160.740 стремата).[127]

Висината на земјата што ја добиваа колонистите зависеше од бројот на семејството и бонитетот на земјата. Каде бонитетот беше по добар, површината беше помала. Таму каде што земјата имаше висок бонитет се добиваше 15 стремата, но во просек секое семејство добиваше по 25 или 60 стремата, тоа е 2,5 хектари или 6 хектари замја. За лозарите површината на земјата беше помала. Во просек добиваа 15-30 стремата[128], а тутунопроизводителите 20 стремата или 2 хектари земјиште по глава на семејство. Исто така приходите, во зависност од бонитетот и афинитетот на колонистот, беа различни. Но како главно колонистите што биле сметани како Грци, биле фаворизирани во однос на домородното население (Македонци, Власи и др.) и добиваа земја со најдобар бонитет, имаа и добри приходи. Нивните приходи се движеа од 35.000 до 80.000 драхми.[129] Ако се има предвид вредноста на драхмата во тој период, овие приходи не се мали. Затоа не ретки се недоразбирањата меѓу домородното население и бегалс-

кото колонизирано население што беше подржано од страна на грчките власти. Затоа во текот на распределбата на земјата меѓу домородното земјоделско население и новодојденото христијанско население ке има тешки судири околу земјата и поделбата на земјата, Покрај земја, селската христијанска маса го добиваше и потребниот земјоделски инвентар. Колонистите добиле 65.347 животни за влечење, 28.555 овци и коњи, 16.275 коли и 1о9.178 разни други земјоделски алати.[13о]

Целокупното земјоделско население беше колонизирано во 1.219 населени места[131] и тоа на следниот начин:

Колонизирано население по селата во Егејска Македонија во периодот 1923-1928 година

| Околии | Број на населени места (села) |
|---|---|
| 1. Кожанска | 168 |
| 2. Леринска | 67 |
| 3. Воденска | 23о |
| 4. Солунска | 329 |
| 5. Серска | 225 |
| 6. Драмска | 2о6 |
| Вкупно: | 1.219 |

Секоја околија од Егејска Македонија доби по селата земјоделско население. Од вкупно 1.219 населени места, што примија земјоделско население, најмногубројни земјоделски семејства биле колонизирани во Централна Македонија (559 населени места), во Источна Македонија 431 населени места и најмалкубројно биле колонизирани во Западна Егејска Македонија.Тука биле колонизирани зем-

јоделските колонисти во 235 населени места.[132]

Со колонизирањето на бегалско-христијанскиот елемент не се замаше предвид неговата професионална структура што секако ке играше големо влијание врз општиот економски развој на Егејска Македонија. Иако мнозинството од бегалците не биле земјоделци, сепак големото мнозинство беше колонизирано токму во селата и беше принудено да се занимава со земјоделие, лозарство, сточарство и тн. Според новите професии бегалското население во Егејска Македонија беше главно земјоделско. Скоро 189.458 од активното работоспособно бегалско население се бевеше со земјоделието и сточарството.[133] Главно бегалскиот селски колонизиран елемент и се посвети на одгледувањето на житарици. Вкупно 82.679 семејства се бавеа со земјоделието и издрживаа 343.000 лица. Селското земјоделско население во Источна Македонија (Драма, Кавала, Серес) му се посвети на производството на тутун. Во Источна Македонија биле колонизирани вкупно 15.561 семејства што се бави со тутунопроизводството и како центар на тутунопроизводството стана околијата Драма, каде биле колонизирани 9.653 тутунопроизводителни семејства.[134] Помал број од селскоата колонизирано население се бавеше со лозарство (3.885), сточарство(3.009) и овоштарството (86).[135] Со тоа бегалското селско колонизирано население што се бавеше со земјоделието изнесуваше во 1927 година 102.211 луге што претставуваше голема, но недоволно квалификувана земјоделска сила. Со тоа Егејска Македонија и во селата добива немакедонски карактер и со колонизирањето на земјоделско-христијанскиот бегалски елемент се зацврстува грчкиот и грчко ориентираниот селски елемент.

## 4. Градска колонизација во Егејска Македонија во периодот 1923-1928

Градската колонизација не зеде толку големи размери како селската колонизација. Градското бегалско население беше колонизирано од страна на грчката држава преку ЕПА (комисија за колонизирање на бегалците) и од страна на Друштвото на народите преку создадената комисија за колонизација на грчкиот елемент. Во Грција во периодот од Лозанскиот мировен договор 1923 година) и до 1928 година биле колонизирани вкупно 157.699 семејства, од кои 41.226 христијанско бегалски семејства со 152.989 колонизирани во Егејска Македонија.

Бегалско градско население беше колонизирано во следните околии во Егејска Македонија по бројност и број на семејства.

Градска колонизација во Егејска Македонија во периодот 1923-1928 година

| Околии | Семејства | Лица | % |
|---|---|---|---|
| 1. Солунска | 26.874 | 99.937 | 65,32 |
| 2. Серска | 2.1o4 | 7.627 | 4,97 |
| 3. Драмска | 3.862 | 14.374 | 9,3o |
| 4. Кавалска | 5.976 | 22.446 | 14,67 |
| 5. Пела | 1.933 | 7.556 | 4,93 |
| 6. Леринска | 323 | 1.3o7 | o,85 |
| 7. Кожанска | 224 | 752 | o,49 |
| Вкупно: | 41.296 | 152.989 | % [136] |

Во Македонија бегалското градско население беше колонизирано во градовите Драма, Кавала, Серес, Солун, Воден, Лагада, Кукуш и Верија .[137] Градските колонисти биле настанати во куќите што останале по иселувањето на турското и македонското население. Истовремено за нив биле подигнати во Егејска Македонија 22.337 куќи од страна на грчката држава и Друштвото на народите.[138] Само во Солун во првиот период биле веднаш колонизирани 12.000 семејства во 4.000 куќи останати по иселувањето на турското и македонското население. Грчката држава главно подигна градски населби во Кавала,Прави, Драма, Серес, Солун и Воден, а Друшвото на народите исто така во Кавала, Серес, населби помеѓу Солун и Катерини, Лагада, Кукуш, Верија и Воден.[139]

По професии градското колонизирано население беше исто така различно како што беше различно и по неговата национална структура. Повеќе од 25% од ова население биле без една точна професија и живееле од ден на ден. Тие немаа посебни квалификации. Тие создадоа една работна резервна сила и ќе бидат вработени во индустријата, во рудниците и во сообраќајот како неквалификувана работна рака. Нивниот број изнесуваше околу 5о.352 лица[140]. Тие преставуваа 18,99% од целокупната работноспособна рака меѓу бегалскиот христијански градски елемент. Еден помал број од бегалскиот христијански елемент што бил колонизиран по градовите ке се бави со трговија и банкарство. Нивниот број изнесуваше 14.918 или 5,63% од бегалското население,1о.383 или 3,9% ке се бави со слободни професии и 11.оо4 ке се бават и ке бидат вработени како чиновници и обични сезонски работници.[141]

Ова бегалско население, пролетерско по имот, во разлика од селското колонизирано население, ке биде вистинска политичка резерва за Комунистичката Партија на Грција и ке го преставува најпрогресивниот дел од бегалското христијанско население, ке се залага искрено за политиката на КПГ за Обединета и Независна Македонија и ке ја подржува борбата на македонскиот народ за неговото национално и социјално ослободување.

Во такви услови, во Егејска Македонија, биле колонизирани вкупно 565.143 лица што ја сочинуваа селската и градската колонизација. Но покрај ова внатрешна колонизација со надворешно колонизирано население, истовремено се одвиваше и внатрешната колонизација со население дојдено од Грција. Во периодот 1913-1928 година, како резултат на внатрешната грчка колонизација (со внатрешно и надворешно население), во Егејска Македонија биле вкупно колонизирани 618.356 лица и тоа на следниот начин:

Колонизирано население во Егејска Македонија во периодот 1913-1928 година

| Околии | Население дојдено од странство | Население дојдено од Грција | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1. Драмска | 66.104 | 4.830 | 70.934 |
| 2. Кавалска | 66.299 | 7.630 | 73.929 |
| 3. Серска | 71.694 | 4.178 | 75.872 |
| 4. Солунска | 234.203 | 26.324 | 260.527 |
| 5. Пела | 45.683 | 1.554 | 47.237 |
| 6. Леринска | 19.154 | 1.775 | 20.929 |

| Околии | Население дојдено од странство | Население дојдено од Грција | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 7.Халкидиска | 16.848 | 1.611 | 18.459 |
| 8.Света Гора | 2.654 | 1.295 | 3.949 |
| вкупно: | 565.143 | 53.356 | 618.449 |

Ово колонизирано население претставуваше 43,7о% од целокупното население што живееше во Егејска Македонија и што било создадено од Македонци, Грци(домородци), Власи и тн. Со тоа Егејска Македонија етнографски стана вистинско шаренило и го изгуби нејзиниот македонски национален карактер.

## 5. Финансиските потреби на грчката колонизација

Големата грчка христијанска колонизација секако се одвиваше по желба и контрола на грчката држава и поради нејзиниот масовен карактер, биле потребни големи финансиски средства. Голема улога за собирање на парични средства имаше и познатиот научник и истражувач Ф.Нансен.[141a] Тој апелираше до светската јавност за финансиска помош за настраданото христијанско и муслиманско население од Грција и Турција. Со овој апел Нансен беше во состојба да собере 38.ооо фунти стерлинзи.[142] Овие средства биле искористени за префрлувањето од Турција во Грција на 156.ооо христијанско население и 1о.ооо Турци муслимани од Грција за во Турциј Останатите средства биле потрошени за купување на различна храна за муслиманското и христијанското прогонето и истовремено иселено население.[143]

Голема финансиска помош грчката држава доби и од страна на Црвениот крст на различни европски и неевропски држави. Посебна улога во тој однос имаше американскиот црван крст, Near

East Relief"(Помош за источните бегалци) и "All-British Appeal". Овие организации неколку месеци снабдуваа со храна околу 800.000 бегалско христијанско население.[144] Но овие средства не биле трајни, Грчката влада беше принудена да се обрати до Друштвото на народите. Големите победнички сили, автори на Версајска Европа и дадоа на Грција сестрана материјална подршка. Друштвото на народите ја советуваше грчката влада да побара заем. Полковникот Проктор, како претставник на Друштвото на народите, замина за Грција за да ги види условите и какви гаранции дава грчката држава за добивање на финансиски кредити. Во вакви услови во месец декември 1924 година беше потпишан првиот договор со странските кредитори. Од една страна, во името на грчката држава, договорот го потпишале претставници на грчката банка а од друга страна претставници на лондонската банка Hambros Bank и претставници на американската банка Messrs Spreyer et co . Според овој договор Грција добиваше кредити од 12.300.000 лири стерлинзи.[145] Од вкупна сума од 12.300.000., англиските банки учествуваа со 7.500.000 лири, американските банки учествуваа со 2.300.000 лири и грчката банка се обврзуваше да учествува исто така со 2.500.000 лири стерлинзи.[146] Ставката на каматата била 7% што било доволно висока за тогашните финансиски прилики и што требаше да биде платена од колонизираното селско и градско население во Грција и Егејска Македонија. Странските банки, како гаранција на вложените финансиски средства, имаа монопол врз тутунот во Егејска Македонија, алкохолот и други олеснувања што грчката држава ги гарантираше со желба да добие финансиска помош, потребна за колонизирањето

на христијанско-бегалскиот елемент. Од вкупната сума примена, биле потрошени 7.8о7.о39. Главно најголемите средства биле потрошени за селското колонизирано население. За колонизирање на овој селски елемент, за купувањето на земјоделскиот и животниот инвентар од кралството СХС, од Италија и Унгарија, биле потрошени 6.882.319 лири.[147]

Градската колонизација помала по размери, привлече помалку финансиски средства. За нејзините потреби биле потрошени 854.518 лири стерлинзи.[148] Овие пари главно биле потрошени за подигање на нови куќи за бегалскиот градски елемент или поправување на останатите куќи по иселувањето на Македонците во Бугарија и муслиманското население во Турција. Само за Егејска Македонија биле потрошени 396.ооо лири стерлинзи за подигање на 3.3оо нови куќи за бегалското население. И тоа во Серес биле подигнати 65о куќи, во Драма 85о, во Кавала 9оо, во Прави 5о, Катерини 5о, Кожани 1оо, Лерин 1оо, Воден 2оо, Верија 2оо.[149] Исто така дел од средствата биле потрошени за поправка на куќите оставени од Турците и Македонците, чии број изнесуваше 53.572 куќи. Комисијата за настанување на бегалскиот елемент подигна 4о.557 нови куќи во селко или градско подрачје за селското и градското колонизирано население.[15о] Грчката држава средствата што ги доби, беше должна да ги врати во еден долг историски период. Затоа овие кредити ке бидат вратени назад со камата од 7% од бегалското колонизирано население во еден долг период поради честите економски кризи што постоеле во капиталистичкиот свет и што имале директно влијание врз економската состојба на грчката држава и врз економската состојба на колонизираниот бегалски елемент.

## 6. Националната структура на населението во Егејскиот дел на Македонија по големата грчка колонизација

По колонизирањето на целокупното бегалско христијанско население во Егејскиот дел на Македонија, ова целокупно население беше сматано за грчко и дека Егејска Македонија доби веќе грчки карактер. "Настанувањето во Македонија на селски и градски бегалци, пишуваат членовите на комисијата за настанување и колонизирање на грчкиот елемент во Егејска Македонија,...имаше како последица да ја смени радикално етничката состојба на населението во Јужна Македонија и да ја елинизира за секогаш оваа провинција".[151] Едно вакво гледиште ќе го прифати и дел од научниот свет. Самата КПГ го прифати ваквото гледиште за апсолутно елинизирање на Егејска Македонија и ке биде повод за сменување на партиската политика во однос на македонското национално прашање и тоа поради фактот што делот "... што го држи Грција е населен со грчко мацирско население. Населението во грчкиот дел на Македонија по своето множество е грчко..."[152]

По [illegible] овие етнографски промени, според пописот на Грција од 1928 година и според грчката голема енциклопедија "Пирсос",националната структура на населението во Егејска Македонија беше следната:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Грци | 1.165.000 |
| 2. | Роми | 3.387 |
| 3. | Англичани | 265 |
| 4. | Албанци | 1.119 |
| 5. | Ерменци | 11.859 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Бугари | 2о |
| 7. | Шпанци(Евреи м.б.) | 59.146 |
| 8. | Италијанци | 798 |
| 9. | Власи | 13.457 |
| 1о. | Македоновлахи (Македонци м.б.) | 8о.798 |
| 11. | Руси | 1.913 |
| 12. | Турци | 71.96о |
| 13. | Други | 2.263 [153] |

Според горенаведената статистика произлегува дека негрци биле во Егејска Македонија 246.924 и огромно мнозинство го сочинуваат Грците. Друштвото на народите сметало дека Егејска Македонија е апсолутно еленизирана и спротивно на грчките информации за националната структура на Егејска Македонија ја дава следната статистика за бројноста и присутноста на различните народности во Егејска Македонија:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Грци | 1.341.ооо |
| 2. | Турци | 2.ооо |
| 3. | Бугари(Македонци м.б.) | 77.ооо |
| 4. | Други | 91.ооо |
| | Вкупно: | 1.511.ооо [154] |

Според Друштвото на народите после големите миграциони движења грчкиот елемент преставувал 88,8% од целокупното население што живееше во Егејска Македонија, турскиот преставува о,1%, Македонскиот елемент преставува 5,1% и различни народности преставувале 6,5% од целокупното население што живееше во Егејска Македонија.

За да се увериме во која мера оваа статистика не одговара на реалната состојба за националната структура на населението во Егејска Македонија, треба да видиме врз основа на кои принципи се реализирал пописот од 1928 година во Грција. Кога во 1913 година во Лондон, биле во тек преговорите за склучување мировен договор со Турција после Првата балканска војна, се постави на разрешување и проблемот на Јужна Албанија или така наречен Северен Епир. Италијанската делегација побара да се види националната состојба на населението (Грци и Албанци) според јазикот кој се зборувал во куќата и врз основа на ова да се реши судбината на оваа територија. Грчката страна протестираше енергично и побара положбата да се види не според јазикот во дворот на куќата, туку "... според просветата, религијата и посебно манифестирано национално чувство."[155] Значи не според јазикот, туку според просветата, религијата како елементи на изразување на манифестираното национално чувство. Но во Грција се признаваше само една школа и една црква. Самиот претседател за колонизирање на грчкиот и негрчкиот христијански елемент во Грција, Charles B.Eddy во неговата книга публикувана во Лондон, во самиот увод го пишува следното: "Грчките статистики треба да се користат со голема претпазливост".[156] Грчката статистика за попис на населението во Грција од 1928 година има неколку големи недостатоци. Од една страна не ја презентира реалната национална структура на бегалското христијанско население, а од друга страна го намалува бројот на другите народи и етнички групи во Егејска Македонија како Македонци, Власи, Евреи, Албанци, Роми и тн.

Бегалското христијанско колонизирано население бе-

ше многу похетерогено и различно по вера, јазик, култура и потекло. Кога христијанското население колонизирано во Егејска Македонија уште не стана "политички елемент" и кога ова население не беше во рамките на "чисто национално" грчката држава, неколку грчки историчари покажуваа поголема наклоност и објективност во тој однос. Така Д. Ноти Боцари во неговата книга публикувана во Атина во 1919 година ја дава следната карактеристика за христијанското население што живееше во Турција и ке биде колонизирано во Егејска Македонија после Лозанскиот моровен договор. " "Како не се Турци сите муслимани, пишува тој, така не се Грци сите христијани".[157] Истиот автор забележува дека големото христијанско население се разликуваше меѓу себе поради "... различните култури, јазици...и раси".[158] Ова население од Мала Азија беше исто така една вистинска "...етничка тантела".[159] На исти заклучок стигна и меѓународната комисија за колонизирање и сместување на бегалскиот христијански елемент во Егејска Македонија. "Многу колонии, заклучуваат тие, опфаќаат бегалци од секакво потекло"[160] и "... тие се разликуваат по карактер и темперамент , по менталитет и покажуваат голема оригиналност"[161] зошто многу од нив "... се држат единствено за азиските народи."[162] Сето ова бегалско население, различно по потекло, поради турскиот притисок, ке биде прифатено од "... мајка Грција... без да ги праша за неговата националност: Грци, Ерменци и Кавказци".[163] Жак Ансел, познат по неговата филогрчка наклоност, во неговата книга "Македонија" пишува дека помалку е важен јазикот кој го зборувале овие луѓе(бегалците м.б.) колку поважен е начинот на живеење, тоа е манифестираното чувство создадено од грчката патри-

аршија низ вековите што му даде на ова население нешто општо и ако е различно по потекло и јазик."[164] Самата грчка влада го потврди делумно не грчкиот карактер на населението што живееше во Мала Азија и ке дојде после 1923 година во Егејска Македонија. Во текот на преговорите за склучување на договорот од , Турција одбиваше да ги отстапи и признае грчките претензии врз основа на постоењето на грчкото малцинство во Мала Азија, зашто турската држава беше убедена дека христијаните во неговото големо мнозинство и не се Грци. Со желба да се постигне едно решение, еден вид modus vivendi за ова прашање, големите сили предлагаат да се реализира една меѓународна анкета за структурата на населението во западните делови на Мала Азија врз кои грчката држава претендираше. Грчката влада го советувала грчкиот парламент да не прифати меѓународна анкета и сметаше дека се доволни грчките аргументи изнесени во текот на преговорите.[165] Истото одбивање грчката влада го изрази кога станувaше збор за Јужна Албанија или така наречен Северен Епир.

Најмногубројни негрчки малцинства што дојдоа како христијани и биле колонизирани во Егејска Македонија, биле Ерменците, Караманлиите и населението дојдено од Кавказ. Ерменскиот христијански елемент, според статистиката од 1928 година, бил 11.859. Оваа народност меѓутоа беше многу побројна. Д.К.Вогазли во врска со ова малцинство во неговото дело "Филетикес ќе етникес мионотитес стин Елада ке Вулгарија" го пишува следното: "... Ерменците до 1920 година не поминуваа од 30.000 души. Но после Малоазиската катастрофа, заедно со нашите, дојдоа во Грција не малку Ерменци...Тогаш се сметаше на 100.000".[166]

Бројноста на Ерменскоит елемент беше толку голема што тие создадоа во Солун, каде што биле колонизирани над 2о.ооо Ерменци, "Друштво за ерменското малцинство".[167] Бројноста на ова малцинство предизвика реакција кај Грците. Весникот "Балканска Федерација" забележа една ваква положба во 1924 година и неговиот кореспондент од Егејска Македонија, под псевдонимот Петридис пишува дека во Егеска Македонија се земат мерки "...не само против "Бугарите" и против туѓите Ерменци и против мирните Евреи од Солун... постои овде ерменски проблем, еден евреиски проблем и др."[168] Од друга страна бројноста на ерменскиот елемент беше толку голема што комисијата на Друштвото на народите за населување на бегалскиот елемент, и покрај нејзините филогрчки чувства, во нејзината книга публикувана во Лозана во 1926 година го констатирале следното: "Исто така дојдоа тука ( Егејска Македонија м.б.), пишуваат тие, и такви (бегалци м.б.) што не биле Грци: Черказиени и многу Ерменци."[169] Становиштето дека биле малку Ерменци не произлегува од реалноста. Намалувањето на нејзиниот број на 11.885 е далеку од фактичката состојба. Американското филантропско друштво само во 1922 година прифати од Турција 18.268 ерменски сирачиња што биле донесени во Егејска Македонија по разни детски прифатилишта, каде овие деца за прв пат се стретнуваа со грчкиот јазик и добиваа грчка наклоност.[17] Големото присуство на ерменскиот елемент го потврдува и "Пирсо кој спротивно на статистиката за попис на населението во Грција од 1928 година што сметал дека постојат 11.885 Ерменци, констара дека во Егејска Македонија постоеле 5о.ооо Ерменци.[171] Македонското друштво од Романија, што ги следеше миграционите дви-

жења што се случуваа во Егејска Македонија потврдува дека ерменскиот елемент ја надминува бројката од 50.000 Ерменци.[172] Ерменското малцинство имаше и една карактеристика што не била присутна во толку јасна форма како кај другото христијанско население: тоа имаше своја национална свест. Тие, со желба да се зачуваат, со ермински белег, одбегнуваа мешовити бракови со неерменско доселено население Грци, Караманлии или Кавказци. Во бегалското село Вртолом (Агиос Вортоломеос) и селото Плишевица (Колокити) биле колонизирано мешовито ерменско, караманлиско и кавкаско население дојдено од Понт, Мала Азија. Во еден долг период меѓу двете светски војни, мешовитите бракови меѓу Ерменците, Кавказците и Понтите не се забележуваат, и секаков обид за грабнување на девојки што бил специфичен кај Караманлиите завршуваше со тепачки. Неговата нетрпеливост и меѓусебно неподнесување беше јавно и долготрајно.[173]

Еден нов проблем што се јави после Малоазиската катастрофа и Лозанскиот мировен договор, бил проблемот на Караманлиите: Турци по народност и потекло а христијани по вера. Нивниот број се смета над 210.000 луге и тие "... се држат единствено за азиските народи".[174] Дека ова население дојдено во Грција како грчко, само по верска припадност сведочи и фактот дека самиот цариградски патриарх нареди, за Велигденските празници Евангелието да се чита на турски.[175] Весникот "Ризоспастис" оправдувајки ја неговата нова политика во однос на македонското национално прашање, пишува дека Егејска Македонија е населено веќе со "... грчко-мацирско население..."[176], тоа е со грчко и негрчко население. Разликата значи не е симболична, туку реална

и прифаќа различност на потекло и јазик. Присуството на турскиот јазик како мајчин јазик во редовите на бегалското христијанско население,услови сите бегалци (негрци и Грци) по потекло да бидат наименувани од македонското домородно население со турското име мациri што значи странци и туѓинци. Истото име го добиле и мухацирите што турската држава сакаше да ги колонизира во Македонија пред балканските војни со исти национални и политички цели. Тоа именување со името мацири на мухацирското население и на христијанското турско население дојдено во Егејска Македонија, не е случајно или претерано. Заеднички јазик, исто потекло, исти културни и материјални навики, го правеше многу слично и имаа многу заеднички особини. Домородното македонско население констатира една реална положба што не се влијаеше од национални или политички интереси. По колонизирањето на караманлиското население, меѓу македонското население, се забележува еден голем историски куриозитет. Наместо да зборуваат со македонското месно население на официалниот грчки јазик, тие како средство за комуницирање со Македонците го употребувале турскиот јазик, со што се користеше и дел од македонското население за расчистување на сите недоразбирања што постоеле меѓу нив.[177] Пописот од 1928 година забележува дека 71.960 од населението се декларирале Турци во Егејска Македонија. Лозанскиот мировен договор предвидуваше задолжително заминување на турското население. Значи ова турско население му припаѓа на христијанското население колонизирано во Егејска Македонија, но без присуство на соодветна грчка национална свест. Весникот "Еленикос Ворас" по повод посетата направена во Егејска Маке-

донија забележува дека во многу села "... жителите се сите од Понт Мала Азија" и дека до ден денеска се "... по јазик турко- фони".[178] Дека ова население турско по потекло не беше грчко го потврдува, покрај јазикот и начинот на живеење што бил повеќе ориенталски а не христијански и покрај христијанската вера. "Во неговата татковина, пишувале членовите на комисијата за сместување на грчкиот елемент, во внатрешноста на Анадолија, секогаш две или три семејства живееле под исти покрив ...синот женејќи се не ја напушташе родната куќа".[179] Со тоа ниту манифестираното црковно- грчко чувство не зеде таква развиена форма, што сосема да го уништи свесното знаење што се манифестираше преку начинот на живеење и јазик, на негрчкото население. Многу од ова христијанско негрчко колонизирано население не ја сметаше Грција за своја татковина и постоеше и негуваше во себе "... силна надеж што тие ја негуваа за можното враќање во неговото родно место",[180] и многу од овие зашто " ... не се Грци, биле поробени од сепаратички дух."[181] Бугарскиот историчар Атанасов Димитар пишувал дека дојдоа во Егејска Македонија и бегалци христијани, но не Грци туку караманли со турски мајчин јазик.[182]

Една друга народност не помалку бројна беше и бегалското население дојдено од Кавказ. За ова население што не го познаваше грчкиот јазик, грчките власти биле принудени да објават во Солун два весника на руски јазик: "Воља народа" и "Зарубежнаја Рус".[183] Зборувајќи за потеклото и јазикот, навиките на ова население, Боцари забележува дека тие исклучително му "... припаѓаат на Кавкаското племе".[184] Една слична констатација даваат за ова население и група бугарски новинари што ја посетија

Егејска Македонија во периодот на колонизирање на христијанскиот елемент дојден во Грција. Посетувајки едно бегалско населено место, бугарските новинари се приближија до млади селани "... кои зборуваа по руски. Од разговорот со нив разбравме, пишуваат тие, дека се изгонети од Кавказ..."[185] Тоа изгледа природно ако се има предвид фактот дека во Русија во тој период постоеше граѓанска војна што не може да нема влијание и идеолошка определба кај луѓето и многу од нив да емигрираат побудени не од национални грчки чувства туку единствено од идеолошки побуди и причини. За националната различност на колонизираното население во Егејска Македонија се констатира и од фактот дека во тие колонии каде постоеле Грци по потекло и јазик, состојбата беше мирна, но кај другите колонии со население со различен мајчин јазик и потекло "... мирот на царуваше секогаш... разговорите се секогаш живи и караниците не завршуваат никогаш".[186] Исто така бројот на Ромите е очевидна намалена. Во една територија од 34.000 км$^2$ колку што има Егејска Македонија, според грчката статистика од 1928 година, живееле само 3.000 Роми. Васил К'нчов, чија статистика може да се смета како веродостојна, за бројноста на оваа етничка група пишува: во Лагадинска каза постоеле 1.025 Роми, во Серска 4.563, во Еница-Вардарска каза 1.827, во Солунска каза 3.553, во Воденска каза 873. Само во Солунскиот вилает живееле 34.098 Роми.[187] До иста констатација стигна и Brailsford кој констатира дека Ромите биле "... исто така многубројни".[188] Иста е положбата и со еврејското малцинство. Грчката енциклопедија "Пирсос" изнесува дека во 1928 година во Егејска Македонија живеел

59.146 Евреи.[189] Бројот на Евреите до 1912 година само во градот Солун изнесуваше 75.000, во Драмско 380, во Серско живееле 2.000 Евреи, во Кавала 2.000, во Костурско 1.600 и Берско 500.[190] Исти информации дава и грчкиот историчар Вогазли, кој смета дека бројот на Евреите бил некаде 85.000 души.[191] Edmond Bouchie de Belle сметал исто така дека еврејското малцинство беше многубројно. Според него само во Солун живееле 80.000 Евреи.[192] Присуството на ова големо малцинство му даваше на градот не само надворешен белег, туку и внатрешен белег. Тој стана, поради бројноста и трговската активност на еврејското население, еден од најразвиените градови со висок степен на економски и духовен развој за тогашните турско ориентални прилики."Солун , пишувал Brailsford , е една реткост во современата Европа, град во кој населението во неговото мнозинство е еврејско. Тие се повеќе од 80.000 Евреи".[193] И покрај фактот дека Солун имаше јасен еврејски белег, сепак поблиску до вистината е бројката од 61.000 и тоа дека Евреите претставуваа 56% од солунското население што пред 1913 година изнесуваше 158.000 луѓе.[194] И ако непожелно за грчката држава и буржоазија, сепак за ова малцинство политиката на истребување и прогонување не зеде толку големи и нечовечки размери како против македонското и турското население и затоа на штета на ова малцинство не се случија поголеми етнографски промени после Балканските и Првата светска војна. Еден мал број од ова малцинство, после поразот на Социјалистичката револуција во Унгарија и зацврстувањето на фашизмот во Унгарија(1920), Италија (1922 година) и особено во Германија (1933) се пресели во Палестина.[195]

И Влашкото население што живееше во Егејска Македонија како малцинство, е намалено. Општата оценка која владее во Грција е дека власите не треба да се сметат нешто посебно, зашто одамна "... се има докажано нивното грчко потекло и свест..."[196] Тоа намалување произлегува од погрешниот став дека тие се по чувство Грци. Едно вакво ненаучно гледиште го прифатил и демократскиот свет на Грција. "Вистина е дека, пишува генерал Сарафис, Куцовласите во неговото големо множество се вистински Грци...",[197] И со тоа многу се намалува и неговата важност како негрчки етнички елемент и априори во грчките статистики фигурираат како Грци или тие што се претставуваат како Власи, да бидат значително намалени.

Но најмногубројни фалсификати се извршени врз бројноста на македонското население. Грчката буржоазија сакаше по секоја цена во дадените услови да ги уништи и протера, а останатите Македонци да ги престави како дезориентирани Грци од страна на бугарската или српската пропаганда или неговата бројност да ја намали во таа мера што гарантираше ефикасен аргумент за тоталното елинизирање на Егејскиот дел на Македонија. И ако е позната политичката и економската нетрпеливост на грчката буржоазија, сепак не постои пример во европската историска стварност толку злонамерно, толку систематски да се малтратира, истребува и прекрстува еден народ како Македонците од страна на грчката буржоазија меѓу двете светски војни. "Периодот меѓу двете светски војни, пишува Аарон Асса, беше претворен во вистинска национална трагедија за македонскиот народ принуден да се бори не само за своите национални и етнички

права и слободи, туку и за своето елементарно физичко постоење на својата родна земја".[198] Тоа од едноставна причина: и колку да беше малубројно, незнатно и наклонето македонското население спрема грчката држава, истото беше предмет на прогонување и фалсификување зашто со неговото голо постоење оваа народност е сведок на огромната територијална и историска неправда. "... Не ги сакаме во нашите преградки, пишува во тој однос весникот "Неа Алитија". Не можеме да ги трпиме да останат како малцинство и дури како лојално."[199] Поради овие великодржавни грчки сметки можеме да разбереме зошто во грчките информативни изданија и во самиот попис на населението во Грција од 1928 година, бројот на Македонците не ја надминува малата бројка од 80.789. Членовите на Карнагиевата комисија сметаа дека бугарското население(Македонци м. б.) биле по Втората балканска војна 329.371.[200] Реалната бројка на Македонците и покрај "доброволната" размена меѓу Бугарија и Грција и неподносливиот грчки терор е околу 240.000 души во 1928 година.[201] Имајќи предвид дека и самото бегалско христијанско население не беше по потекло и по јазик грчко, реалната состојба на населението, по јазикот кој го зборувале во куќата и не биле Грци, изгледаше вака:

| Народност | Бројност | % |
|---|---|---|
| 1. Македонци | 240.000 | 29,67 |
| 2. Караманлии | 210.000 | 25,96 |
| 3. Ерменци | 80.000 | 9,89 |
| 4. Кавкази | 150.000 | 18,54 |

| Народност | Бројност | % |
|---|---|---|
| 5. Власи | 18.000 | 2,22 |
| 6. Курди | 8.000 | 0,99 |
| 7. Евреи | 60.000 | 7,42 |
| 8. различни | 43.000 | 5,32 |
| Вкупно: | 809.000 | 100% [202] |

Тоа значи дека негрчкиот елемент во Егејска Македонија не преставувал 246.924 како тоа го преставува грчкиот попис од 1928 година, туку 809.000 или 57,18% од целокупното население во Егејска Македонија.

Грчкиот елемент по големите внатрешни и надворешни миграциони движења се засили во бројност и компактност. Ако пред балканските војни неговата бројност изнесуваше 236.755 по големите етнографски промени во Балканскиот Полуостров, грчкиот елемент во Егејска Македонија порасна за 366.722 и изнесуваше до крајот на 1928 година 603.477 и главно доминираше во Серес, Драма, Кавала, Пела, Кукуш, Демир-Хисар, Солун, Кожани, Гребена, Енице-Вардарско и тоа заедно со новодојденото негрчко христијанско население. Поради тоа за објективна можеме да ја сметаме констатацијата на Георгиу А. Мега, кој зборувајки за промените што настанаа во Егејска Македонија, пишува дека со доселувањето на бегалскиот елемент, грчката народност во Егејска Македонија само "... се згусти".[203] Реалната состојба на целокупното население во Егејска Македонија беше следната по бројност, јазик и националност, без да се има во предвид црковната припадност како елемент за определување:

Националната структура на населението во Егејска Македонија по големите миграциони движења(1913-1928)

| Народност | Бројност | % |
|---|---|---|
| 1. Грци | 603.477 | 42,75 |
| 2. Македонци | 240.000 | 16,99 |
| 3. Ерменци | 80.000 | 5,66 |
| 4. Караманлии | 210.000 | 14,87 |
| 5. Кавказци | 150.000 | 10,62 |
| 6. Власи | 18.000 | 1,27 |
| 7. Курди | 8.000 | 0,57 |
| 8. Евреи | 60.000 | 4,25 |
| 9. други | 43,000 | 3,04 |
| Вкупно: | 1.412.477 | 100% |

Затоа можеме да заклучиме дека Егејска Македонија по големите миграциони движења во периодот 1913-1928 година не се елинизира туку едноставно се зголемува бројот на грчкото население и се создава еден вистински мозаик на народи и јазици, што постепено ќе се сливаат во грчкиот елемент. Овој процес на елинизирање и создавање "на грчка нација" во Егејска Македонија е далеку да постигне дефинитивни резултати кај македонското население, што со доаѓањето на Грците не добиле ни имот, ни земја, туку ги загубија и најелементарните човечки права. Македонците и денеска претставуваат една посебна нација што и покрај крајно тешките услови за нормален национален развиток, не прес-

танаа да останат Македонци и да дадат еден пример на зачување на својот национален идентитет и да негуваат не само јазикот и традиции, туку и чувство на посебна нација.

## 7. Отпорот на Македонскиот народ од Егејска Македонија во времето на колонизирањето на христијанското население

Колонизирањето на грчкиот и негрчкиот елемент и посебно на селекото колонизирано население во Егејска Македонија, се одвиваше во тешки услови за македонското, влашкото и другото домородно население. Ова "...ненајдена и мирна инвазија..."[204] зеде размери на вистински геноцид за македонското население што беше и најбројно селско население. Тоа се гледа од начинот како се одвиваше грчката колонизација во Егејскиот дел на Македонија.

Според договорот од Лозана од Егејска Македонија се иселиле 350.000 муслиманско население (Турци, Македонци-муслимани, Албанци-муслимани) и тн. На местото на иселеното муслиманско население беше колонизирано христијанско население дојде но главно од странство. Неговата бројност изнесуваше 618.000 лица што е двојно повеќе од иселеното муслиманско население. Еден ваков начин на колонизирање, ова "... диспропорција меѓу иселените Турци (муслимани м.б.) и колонизирани Грци (христијани м.б.)",[205] не можеше да не има последици за Македонското домородно население.Тоа значи дека целокупниот недвижен имот (земја, куќи) што останаа по иселувањето на муслиманското население, не бил доволен и не ги задоволуваше материјалните потреби на многубројното христијанско колонизирано население.Зара-

ди тоа грчката држава бараше дополнителни материјални извори (земја, куќи) за материјалното обезбедување на целокупното христијанско население дојдено и колонизирано во Егејска Македонија. Во такви услови грчката држава вршеше колонизација по целата територија на Егејска Македонија без оглед дали постоеле обиективни услови за колонизирање (доволно земја, многубројно иселено муслиманско население) и тн. Еденваков регион беше и Западна Егејска Македонија. Во едно село од овој регион билеш колонизирани 130 бегалски семејства на место 80 иселени турски семејства и за останатите мацири земја се добиваше од домородното македонско население. Овој начин на колонизирање "... не е исклучок во Македонија".[206] Така во селото Просочен (Кавалско) со 1.000 куќи биле колонизирани 700 бегалски семејства, во селото Плевени со 50 куќи биле колонизирани 20 семејства, во селото Карлуково со 100 куќи биле колонизирани 70 бегалски семејства, во селото Трочени со 80 куќи биле колонизирани 60 бегалски семејства, во село Височани биле колонизирани 70 семејства и тн.[207] Во Јеница-Вардарско се случуваше истиот феномен. Селото Бојмица беше толку колонизирано што домородците останаа во малцинство, во село Тушилово и ако постоеле само 30 куќи и недоволно земја, биле колонизирани 50 бегалски семејства.[208] Во Кукушко се забележува сличен феномен. Во село Долно Тодораќи со 210 куќи биле колонизирани 150 бегалски семејства од Кавказ и Мала Азија. Истовремено поради овој голем притисок, 160 македонски семејства биле принудени да го напуштат селото, во селото Планица со 80 куќи примил 110 бегалски семејства, село Горно Тодораќи со 80 куќи прими-

ло 3о бегалски семејства, селото Рајаново со 15о куќи биле колонизирани 15о бегалски семејства. Слични феномени се случуваат и во селото Матулово, Ѓалево, Крушево итн.[209]

Притисокот врз македонското и друго домородно население( Власи, Евреи) не постоеше само од страна на грчката држава туку и од страна на маџирското колонизирано население. Грчките власти го претворија земјодеското колонизирано население во "... еден политички елемент ..."[21о] кој беше воспитан со чувство на омраза и нетрпеливост спрема македонското население од страна на буржоаските партии. " Венизелистите (Либералите), пишува грчкиот историчар Ники А.Андонеја, ја кристализираа омразата и антипатијата на овие (бегалците м.б) против населението на Грција (Егејска Македонија м.б.)."[211] Знаејки дека државата ги подржува , маџирите во многу случаи имаа крајно некоректен однос спрема македонското население. Неговото однесување, секодневното навредување на македонското национално достоинство, убиства на невини луѓе за да се отвори повеќе простор за нив, беше секодневна појава. Во гратчето Рупишта беше убиен Васил Чаколев од страна на бегалецот Димитриос Франзезос. Претходно на убиството, Димитриос Франзезос го навредуваше македонското население со зборовите: " Уште ли бре, пал̀ио вулгари ( гадни бугари м. б.), нема да бегате во Бугарија за да се отвори повеќе место за нас? "[212] Во селото Цетина беше малтретиран на свиреп начин селанецот Ѓеорѓи Петров.[213] Во Леринска околија бегалското население, под раковотсво на капетан Стефанос, го малтретираше македонското население. Сите бегалци од бандата на капетан Стефанос дојдоа од Мала Азија и беа позна-

ти по своето нечовечно однесување и имаа како единствена цел " ... да ги прогонат од Грција сите словени...".[214] Слични убиства се случија и во селата Суровичево, Мокрени, Горешница, Врба (Леринско).[214a] Во Драмска околија 11 селени од селата Трлис, Ловча и Старчица биле убиени под обвинение дека соработувале со комитите.[215] Исто така во Драмска околија мацирите ги нападнаа жителите од селета Ливадишче, Бутин и Черешево. Селаните од ~~хорк~~ овие села биле тепани , а "... жените силувани и ... некој исчезнале без трага".[216] Кога ситуацијата се стабилизира и формално грчката држава беше принудена да стави крај на овие злосторсва заради негативното влијание и реакцијата на прогресивната Европска јавност, притисоците и малтретирањата врз македонското население не престанаа. Било каква економска штета се случуваше во селото (пожар, губење на добиток), мацирите вината ја префрлуваа врз македонското население . Така во село Пороj (Серско) изгореното жито на еден бегалец го плати едно македонско семејство само зашто неговиот син помина покрај нивата на бегалецот. И покрај сите материјални докази за невиност, органите на власта го принудија македонското семејство да ја плати несторената штета.[217] Во такви услови македонскиот народ беше принуден да се бори и да си ги заштити преку различни форми, неговите материјални и национални интереси. Борбата на македонскиот народ имаше пасивен и активан карактер.Една од формите на пасивен отпор што се забележува кај македонското население е солидарното прикривање на имотите на иселените Макединци во Бугарија за да не примат во селото мацири (бегалци). Еден ваков феномен се случи во го-

лемото село Закоричени (Костурско) каде се даде силен отпор во времето на колонизирањето на христијанскиот елемент во ово село. Една друга форма на отпор беше и борбата за заштита на правата врз земјата, која Македонците ја работеле со векови. Грчката влада се сомневаше во тапиите за сопственост што ги имале Македонците и тоа и дозволуваше да прави нова поделба на земиштето со давање нови тапии, но исто времено со колонизирање на маџирско население. Во такви случаи Македонското население беше принудено да си ги заштити своите права преку судовите. Еден ваков случаи се забележува во селото Бомбоки (Костурско).[218]

Сталните грабежи на маџирското население, честите насилства над македонското население, го принудија домородното население да се брани активно. Кога селото Нестрам (Костурско), беше нападнато од маџирите со желба да му се земе шумата, македонското население ги пречека со зборовите: "... удрете на кучеништата".[219] и следеше тепачка меѓу Македонското и маџирското население. Истовремено селените од Нестрам ја продолжија борбата со испраќање писма до весникот Ризоспастис, орган на КПГ, да ја запознае грчката и светската јавност за неподносливата состојба на македонското население во Егејска Македонија. Во едно вакво писмо што било испратено и што е симболично за целата состојба во Егејска Македонија во периодот на колонизирањето, се пишуваше следното: "Ножот ни стигна до коската, пишуваа тие. Грчката влада ни го даде најтешкиот удар. Не фрла во рацете на капетан Маркос... кој ни ја граби шумата од која живееме 2.000

македонски семејства од Горни и Долни Нестрам. Тоа ограбување на нашата шума ги дигна на нозе големо и мало".[220] Исто така бегалците близу до Солун ги нападнаа имотите на домородното македонско население и поради тоа "... имаше вистинска битка од два часа и се водел со колови... резултатот на тепачката беше 40 души ранети".[220а] Една слична крвава тепачка меѓу домородното македонско население и мацирите, се случи и во селото Росено. Македонските селани од ова село биле нападнати од мацирите со зборовите: "Да ве нема од тука пањо вулгари (гадни Бугари м.б.)"[221] Тепачки од поголеми размери се случија и во големото македонско село Загоричени и Олишта, Костурско. Кога бегалците се обидоа да земат повеќе отколку им следува, почна вистинска тепачка меѓу македонското и мацирското население. Во селото Олишта, селаните успеа да ги истераат мацирите и да ја сочуват населбата чиста.[222]

По отпорот на македонскиот народ не се манифестираше само во периодот на колонизирањето на бегалскиот елемент. Тој продолжи со неприфаќањето на бегалскиот елемент и со секојдневната нетрпеливост меѓу македонското и мацирското население. Во овој и во подолг период биле ретки и скоро не постоеле примери на човечко и семејно зближување преку брак меѓу македонското и мацирското население. Во селото Медово, Леринско и покрај соседството на мацирските села, во периодот од 1923-1949 година не се забележува брак меѓу македонци и мацири.[223] Исти феномен што е спечифично и за цела Егејска Македонија, се случи и во селото Пороj, Серско, каде во еден многу долг период не се забележува заеднички брак меѓу македонско и мацирско население.[224]

Тоа беше резултат на начинот како се одвиваше колонизацијата во Егејска Македонија. Зошто таа зеде белези на една вистинска борба "... против природата, лугето и работите". [225]

# ГЛАВА ЧЕТВРТА

## ЕТНОГРАФСКИТЕ, ПОЛИТИЧКИТЕ И ЕКОНОМСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ НА ГОЛЕМАТА ГРЧКА КОЛОНИЗАЦИЈА

### 1. Етнографските последици

Големата грчко--христијанска колонизација која се одвиваше под покровотелство на грчката држава во периодот 1923-1928 гидина, имаше несомнено големи етнографски, политички и економски последици во Егејска Македонија.

Како нај тешка последица беше сменувањето на етничкиот состав на населението, по бројност и структура, во Егејскиот дел на Македонија. Ако до Балканските војни македонското население беше во мнозинство и ги содржеше во себе сите атрибути на народ со историските и национални права што произлегуваат од тука, по колонизирањето на мацирското население, македонскиот народ во Егејска Македонија го губи својството на народ и добива својство на народност (малцинство) во неговата сопствена земја со сите последици (политички, национални, економски) што произлегуваат од еден статус. Пред Балканските војни, Македонците претставуваа една природна етничка целина и скоро во сите кази македонското население беше во мнозинство. Освем традиционално грчко населението кази како Берската, Правешката, Анаселичката, Кожани и Света Гора, другите сите имаа македонски етнографски белег. Со колонизирањето на христијанскиот елемент, природно македонското население беше притиснато и неговиот број почна да се намалува. Со опаѓањето на бројноста на македонското население, растеше пропорционално бројноста на немакедон-

ското (грчко и другото христијанско население) во Егејска Македонија. Од една страна расте грчкото население во Егејскиот дел на Македонија, што имаше како последица неапсолутно елинизирање на Егејска Македонија туку значително зголемување на ова население на штета на македонското и други ~~традиционални~~ историски малцинства што живееле во Егејска Македонија како Власи, Албанци, итн. Така во периодот по Лозанскиот договор, беа колонизирани вкупно 366.722 грчко население по потекло и јазик. Ако се има предвид дека во Егејскиот дел на Македонија постоеше пред 1913 година едно грчко малцинство од 236.755 тогаш можеме да ги видими размерите на чисто грчко население што живееше во овој дел на Македонија. Ако грчкото население пред Балканските војни изнесуваше 236.755, по колонизирањето на грчкиот елемент ова население изнесуваше во 1928 година 603.477 чисто грчко население, со свесна и чиста грчка национална свест. Покрај грчкото население беше колонизирано и негрчко, но христијанско население.Ова население изнесуваше 448.000 и беше преставено од Караманли, Ерменци и различни народи дојдени од Кавказ. Ова население и ако негрчко поради спечифичните услови во грчката држава не ке може да се развива врз самостојна национална основа.Кај негрчкото христијанско население (Караманли, Кавказци) и покрај масовното присуство, не го загрозуваат грчкиот карактер на Егејска Македонија. Зашто треба да се забележи еден феномен од немала етнографска и политичка вредност. Ако кај грчкото бегалско население, колонизирано во Егејска Македонија по потекло и јазик постоеше силно грчко национално чувство,кај негрчкото христијанско население не се манифестира грчка нaци-

онална свест, туку единствано црковна свест. Грчката влада беше свесна за тоа. За да се создаде врз основа на црковната свест грчка национална свест кај негрчкото христијанско население, во Атина беше создадена "Македоники Екпедефтики Етериа" (Македонско Воспитно Друштво). За ширењето на грчкиот јазик кај бегалското негрчко население, грчката култура и грчка свест, ова друштво примаше и официални признанија од страна на Атинската академија.[226] И така почнува еден процес на асимилација на националното несвесно христијанско население од страна на грчкиот елемент. Економскиот фактор исто така играл голема улога во определувањето на бегалското население кон грчката нација и грчка свест. Фактот дека тие примиле имот, куќи, добиток и заштита од грчката држава во најтешките моменти, секако влијае врз неговата уште некристализирана национална свест. Во такви услови почнува еден процес на асимилација преку мешовити бракови помеѓу Грци-Караманли, Грци-Кавказци, Ерменци-Караманли и секогаш грчкиот елемент ќе биде во материјална и духовна добивка. Овој процес на асимилација и воспитување на новодојденото христијанско население се вршеше под раководството на грчките митрополити што имаа голем углед кај неписменото христијанско население и се реализираше безболно врз основа на црковната православна свест и врз основа на нивата што ја добиле (имотот) од страна на грчката држава. Со ова во Егејска Македонија се создаде едно грчко население врз основа на асимилација, но во неговото мнозинство од негрчко потекло и јазик, што има големо историско и политичко значење. Овој процес на асимилирање и претворување на негрчкиот колонизаторски елемент во Грци, не се реализирал веднаш и не се остваруваше лесно. Дел

од бегалското христијанско население имаа единствено црковна свест, но постоеше и население со кристализирано национално чувство. Тоа посебно постоеше кај ерменското и дел од караманлиското население. Затоа процесот на асимилација од страна на грчкиот елемент не одеше лесно. Националните чувства биле толку присутни и толку контрадикторни кај колонизираното население, што требаше "... секако да поминат повеќе генерации за да создадат една нација".[227] Затоа врз основа на манифестираното реално национално чувство што произлегуваше од различното потекло, состојбата на населението кое живееше во Егејска Македонија, по потекло и национално чувство, беше следната во периодот 1923-1928 година, кога процесот на асимилација од страна на грчкиот елемент беше во самиот почеток.

Националната структура на населението во Егејска Македонија по манифестираното национално чувство во периодот 1923-1928 година.

| Народност | Бројност | % |
|---|---|---|
| 1. Грци | 6о3.477 | 42,75 |
| 2. Македонци | 24о.ооо | 16.99 |
| 3. Власи | 18.ооо | 1,27 |
| 4. Ерменци | 8о.ооо | 5,66 |
| 5. Евреи | 6о.ооо | 4,25 |
| 6. Караманли(Турци по чувство) | 71.ооо | 5.о3 |
| 7. Караманли(неопредел.нац.чув.) | 138.ооо | 9,77 |
| 8. Кавкази (неопредел.нац.чув.) | 15о.ооо | 1о,62 |
| 9. Курди | 8.ооо | о,57 |

| Народност | Бројност | % |
|---|---|---|
| 1о. Други | 43.000 | 3,04 |
| Вкупно: | 1.412.477 | 1оо% |

Со тоа Егејска Македонија добива не толку грчки, туку немакедонски етнографски лик и грчкото население со негрчкото христијанско население изнесуваше 1.о54.51о и го претставуваше мнозинството во Егејска Македонија. Од друга страна ни грчкото население не претставуваше мнозинство, туку тоа беше исто така во малцинство во однос на целокупното македонско, ерменско, караманлиско и друго население. Дека Егејска Македонија доби веке немакедонски карактер, произлегува од фактот дека после колонизацијата на христијанскиот елемент, тој беше во мнозинство во однос на домородното население. Следната статистика, што опфака грчко дојдено од надвор и внатрешно колонизирано население во Егејска Македонија ке ни ги претстави појасно размерите на колонизацијата и сменетиот етнографски карактер во Егејска Македонија.

Споредување на состојбата на колонизираното христијанско население и домородното население во Егеска Македонија во периодот 1913-1928.година.

| Околии | Број на колониз. население | Бројност на домородното нас. |
|---|---|---|
| 1. Драмска | 7о.934 | 4о.638 |
| 2. Кавалска | 73.929 | 45.231 |
| 3. Серска | 75.872 | 1о6.838 |
| 4. Солунска | 26о.527 | 279.459 |
| 5. Пела | 47.237 | 49.93о |

| Околии | Број на колониз. население | Бројност на домородното нас. |
|---|---|---|
| 6. Леринска | 2о.929 | 1о4.791 |
| 7. Халкидики | 18.459 | 46.34о |
| 8. Света Гора | 3.949 | 9о9 |
| 9. Кожани | 46.381 | 119.942 |
| вкупно; | 618.217 | 794.о78 |

Големи етнографски промени се случија во Источна Егејска Македонија (Серес, Драма, Кавала), каде бегалското население изнесуваше 22о.735 во однос на домородното население, кое изнесуваше 192.7о7. Во Централна Македонија со Солунско, Пела, Света Гора и Халкидики, каде колонизираното население иенесуваше 33о.172 во однос на 376.638 домородно население. И покрај фактот деке во Централна Егејска Македонија домородното население е во мнозинство, сепак тука се зацврсти најсилно грчкиот елемент. Во Западна Македонија, промените за грчката држава не биле толку спектакуларни. И колонизацијата во овој дел на Егејска Македонија не доби масовен карактер. Во Западна Егејска Македонија (Леринско, Костурско, Кожанско) колонизираното население изнесуваше 67.31о во однос на домородното население кое изнесуваше 224.733. Но ако се има во предвид фактот дека домородното население беше различно по национална структура, со тоа се добива појасна слика за реалните етнографски промени што се случија во Егејскиот дел на Македонија. Ако во Централна Егејска Македонија, домородното население беше во мнозинство во однос на колонизираниот елемент, сепак овој дел стана немакедонски, ако се има

предвид дека тука живееше грчко малцинство што уште повеќе се засили со доаѓањето на бегалците. Исклучок се забележува во Западна Македонија каде домородното население е по многубројно но и од македонско потекло. Овие околии (Костурско, Леринско, Воденско) останаа македонски, по структура на населението и по големата грчка колонизација.[228]

Со колонизирањето на христијанскиот елемент, грчката народност стана за прв пат во неговата историја реално доминантен елемент во однос на другите народности земени поединечно. Ако пред Балканските војни, грчкото население преставуваше 1о% од населението на Македонија и 2о,16% (19оо) и 23,3о% (1912) од целокупното население во Егејска Македонија, по големите миграциони движења грчкиот елемент се засили и во 1928 година тој претставувал 42,75% од целокупното население во Егејска Македонија. Со тоа етничките граници на елинизмот се проширија кон запад до Преспанското Езеро, кон север до Гевгелија, Дојранско Езеро, на југ до Петрич (Пиринска Македонија) и на исток до реката Места и Марица. Една територија од 34.ооо км$^2$, со Солунското и Серското поле, што преставува повеќе од 5о% од целокупната македонска територија, стана не само политички туку и етнички немакедонска земја. Со тоа Егејска Македонија го загуби нејзиниот македонски лик и карактер и македонскиот народ беше притиснат, но не да исчезне сосема.

После иселувањето во Бугарија на 86.572 Македонци по силата на "доброволна" размера меѓу Грција и Бугарија, македонското население се намали значително и тоа посебно во Гуманциско, од каде се иселиле 5.195, во Демир-Хисарско од каде се иселиле

1о.756, од Еница-Вардарско 7.257, од Зрневско 11.223, од Кукуш 18.959, од Солунско 7.285, од Серско 11.4о4, од Драмско 4.233, и др. со што македонското население изгуби многу од неговата компактност и ослабна како отпорна сила против грцизмот. Со доаѓањето на мацирскиот елемент, македонското население беше притиснато и принудено да ги отстапи етнографаски (етнички) на грчкиот и негрчкиот христијански елемент следните кази: Солунска каза, Кукушка, Демир-хисарска, Лагадинска, Серска, Зхна, Драмска, Кавалска и Кајларска. Ако пред балканските војни македонскиот народ беше доминантен во сите кази со исклучок на шес, после колонизирањето на бегалскиот елемент, македонското население претставуваше мнозинство само во Костурско, Леринско и Воденско. Во Воденско, македонското мнозинство беше релативно зашто тука колонизаторскиот елемент исто така претставуваше еден голем процент што изнесуваше 46% од целокупното население на оваа околија. Македонското население продолжи да живее во Леринско, каде неговиот број изнесуваше 76,9% од целокупното население на Леринската околија, во Костурско претставуваше 75,2%, во Воденско 54,8%, во Кајларско 32,9%, во Негуш 24,2%, во Гумеце 42,7%, Солунско (без Солун) 27,6%, Демир-Хисарско 32,9%, Еница-Вардарско з1,3%, во Серско 13%, во Лагада 1о%, во Драма 1о%, во Сари-Шабанска7,5% и во Кукушка околија 4%.[229] Ова целокупно македонско население главно селско население, живееше во 2оо села, од кои мнозинството живееле во Костурско и Леринско.[230] Ако пред балканските војни македонското население изнесуваше 31,17% од целокупното население во Егејска Македонија, по 1928 година тоа опаѓа чуствително. Со сменувањето на етнографската состојба на

Егејска Македонија, грчката влада сакаше да ѝ даде на Егејска Македонија и топонимни немакедонски карактер. Во врска со тоа беше донесен посебен закон за задолжително сменување на сите македонски имиња на реки, села, градови, планини и кои беше публикуван во "Ефимерис тис Кивернисиос" (служебен лист на грчката држава) бр. 332 од 21 ноември 1926 година. Така Костур го доби името Касторија, Кукуш- Килкис, Гуменџе- Пеонија, Демир-Хисарско- Синтики, Воден- Едеса, Сари-Шабанска- Нестос, Кајлеарска- Еордија итн.[231] Исто така планините и реките добиле нови називи. Пајак планина го доби името Пајкос, Вич- Вернон, Дурла и Доќа- Вермион. Реката Бистрица- Алиакманос, Вардар- Аксиос, Места- Нестос, Струма- Стримон.[232] Од ова прекстување не правеше исклучок ни едно населено место од Егејска Македонија. Малечкото село Мусанчали (Демир-Хисарско) што имаше само 13 души, го доби името Астофолија селото Дервиш (Демир-Хисарско) само со 9 жители, го доби имети Промахон итн.[233] Истовремено и Македонците биле должни и принудени да ги сменат имињата и презимињата и секое македонско име и презиме требаше за завршува со "ос" или "ис". Ова сменување беше задолжително за македонското население, а новородените добиваа чисто грчки имиња во присуство на митрополити, офицери и други официјални личности што продолжува и ден денес.[234]

Наставата исто така како елемент на елинизирање добива нови димензии во новосоздадените услови и ако нејзината должност беше како и порано, да "... искорнат од душата на младите негрчките чувства".[235] Со доаѓањето на христијанскиот елемент во Егејска Македонија, самите кадри што работеле во негрчките села, биле должни каде и да одат "... да се најдат душевно

силно сврзани со школата и преку писма...", да известуваат за работата и резултатите во негрчките села".[236] Од друга страна бројот на школите расте и грчката влада отвара нови школи за новодојденото население што во големо мнозинство и не беше грчко. Наставата на овие школи и посебно кај македонските населени места, немаше реално културно и научно воспитување. Наставата беше употребувана единствено како средство за продирање на грчкиот јазик кај Македонците, Караманлиите, Ерменците и Кавказците. Тоа јасно се гледа од начинот на наставата и условите како се одвиваше таа настава. Така во селото Колиник на 14о деца постоеше еден учител, во село Патели на 4оо деца постоеше еден учител. Главно во македонските села и кај маџирското негрчко население, наставата не се одвиваше нормално и комплетно. Редовно се предаваат два часа (грчки јазик и грчка историја), а сите други предавања се вршеа преку "... песни и играња"[237] и тоа како најдобро, најнесвасно и најсигурно продирање и прифаќање на грчкиот јазик и грчката свест. Еден друг начин на побрзо инфилтрирање на грчкиот јазик биле и мешовитите екскурзии на македонски деца со бегалските деца во Атина и други историски места како Саламина, Маратон, Термопиле, за да им се развие чувство на љубов кон грчката татковина и "... да го научат грчкиот јазик и да го заборават мајчиниот македонски јазик".[238] Со тоа грчката држава кај новодојденото колонизирано население со негрчко или слабо грчко чувство и кај македонското население создаваше "... грчка традиција и гордост".[239] Голема улога во процесот на асимилација на македонското население во новосоздадените услови, играше и грчкиот печат што се публикуваше во Егејска Македонија. Пред окупацијата на Егејска Македонија од страна на грчката држава, постоеше во Егејска Македонија само

еден грчки весник под наслов "Фарос" (Светилник). По 1913 година, кога Егејска Македонија влезе во составот на грчката држава, бројот на грчките весници чуствително расте. Во Лерин излегуваше весникот "Фони ту лау" (Народен глас), "Македоники", "Еленгос" (Проверка), во Костурско "Дитики Македонија" (Западна Македонија), и "Касторија", во Кавала "Кирикс" (Гласник), "Прогрес "Симеа" (Знаме), во Драма "Кенургиос логос" (Нов збор), "Елефтерос типос" (Слободен печат). Исто така во Солун излегуваа голем број весници и списанија. Само во периодот меѓу двете светски војни во Егејска Македонија постоеле 26 весника со великогрчки карактер. Во политиката на асимилирање на македонскиот народ голема улога играа и музичките друштва. Во Солун постоеле две музички друштва, во Кавала постоеше друштвото "Орфеи", во Кожани друштвото "Пандора", во Лерин "Орфеи" итн. Репертоарот на овие културни друштва беше создаден главно со песни од славното минато на грчкиот народ и по повод разни национални или верски празници настапуваа пред населението со патриотски песни и ора. Спортските друштва играле не мала улога во продирањето на грчкото чувство кај младите. Во Серес беше формирано друштвото "Анагенисис" (Воскресение), "Ираклис", "Орфеи", во Кавала постоеше друштвото "Атлас", "Аполо", "Филип", "Друштво на Истамбулците", во Кожани постоеше друштвото "Олимпиакос", "Македонија "Велики Александар", "Бајрон" итн. Вкупно постоеле 25 спортски друштва кој, покрај спортот, го негувале и патриотското чувство кај младите и беше место кај се учеше грчкиот јазик. 239а

Резултатите за грчката политика на асимилација и за грчкиот јазик преку наставата не биле толку големи. Колони-

зирањето на христијанскиот елемент кој исто така бил опфатен во школите за изучување на грчкиот јазик, беше субјектот кој во суштина го прошири грчкиот јазик и во редовите на македонското население. Со колонизирањето на христијаните се сменија објективните услови во Егејска Македонија. Ако до 1923 година скоро целото население зборуваше или знаеше македонски, пос 1923 година македонскиот јазик беше притиснат.Животот а не школото, во присуство на колонистите што го прифатиле грчкиот јазик, го принудија Македонецот, поради економски потреби, да научи еден јазик што им бил омразен и странски. Затоа посебна активност разви грчката држава за изучување на грчкиот јазик кај негрчкиот христијански елемент. Од една страна ова негрчко колонизирано население на тој начин не ќе го прифаќаше македонскиот јазик, а од друга страна и самиот колонист, со прифаќањето на грчкиот јазик, станувашe силно средство за елинизирање и ширење на грчкиот збор во селото, пазарот, чаршијата и тн. Во тој однос се создаде една централна дирекција во Атина што влегоа 17 познати грчки интелектуалци и ја создадоа "Македоники Екпедефтики Етерија (Македонско просветно друштво)" што отвори свои центри ширум цела Егејска Македонија и имаше како задача ширењето на грчкиот јазик кај возрасните Македонци и колонизираното христијанско негрчко население.[240] Со тоа се создаде една нова реалност во корист на грчкиот јазик и грчката кауза. Во тој однос само еден пример ќе биде доволен за да се докаже во кои тешки и неприродни услови македонскиот јазик требаше да се бори за гол опстанок. Македонското село Лековец, Леринско имаше во неговата близина пред 1923 година две турски села Врто-

лом и Плишевица. Дотогаш македонскиот јазик беше употребен како средство за разговор и комуницирање меѓу селаните на пазарот и чаршијата. Во тие услови македонскиот јазик играше улога на официјален" јазик. После иселувањето на Турците од селата Вртолом и Плишевица, на нивно место дојдоа христијани Грци и негрци и селата добија и нова топономија Адиос Вартоломеос(Вртолом) и Колокити (Плишевица). Со доаѓањето на христијаните, грчкиот јазик почна да ја игра улогата што ја играше македонскиот јазик пред 1923 година. Еден сличен феномен се случи во селото Медово, Леринско, што исто така беше близу до две турски села Шаовци и Бостанциовци. Колонизираното грчко население го доби имотот на овие две турски села, но неколку бегалски фамилии биле колонизирани и во македонското село Медово, Имотот на овие мацири од село Медово ги делеше од имотот на македонските селани само обичниот селски плот. Ако дотогаш грчкиот јазик во селото Медово беше само во наставата, со доаѓање на колонистите тој можеше да се чуе и во селото, во нивите и полето.[241] Со тоа нормално во поголеми размери, христијанскиот елемент, го ширеше поприродно, понеболно, нормално, како потреба на самиот живот, грчкиот јазик. Од друга страна македонскиот јазик беше истовремено притиснат во самите села преку школата, теророт итн. Со тоа македонскиот јазик го губи својството на најупотребуван јазик и останува единствено како средство за комуницирање меѓу македонското население, Од друга страна бегалскиот елемент што беше колонизиран во Егејска Македонија, по селата, станувашe средство за прогонување на македонскиот јазик. Во услови кога македонскиот јазик бил забранет од страна на грчката држава и за секој збор македонците биле принудени

да пијат рицинус,[242] маџирите не малку пати следеа дали се зборува или не на македонски јазик. Дека ден од Македонците го научиле грчкиот јазик, тоа е факт, но не на штета на својот мајчин јазик. Потврда на тоа е фактот дека македончинињата што се иселија од Грција после граѓанската војна (1946-1949 година) во источноевропските земји, не го знаеле грчкиот јазик и го научиле од своите врсници Грци, со помошта на грчките школи што биле отворени и за што се залагаше посебно и самата КПГ. Од друга страна големото присуство на грчкиот јазик преку грчкиот и негрчкиот колонизиран елемент, донесе по себе на инфилтрирање на грчки зборови во македонскиот јазик и тие да добијат статус на природни македонски зборови.

Со сменувањето на етнографскиот лик во Егејскиот дел на Македонија, грчката буржоазија остварила и реализирала во практика еден дамнешен државен грчки политички интерес и ги прошири етничките граници длабоко во негрчки национални територии како Егејска Македонија и Западна Тракија.

## 2. Политичките последици на големата грчка колонизација

Политичките последици што настанаа по големата христијанска колонизација, се од непомала важност. Со колонизирањето на христијанскиот елемент, политичката реалност во Егејска Македонија и Грција зема нови аспекти, многу по различни од претходните и со тоа се влијае врз самата суштина на македонското национално прашање.

Сменувањето на етничкиот состав на Егејска Македонија природно донесе по себе една политичка поларизација и го

смени односот на политичките сили внатре во Грција како и надвор од неа. Со колонизирањето на христијанското население во Грција, во прв ред се зацврстиа буржоаските грчки партии и посебно Либералната Партија на Елефтерос Венизелос што бил и наречен татко на бегалците. Во Воденско на пример, целокупното христијанско население што беше колонизирано тука ги подржуваше единствено двете буржоаски партии: Народната партија (Лаико Кома)и Либералната партија (Филелефтеро Кома).[243] Колонизираното христијанско население ја одбегнуваше Комунистичката партија на Грција заради различни економски и политички причини. Тоа беше еден природен резултат на начинот на колонизирањето на големата бегалска христијанска маса. Големото мнозинство како што видовме беше колонизирано по селата ширум Егејска Македонија. Тука биле колонизирани 116.4о3 земјоделски семејсва со 43о.295 членови. Ова население беше економски фаворизирано од страна на грчката буржоазија. Тие добиваа од страна на грчката држава (преку политичките партии ) земја што изнесуваше 5оо.ооо хектари, куќи (93.549), разни материјали за конструкции во вредност од 25о.милиони драхми, и друга материјална помош чија вредност изнесуваше 1о5.954.73о драхми.[243а] Со тоа, колонизираното население добиваше еден нов малограѓански менталитет, кој е специфичен кај ненационално поробените селани. Неговите политички убедувања извираа од нивата (имот) и поминуваа преку нивата што ја добиле од страна на грчката држава во името на грчките политички партии.Од друга страна отворениот антимакедонизам на буржоаските партии и политиката за зачувување на грчкиот интегритет се сопаѓаше со економските

интереси на колонизираното население. Политиката на Коминтерна и на КПГ за "Независна и Обединета Македонија" го претворија селското христијанско колонизирано население во сигурна резерва и сигурен политички капитал за буржоаските партии. Прогресивните партии и особено КПГ ослабеа многу. КПГ, преку весникот Ризоспастис и списанието "Коминистики Епитеориси", се залагаше за заштита на економските интереси на мацирското население колонизирано во Грција и Егејска Македонија. Ова партија бараше намалување на даноците, земја за сите бегалци, една пох демократска даночна политика пропорционална со доходот, национализирање на монастирските имоти итн.[243в] Главно економските потреби на бегалското колонизирано население за кој се залагаше КПГ биле априори задоволени од страна на буржоаските партии и особено на Либералната партија. Затоа, врз економска основа, КПГ не можеше да постигне политички успеси. Заради тоа политиката на КПГ не наоѓаше разбирање кај колонизираното селско население. Истовремено КПГ не знаеше да го привлече ова бегалско христијанско население и тоа поради фактот дека неа разбрал суштината на македонското национално прашање во периодот 1924-1935 година. Со неговата политика за "Обединета и Независна Македонија" по нејзиниот карактер , не ги привлече од една страна бегалските маси и ниту македонското население што би било заинтересирано за една ваква политика. Со паролата за "Обединета и Независна Македонија" Комунистичката партија на Грција се изолира, ја уплаши селската негрчка христијанска маса и грчкото население од Егејска Македонија, грчкото јавно мнение и самата партија ќе пад-

не во тешка политичка криза. Со оваа политика во Егејска Македонија не се сложуваа 43о.295 колонизирано земјоделско население врз основа на имот и куќа, 53.356 Грци дојдени во Егејска Македонија со внатрешната колонизација и што биле воспитани во духот на "Големата Идеја",25.291 бегалско население колонизирано во градовите и со интелектуални занимања и 236.755 Грци што живееле во Егејскиот дел на Македонија пред 1913 година и имале силно антимакедонско чувство. Тоа значи дека скоро 1.ооо.ооо од вкупното население на Егејска Македонија од 1.415.ооо не се сложуваа со оваа политика на КПГ за рашавање на македонското национално прашање. Една верна слика дава Јанис Кордатос, директор на весникот "Ризоспастис", кој вака ја опишува состојбата на КПГ за овој период кога оваа партија се залагаше за "Обединета и Независна Македонија". "Оваа политика, пишува тој, и го зададе на партијата последниот удар. Таа се растури и ликвидира ...".[244] Колонизирањето на христијанското население во Егејска Македонија влијаеше врз ставот на КПГ и нејзината политика врз македонското национално прашање. На VI 6 конгрес на КПГ кој се одржа во декември 1935 година, партијата, наместо паролата "Обединета и Независна Македонија" ја прифати политиката за полна рамноправност на малцинствата во Грција зашто "... дел од Македонија што ја држи Грција е населен со грчкомацирско население. Населението во грчкиот дел на Македонија по своето мнозинство денеска е грчко ...".[245] Со решението од декември 1935 година КПГ уште еднаш потврди дека не ја разбрал суштината на македонското национално прашање и во целиот период ова прашање ќе биде поставено врз непринципијална основа.

Од друга страна колонизирањето на бегалскиот елемент за КПГ донесе друга последица. Македонците веќе ќе станат славијано-македонци. Оваа промена на името не е случајна и има голема политичка позадина. Со тоа на македонскиот народ му се одзема националниот белег, историското и територијалното име што произлегуваше од територијата на која живееше и на која имаше историско и морално право и беше крстена со името "слевијано-македонци". Од друга страна грчкиот и негрчкиот бегалски елемент од "просвингес" (бегалци) за КПГ го добиваат името "Елино-македони"(грко-македонци). Со тоа бегалското христијанско население добива државлеанство врз територијата во која живееше, му се негираше на Македонците посебната национална припадност и со тоа ја прифатија теоријата дека името Македонија-Македонци немало националег белег, Со овие промени за КПГ не постојат Македонци, туку славијано-македонци, грко-македонци, власо-македонци и Македонија е територија каде живејат Грци,Власи и Славијано-Македонци, со што Македонија добива географски карактер и губи многу од нејзиниот етнографски македонски карактер. Со тоа Комунистичката Партија на Грција ги заштитуваше најсуштинските интереси на грчката нација, стана исто така патриотска како било која друга грчка буржоаска партија и се убеди дека македонското прашање е во контрадикција со најсуштинските грчки национални интереси и спрема ова прашање ќе се постапува и гледа низ грчките интереси.Со тоа оваа партија се оддалечува од марксистичката наука за принципијално постапување и решавање на македонското национално прашање и дава редок пример како не треба да се решаваат националните прашања. И покрај погрешната прин-

ципијална политика на КПГ спрема македонското национално прашање, македонското население од Егејска Македонија, поради тешките економски услови во кој живееше и како резултат на грчката колонизација, се преориентира на лево и стана најлевичарско и истовремено најпрогресивно население. Македонците, со негласање во изборите за партијата на Елефтерос Венизелос, го го изразуваа својот револт против оваа партија што тие ја сметаа виновна за сите нејзини тешкотии. Поради тоа КПГ ке биде подржана од страна на македонските маси и посебно ваква подршка ке биде поголема кога ке се создаде ВМРО (обединета). Со тоа Македонците масовно ке се вклучат или ке ја подржуваат оваа организација како најблиска и кои најдобро ја сфаќаа македонската трагедија. Тоа потврдува и Андреј Чипов, еден од раководителите на ВМРО (обединета) во Егејска Македонија, со писмо што го испрати до раководството на ВМРО (обединета) во Виена, во кое вака ја опишува политичката состојба во Егејска Македонија: "Успеавме да организираме бази во Костурско, Леринско, Воденско, Солунско, Лагада, Кукуш, Серес и Драма" и "... во гореспоменатите окрузи имавме 17 организации со 893 члена...".[246]

Колонизирањето, покрај внатрешните политички последици (социална стабилност за грчката држава, засилување на буржоаските партии), имаше и пошироки (балкански) политички последици. Тоа се гледа во прв ред од фактот дека мнозинството од колонизираното население беше колонизирано во Егејска Македонија. Тука биле колонизирани 618.499 лица. Ова население, според своето чувство и материјалните привилеги што ги уживаше, живо беше заинтересирано за безбедноста и особено за интегритетот на

грчката држава. Тие тука, како добро констатира Жак Ансел, "... ставија бродирани пердиња во прозорците ... и идејата за стабилност беше силно присутна".[247] Ова идеја за стабилност и чувство на сигурност кај мацирското население беше создадено од страна на грчката држава преку начинот како беше колонизирано ова население по територијата на Егејска Македонија. Колонизирањето во источните и централните делови на Егејска Македонија имаа, покрај национален имале и политички карактер. Во Западна Македонија колонизацијата имаше повеќе национален карактер и беше помалку создадена од политички сметки. Во Источна и Централна Егејска Македонија биле колонизирани вкупно 550.907 колонисти а во западна Егејска Македонија (Леронско, Костурско, Кожани) биле колонизирани 67.310 колонисти. Едно вакво нерамно колонизирање на христијанскиот елемент произлегуваше од односите и ставот на грчката држава спрема соседните балкански држави и односот на балканските држави спрема грчкото кралство а потоа спрема грчката Република. Грчката држава сметаше дека поради заедничките политички интереси во однос на Македонија и Балканот со Југославија, посериозна опасност за грчката држава не доаѓаше од Југославија што нееднаш ги покажа нејзините прогрчки чувства во балканската политика во периодот меѓу двете светски војни. За Грција опасноста доаѓаше од Бугарското кралство и затоа во Централна и Источна Егејска Македонија што се граничеа со Бугарија, политиката на терор над македонското население "за доброволно иселување" беше поголем и тука беше колонизирано најбројното христијанско население. Во источните делови на Егејска Македонија беа колонизирани према самата граница со Бугарија

2о.ооо семејства сите од Понд-Мала Азија.[248] Дека грчката држава обрнуваше големо внимание на северната граница спрема Бугарија, произлегува од фактот дека големото бегалско население беше колонизирано во источните региони на Егејска Македонија. Ако кај Западна и Централна Егејска Македонија, што се граничеше со кралството СХС, домородното население беше во мнозинство во однос на колонизираното население, во Источна Егејска Македонија, колонизираното население беше во мнозинство во однос на домородното. Во Драмско, Серско и Кавалско, колонизираното население изнесуваше 22о.735 спрема 192.7о7, на домородното грчко, македонско, влашко и ромско население. Во Западна Македонија биле колонизирани 67.31о колонисти, а тука домородното население изнесуваше 224.733 жители.Но се забележува уште еден феномен од не мала важност што ги потврдува јасно политичките намери на грчката држава. Во Егејска Македонија со една површина од 34.ооо км$^2$ биле колонизирани 565.143 бегалци. Исто така во Тракија која територијално беше по мала од Стара Грција (24.626 км$^2$), Пелопонез (21.о63 км$^2$), Тесалија (13.973 км$^2$), Епир (9.о94 км$^2$), Егејските Острови (9.о8о км$^2$),[249] биле колонизирани 1оо.485 бегалци. Значи на една територија од 42.487 км$^2$колку изнесуваше Егејска Македонија и Тракија биле колонизирани 665.628 бегалско население, а истовремено на чисто грчка територија што изнесуваше 88.431 км$^2$ биле колонизирани 493.683 бегалско христијанско население. Со протерувањето на македонското население и колонизирањето на маџирското население, тоа донесе поголема безбедност за грчката држава. Со тоа се даде силен удар на комитското движење од Бугарија што ина-

ку можеше да дејствува во Вардарска Македонија (поради постоењето на македонското население), но не можеше да дејствува во Грција затоа што теренот веќе беше грчки и беше тешко да се опстане за било какво дејствување. Само две грчки колонии една Драма (Илидије) и една од Демир-Хисарско (Матница) се растуриле поради комитиските напади што му носеа големо зло и на самото македонско домородно население.[250] На 16 ноември 1925 година еден атентат во Лерин од страна на комитите имаше крвави последици за македонското население. Невини луѓе биле апсени. Едни биле обесени во Кожани, а другите биле осудени на тешки години затвор.[251] Ако кралството на СХС имаше тешкотии со пробугарското комитско движење на Тодор Александров и Ванчо Михајлов, кои искористувајки ја исто така антимакедонската политика на кралството СХС против Македонците во Вардарска Македонија, наоѓаше терен за дејствување под паролата за "Независна и Обединета Македонија", Грција беше обезбедена од новодојденото население. Зашт било каква комитска активност во Егејска Македонија наоѓаше отпор не само кај грчката војска, жандармерија, туку во прв ред кај бегалците што во пограничниот појас биле масовно колонизирани и оружени.[252] Со колонизирање на христијанскиот елемент и со добивањето на хектарот земја, ова население беше принудено и заинтересирано да се бори не само против комитските акции, туку против било какво политичко или идејно здружување што сметаше дека му ја загрозува неговата економска безбедност. Со колонизирањето во Егејска Македонија на христијанското население, се соз даде една човечка граница што во времето на отпорот против фашизмот ќе бидат искористени од буржоаските грчки партии и со

бегалското колонизирано население ќе се создадат реакционерните и антимакедонските вооружени формации ЕДЕС и ПАОК и др. Грчката држава се засили и во однос на балканските држави. Христијанската колонизација во Грција и Егејска Македонија, изјави некогашниот амбасадор на САД во Турција (Истамбул), М. Morgenthau придонесе многу за "... социјалната стабилност и мирот на Балканот".[253] Со решавањето на малцинскиот проблем со Турција и со зголемувањето на населението во Грција, посебно во северните делови, Грција се засили во однос на Бугарија како потенцијален агресор за грчкиот интегритет и даде исто така можност на грчко-турско зближување што се сопаѓаше со антиревизионистичките интереси на Југославија, Романија, Чехословачка, Турција, Франција и Англија и слабееше ревизионистическиот блок на Бугарија, Унгарија, Италија и Германија, што не одеше во корист на овие држави зошто и најмалото засилување на било која Версајска држава, заинтересирана за зачувањето на status quo во Балканот и Европа, ги слабееше истовремено шансите на ревизионистичките држави за ревизија на Версајскиот мировен договор. Затоа со колонизирање на грчкиот и негрчкиот елемент од Мала Азија, Европа, Америка, се сопаѓаше не само со националните интереси на грчката држава, туку се вклопуваше и со интересите на другите европски држави што побрзаа да ја финансираат и подржат оваа колонизација.

Покрај овие глобални политички успеси, колонизираното христијанско население (посебно земјоделското) и донесе на грчката држава и мали политички компликаци и тоа особено со соседите. Под притисок на селското колонизирано население, македонското население (главно земјоделско) беше принудено да емигрира

во соседните земји. Ово македонско иселено земјоделско население оставаше во Егејска Македонија земја, куќи, добиток и различен инвентар. Така се јави еден економски проблем чие решавање влијаеше врз политичките односи меѓу Грција, Србија и Бугарија. Од Егејска Македонија на пример се иселиле во кралството СХС 92 лица. Ова население главно беше колонизирано во Гевгелија и Дојран. Иселеното македонско население напушти имоти чија вредност изнесуваше 5.89о.ооо драхми. Југословенската влада, преку Министерството за надворешни работи, со писмото бр.21.136 од први ноември 1933 година, бараше паричен надомест од страна на грчката држава. 254а Паричниот надомест на грчката влада за имотите оставени од страна на македонците иселени во кралството СХС, изнесуваше 1.836.ооо динари. Југословенската влада , со желба да не ги компликува повеќе односите со Грција, беше задоволена и покрај фактот дека вредноста на имотите изнесуваше двојно повеке. Со писмото бр. 12.951 од 7 ноември 1934 година Министерството за надворешни работи го известува Министерството за земјоделие дека проблемот е веќе решен и неговото повторно постапување е непожелно. Ова економско прашање беше поставено од страна на југословенската влада за да постигне повеке политички резултати. Тоа јасно се гледа од фактот дека списокот испратен од грчките власти со иминијата на иселените македонци (писани на грчки) паралелно биле преведени на српски од страна на српските власти. Така на пример Дим. Русос беше наименуван Дим. Русовиќ, К. Арцалис станал К. Арцаилиевиќ, Георѓ Ковалис- Ѓорѓе Коваќевиќ итн. Со тоа српската влада сакаше да потврди дека иселеното население од Грција е српско и соодветно произлегува дека и територијата од каде потекнуваше тоа насе-

ление (Егејска Македонија) е српска. Од друга страна населението за кое се залагаше југословенската влада за да добие соодветниот паричен надомест за оставените имоти, ги добиваше со големо задоцнување. Затоа Министерството за земјоделие со писмото од 13 февруари 1933 година пратено до првиот министер на кралството СХС бара да се исплатат побргу парите на корисниците зашто "... тоа фрла една црна дамка врз нашата администрација." Но овие политички недоразбирања фрлаа привремена сенка врз југословенско-грчките односи и најсуштинските национални интереси на двете држави , барале добрососетски односи и секакво појавување на недоразбирања се решаваа бргу, без да остават по длабоки траги врз односите меѓу двете држави. Со тоа се отсрануваше можноста привремените политички и економски недоразбирања да бидат искористени од Бугарското кралство.

## 3. Економските последици на големата грчка колонизација

Колонизирањето на христијанскиот елемент во Егејскиот дел на Македонија донесе големи економски последици и ги засегна сите економски гранки на економијата како во Грција така и во Егејска Македонија. Со колонизирањето на бегалскиот елемент не се промени земјоделскиот карактер на Егејска Македонија, затоа што земјоделието остана и понатаму како главна економска карактеристика за оваа провинција. Но во самото земјоделство се забележуваат промени (пораст на работна рака), што влијаеле врз висината, квалитетот и начинот на работење на земјоделието. Прва карактеристика на земјоделието е проширувањето на земјоделските површини што биле наменети за разни земјоделски производи и посебно за жито. Со доаѓањето на колонистите и со добивањето на 562.921 хектари земја,[254] значително пораснаа земјоделските површини. Тоа порастнување се должи од една страна на претварање на пасиштата во обработливи површини, исушувањето на езерата и на поделба на манастирската земја која беше главно неискористена и затоа државата со законот од 1919 година, зеде дел од тие имоти за целите на колонизацијата.[255] Плодната земја, добра за обработка, изнесуваше во Егејска Македонија 4.216.236 стремата и со земјоделство се занимаваа 68,07% од целокупното население што живееше во Егејска Македонија. Главното селско колонизирано население се зафатило со одгледување на житарици (82.679 семејства), со тутунопроизводство се бавеа 15.561 семејства. Површините со овие две основни земјоделски култури осетно растат од една страна, а од друга страна растат и приходите. Така во периодот од 1923-1928 година, по колонизирањето на селското население, површините со житарици во Егејска Македонија растат на следниот начин:

Зголемувањето на обработливата површина со житарици во периодот 1923-1928 година.

| Година | Стремата | |
|---|---|---|
| 1923-1924 | 830.930 | |
| 1924-1925 | 1.370.195 | |
| 1925-1926 | 1.515.380 | |
| 1926-1927 | 1.452.474 | |
| 1927-1928 | 1.811.855 | 256. |

Истовремено со растежот на површините растеше и продуктивноста, но не адекватно и пропорционално со растежот на површините. Во истиот период, кога површините со житарици порасна од 830.930 на 1.811.855 стремата, на следен начин истовремено порасна и продукцијата на основните земјоделски производи:

Порастот на житарици во периодот 1924-1928 година кај бегалското селско земјоделско население.

| Видови производи (житарици) | 1924/25 | 1927/28 | |
|---|---|---|---|
| жито (пченица) | 34.252 тони | 44.980 тони | |
| јачмен | 31.079 " | 39.112 " | |
| пченка | 27.226 " | 20.476 " | |
| овес | 7.193 " | 15.517 " | |
| афион | 3.680 " | 8.400 " | 257. |

Покрај житарици, бегалското христијанско население му се посвети и на тутунопроизводството. Во Егејска Македонија биле колонизирани вкупно 15.561 тутунопроизводни семејства со 69.000 членови и тоа главно во Источна Македонија, Драмско, Серско, Кавалско и Демир-Хисарско.[258] Заради ваквото големо бројно засилување, продукцијата на тутун значително се зголеми. Од една страна порасна површините со тутун од 93.727 стремата колку што изнесува во периодот 1923-1924 година на 330.960 стремата во периодот 1927-1928 година.[259] Поради тоа и производството на тутун порасна во истиот период од 25.000 тони колку што изнесуваше во 1923-1924 година на 80.000 тони во периодот 1928-1929 година.[260] Зголемувањето на површините посејани со "најдобрите тутуни..."[261] ке предизвика хиперпродукција и во услови на светска капиталистичка криза (1929-1933), македонското тутунопроизводство ке влезе во сериозна криза со знатно опаѓање на цените и затворање за македонските тутуни на традиционално западно-европските пазари во Германија, Италија и САД. Една друга тешка економска последица, беше карактерот на монопол што го зеде тутунот во Источна Егејска Македонија и од тука карактерот на монокултура на земјоделието од Источна Егејска Македонија и што правеше од оваа провинција еден вид западна колонија и одговараше на економските потреби на големите сили.Во другите земјоделски гранки подгранки како што е: лозарството, овоштарството и живинарството, бегалскиот елемент не влијаеше многу врз економската состојба. Но се забележува еден феномен од не мала вредност, што влијае како сериозен фактор врз општата состојба на земјоделството во Егејска Македонија. Активното земјоделско колонизирано население

изнесуваше 82.679 со 343.000 члена.[262] И неговиот став спрема земјата во споредба со македонското земјоделско население, беше различен. И ако селското земјоделско население во Егејска Македонија изнесуваше 68,7% од целокупното население и беше на нивото на грчкиот земјоделски просек, сепак резултатите во земјоделието биле скромни и под можностите на бонитетот на земјата, бројноста на работната рака и поволните климатски услови. Селското население како што видовме изнесуваше 68,7%од цолокупното способно работно население и за многу од земјоделските бегалци тоа беше принудено занимање, нужно за опстанок без потребниот афинитет и познавања за земјоделските работи. Карактеризирајќи ја структурата на бегалското христијанско население што стоеше на располагање, членовите за сместување и колонизирање на бегалците го констатирале и следното: "Главната карактеристика беше огромното мнозинство на градскиот елемент пишуваат тие, во споредба со чисто селски елемент".[263] Од тоа произлегува дека мнозинството од бегалското население кое се врати од странство во Егејска Македонија имаше градски занимања и излезот за себе во условите на неразвиена индустрија, беше да се обезбеди со колонизација во селото. Затоа, покрај фактот што добивале квалитетно и селектирано семе, квалитетна земја и квалитетни (стручни) совети, кај мнозинството од бегалското селско колонизирано население не се забележуваше и немаше земјоделски афинитет и љубов кон земјата и нив ги правеше да бидат "астоѓорги" (градски земјоделци).Кај многу од овие градски земјоделци, градското чувство беше толку силно што "... вечер се враќа во град, а денот одеа на работа на поле..."[264] и секогаш кај нив беше живо присутна желбата да си

најдоа трајно решение далеку од земјата. Оваа преквалификувана градска работна рака во селска работна рака, сепак има големо влијание не само како што видовме врз ставот на колонистот во однос на земјата, туку и начинот на работење, резултатите, приходите итн. Така на пример, во Тракија, Друштвото на народите создаде една "... примерна колонија" со 10.000 бегалци што биле колонизирани во 15 села со квалитетна земја и со современ земјоделски алат, сепак приходите не биле "... многу големи".[265] Неговата присутност во економскиот живот на Егејска Македонија не беше симболична. Само во Западна Егејска Македонија од вкупно 15.500 земјоделски колонизирани семејства 50% биле сериозни земјоделци, 25% полуземјоделци и 25% чисто градски земјоделци и без најелиментарни знаења за обработка на земјата.[266] Непостоењето кај ова земјоделско население природна и духовна наклоност кон земјата, ке го претвори ова население во малку продуктивно и економски неефикасно. Разликите на начинот на работење меѓу домородното земјоделско население и бегалското земјоделско население што немаше никаква земјоделска наклоност, беше "... огромна и очевидна".[267] Тоа можеше да се види од продуктивноста на трудот, квалитетот и квантитетот на земјоделските продукти. Домородното земјоделско население, главно македонско, имаше поголеми резултати поради неговиот земјоделски карактер, земјоделски навики и чувство дека оваа земја е негова, чувство што не беше присутно кај бегалското земјоделско население и ја работеше земјата со чувство на страв дека работи нешто што не и припаѓа. Поради овие причини од вкупно 11 земјоделски култури што постоеле во Егејска Македонија во тој период, домородното насе-

ление постигнуваше на 6 култури поголеми резултати од бегалското население, кое било продуктивно во 5 култури и ако побројно и со бонитетот на земјата подобро.[268] Македонското домородно население, покрај влашкото, во споредба со бегалското население постигнуваше добри успеси и во сточарството и во производството на млеко и млечни производи. "... Најдоброто сирење и путер, пишува Димос Андреаду, е во Блаца, во Македонија ..."[269] и тоа беше произведено од домородното македонско и дел од влашко население. Дека бегалците немале земјоделски навики, произлегува и од фактот дека во Леринско, во првите години ова население го плаќаше македонското население да им ги обработи нивите и да ги запознае со основните елементи на селската работа.[270] Но со текот на времето, земјоделското бегалско население ќе се здобие со соодветни знаења и тоа ќе влијае врз продуктивноста и производството. Така во 1937 година производството на тутун во Егејска Македонија и Тракија изнесуваше 44.465 тони, што беше поголемо и претставуваше повеќе од половината од целокупното производство на Грција што изнесуваше 68.706 тони.[271] Но ова покачување не значи дека станува збор за некакво интензивно земјоделие, туку со доаѓањето на бегалците екстензивниот карактер на македонското земјоделие се засилува и покрај напорите на комисијата на Друштвото на народите која се стремеше, преку отворање на земјоделски курсеви, да оквалификува еден дел од земјоделското бегалско население.

Една друга економска последица беше и опаѓањето на сточарскиот фонд во Егејска Македонија и ликвидирањето на номадскиот живот што го практикуваше дел од влашкото население. Следната статистика јасно го потврдува тоа:

Бројот на добитокот во периодот 1914-1927 година.

| Видови | 1914 | 1923 | 1927 |
|---|---|---|---|
| волови(говеда) | 261.394 | 97.298 | 195.785 |
| коњи | 43.013 | 20.831 | 35.583 |
| овци | 1.650.421 | 974.768 | 1.530.528 |
| кози | 1.091.138 | 532.661 | 892.092[272] |

Тоа беше една природна последица на војните, на екстензивното земјоделство што се ширеше на штета на огромните пасишта и услови опаѓање на добитокот во Егејска Македонија. Само во еден релативно краток историски период се зголеми обработливата површина на земјата на следниот начин и тоа придонесе за опаѓањето (со намалување) на сточарскиот фонд во Егејска Македонија.

Порастот на земјоделските површини во периодот од 1923-1928 година.

| Година | Стремата |
|---|---|
| 1923 | 1.885.177 |
| 1924 | 3.313.101 |
| 1925 | 3.388.097 |
| 1926 | 4.161.704 |
| 1927 | 4.132.704 |
| 1928 | 4.204.179[273] |

Само бегалскиот селски колонизиран елемент што во периодот 1923-1924 година работеше 1.059.664 стремата, во периодот 1927-1928

година работливиот фонд порасна на штета на пасиштата, на 2.390.724 стремата.[274] Ова проширување на површината на обработливата земја донесе по себе трагични последици за целокупното домородно население. Со економското земјоделско проширување, бегалскиот христијански елемент не дозволуваше економско проширување на македонското население што беше и имаше сериозни и активни земјоделски навики и така ова население беше и национално потиснато и принудено да емигрира во градовите каде што асимилацијата беше брза, или беше принудено да емигрира во прекуокеанските земји. Тешки економски национални последици од проширувањето на грчкиот и негрчкиот елемент во Егејска Македонија претрпе и влашкото малцинство. Малубројно, овој елемент, по неговото занимање, (сточари) се зачува како етничка група во текот на вековите со својот мајчин јазик, со своите обичаи итн.Но во губење на пасиштата беше принудено да се преориентира економски, да се стабилизира некаде и со тоа неговото исчезнување и асимилирање стана прашање на време. За влашкото население економскиот удар беше силен. По повод посетата во Егејска Македонија, на известувачот на весникот "Ризоспастис", Н. Контос, влашкото население преку овој весник протестирало против тешката економска состојба во која се наоѓаше после доаѓањето на бегалците: "Ние сме 800 сточарски семејства,се плачеше еден Влав од Верија. Нашиот живот е неподнослив... ниту млекото, ниту волната, ниту јагнињата ни даваат можност да живееме... нема веќе за нас, брате, живот ...".[275]

Подобро ќе ги разбериме економските последици за сточарството во Егејска Македонија и состојбата на домородното население ако го спомениме и фактот дека за обезбедувањето повеќе

земја за бегалското население, грчките власти "... во многу села во Кукушкиот регион, бугарските (македонските м.б.) гробови ги претвориле во работлива површина".[276]

Индустријата и ако не беше основна гранка на економијата во Егејска Македонија, во периодот на колонизирање на грчкиот и негрчкиот христијански елемент, сепак се развиваа неколку гранки и тоа посебно во тутунската индустрија што ги преработуваше квалитетните тутуни од Серес, Драма, Кавала (Егејска Македонија) и Ксанти (Западна Тракија). Исто така текстилната индустрија која главно беше концентрирана во Солун, забележувал еден привиден пораст преку дојденото население и колонизирано во градот. Но тоа што реално се развива и претставува новина за економијата во Егејска Македонија и Грција е индустријата на ориентални килими и теписи. Многу од новодојденото население беше високо квалификувано (врз основа на долгата пракса) и произведуваше квалитетни килими што ги конкурираа традиционално веќе познатите по својот квалитет турски килими и биле многу барани во европскиот и вонеевропскиот пазар. Но килимарството не се разви во вистинско индустриско производство, туку имаше мануфактурен карактер со што правеше да биде многу ниска продуктивноста на трудот и килимите доволно скапи за домашниот купувач (поради слабата економска моќ) и да не играт улога за домашниот пазар. Новини се забележуваат и во изработката на грнчарството. Познатите гнчари од Ќутахија, техниката на нивното работење беше пренесена во Егејска Македонија (посебно во Солун и оваа економска гранка беше новина по нејзиниот квалитет и извезувана во странство. Овој индустриски и ако скромен развиток е специфичен и се забележува во цела Грција, со што расте и бројот

на работничката класа во Егејска Македонија така и во Грција. Само во периодот од 1917-1929 година бројот на индустриските пратпријатија порасна од 2.213 во 1917 година до 4.000 во 1929 година. Во истиот период бројноста на работниците порасна од 35.000 во периодот на 1917 до 11o.000 во 1929 година.[277] Но и во индустријата и во земјоделието, грчката влада водеше една дискриминаторска економска политика спрема македонското домородно население. Така во селета Волак и Ѓуренџик во сребро-оловите рудници не се примаше на работа македонско население. Истата дискриминација се правеше и во фабриките за тутун од Кавала и Драма.[278] Но овој индустриски развиток на Грција и посебно Егејска Македонија не беше одраз на внатрешен економски развиток не беше резултат на силна и динамична економика кој со своите сопствени средства обезбедуваше проширена економска репродукција. Поради карактерот на индустријата во Егејска Македонија (тутунска, текстилна)таа не беше во состојба да ја обезбеде ни простата (едноставната) репродукција поради слабото производство, старите машини и неквалификувана работна рака. Акумулациите за репродукција на индустријата во Егејска Македонија не беше резултат на висока продуктивност на трудот, зашто таа не можеше да се реализира врз основа на неквалификувана работна рака. Затоа овој развој што се забележува во периодот меѓу 1917-1929 година е создаден врз основа на увоз на капитал за да се обезбеди минимална акумулација, проста репродукција и вработување на бегалското градско население за да не паднат под влијание на секакви политички струи. Затоа овој индустриски развој во Егејска Македонија, "...овој

просперитет е површински ..."[279] И покрај овие последици што ги имаше грчката колонизација врз економскиот живот на Егејска Македонија, можеме да заклучиме дека таа донесе економска стабилност која му беше потребна на македонското стопанство и која се изразуваше преку опаѓањето на економската моќ на Солун и Кавала. Познато е дека Букурешкиот мировен договор, покрај политичката поделба на Македонија, донесе истовремено и една економска поделба. Економската поделеност на Македонија не се одрази негативно само врз Егејска Македонија, туку и Вардарска и Пиринска Македонија. Економското стопаство од Вардарска и Пиринска Македонија, неговите текови што природно требаше да се одвиваат преку Солун и Кавала, сега требаше неприродно да с преориентират спрема север. Од друга страна Солунското пристаниште го губеше природниот хинтерланд од кој и постоеше и економското опаѓање го чувствува не само Солун туку и Лерин, Воде Кукуш, Кавала, Серес од Егејска Македонија, Битола, Гевгелија од Вардарска Македонија, Петрич, Неврокоп од Пиринска Македонија. Со тоа опаѓањето на економската моќ и непостоењето на природниот хинтерланд и истовремено со опаѓањето на работната рака во Егејска Македонија поради војните (1912-1913, 1914-1918), протерувањето на македонското домородно активно и продуктивно население, економската моќ на Егејска Македонија всушност се парализираше. Затоа со колонизирањето на христијански ое елемент со колку поголема бројност ќе создаваше ефтина и многубројна работна рака во земјоделието, индустријата и трговијата и со тоа се создаваше една повисока продукција, се активираше економскиот живот и со тоа приморските градови како

Солун и Кавала ќе ја ублажуваа кризата создадена веднаш по Букурешкиот мировен договор. Со колонизирањето на 618.000 бегалско работоспособно население во Егејска Македонија, со неговото економско колонизирање, проширување на површините, растежот на индустријата, создаваше економска раздвиженост што со текот на времето се повеќе ќе се акцентира. Со неговото големо економско присуство, бегалскиот христијански елемент ја ублажи поделбата (економска) на Македонија што економски влијаеше врз Егејска Македонија и со тоа создаде услови за поефикасно и поекономско постоење на оваа провинција.

# З А К Л У Ч О Ц И

По Балканските војни (1912-1913) и со поделбата на Македонија (1913) се остварија плановите на соседните балкански држави (Грција, Србија и Бугарија), а со тоа беа создадени услови за колонизирање на Македонија.

